Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 336, 2 јануари 2024 година

јануари 2024 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**Р Е Ф Е Р А Т** ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРЕХРАНБЕНА ТЕХНОЛОГИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ **3**

**Р Е Ф Е Р А Т** ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДАГОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ НА НАСТАВНИЦИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ **16**

**Р Е Ф Е Р А Т** ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ НЕВРОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ **38**

**Р Е Ф Е Р А Т** ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОНКОЛОГИЈА (30220) - ЕДЕН ИЗВРШИТЕЛ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ **49**

**Р Е Ф Е Р А Т** ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ГЕРМАНИСТИКА И ГРАМАТИКА, СЕМАНТИКА, СЕМИОТИКА, СИНТАКСА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ **59**

**Р Е Ф Е Р А Т** ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДИЈАТРИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ **81**

**Р Е Ф Е Р А Т** ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ **94**

**Р Е Ф Е Р А Т** ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОНКОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ **103**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А** НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „РАЗВОЈ НА МАТЕМАТИЧКИ МОДЕЛИ ЗА ДИЗАЈН НА СИМЕТРИЧНИ И АСИМЕТРИЧНИ КОМПОЗИТНИ ДЕЛОВИ“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ФИЛИП КОЧОСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ **118**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А** НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ИСХОДИ НА МАЈКАТА И ДЕТЕТО - БРЕМЕНОСТ И ПОСТПАРТАЛЕН ТЕК КАЈ ПАЦИЕНТКИ ЗАРАЗЕНИ СО SARS-COV-2 ВИРУСОТ“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП ........ **123**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А** НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ВЛИЈАНИЕТО НА МЕНАЏМЕНТОТ НА ЗНАЕЊЕ ВРЗ ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА”, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ТОДОР БАДАРОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ **128**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А** НА РАКОПИСОТ „ДИНАМИЧКИ СИСТЕМИ” ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р БИЛЈАНА ЗЛАТАНОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ **137**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А** НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „БАНКАРСТВО“ ОД ПРОФ. Д-Р ЉУПЧО ДАВЧЕВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ **139**

**П Р Е Г Л Е Д** НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 3 И КАМПУС 4 ........ **143**

**П Р Е Г Л Е Д** НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА ........ **144**

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРЕХРАНБЕНА ТЕХНОЛОГИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1302-192/4 донесена на 222. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, одржана на 16.11.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област прехранбена технологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип во следниов состав:

- д-р Сања Костадиновиќ-Величковска, претседател (наставно-научна област прехранбено инженерство), редовен професор на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
- д-р Елена Јошевска, член (наставно-научна област прехранбена технологија), редовен професор на Факултет за биотехнички науки, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола;
- д-р Ацо Кузелов, член (наставно-научна област преработка на анимални производи), редовен професор на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“ на 26.10.2023 година и во предвидениот рок со комплетна документација се пријави кандидатката д-р Фиданка Илиева, вработена како вонреден професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Фиданка Илиева е родена на 4.11.1971 година во Скопје, каде што завршува основно и средно образование. По завршување на средното образование се запишува на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што по дипломирањето се стекнува со звање дипломиран инженер агроном. Во 2005 година, кандидатката се запишува на постдипломски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Катедрата за микробиологија на почви и води. Магистрира во 2008 година на тема „Примена на чисти култури микроорганизми во прочистувањето на отпадните води од колекторскиот систем Охридско Езеро“ со просечен успех 9,27. Во учебната 2009/2010 година кандидатката своето образование го продолжува на докторски студии на Универзитетот за прехранбени технологии во Пловдив, Р. Бугарија, на Катедрата за алкохолни и безалкохолни пијалаци, група Микробиологија на вино. На 21.11. 2013 година, Фиданка Илиева успешно ја одбранува докторската теза со наслов „Изолација и селекција на вински квасци од Тиквешкото виногорје и нивна примена за производство на регионални црвени вина“ и со тоа се стекнува со степен доктор по технички науки - прехранбени технологии.

Со Решение бр.14-14646/2 од 20.12.2013 година, дипломата од докторатот на Фиданка Илиева е нострифицирана од страна на Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Пред да ја започне својата академска кариера на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, кандидатката била ангажирана како наставник во ССДУ „Искра" - Штип.

Во 2009 година д-р Фиданка Илиева се вработува како помлад асистент на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Во 2012 година е избрана во асистент, а со Одлука бр. 1802-211/7 од 2.5.2014 година е избрана за доцент во наставно-научната област прехранбена технологија.

Со Одлука бр. 1302-75/6 од 12.3.2019 година е избрана за вонреден професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, за наставно-научната област прехранбена технологија.

Трудовите за избор во вонреден професор на д-р Фиданка Илиева се евалуирани и објавени во Универзитетски билтен бр.226 од 2019 година и истите не се земени предвид во овој Извештај.

**Општи услови за избор**

***Д-р Фиданка Илиева ги исполнува законските и подзаконските услови за избор во звање редовен професор и тоа:***

- Д-р Фиданка Илиева има научен степен доктор по прехранбени технологии;
- Со Одлука бр. 1302-75/6 од 12.3.2019 година е избрана за вонреден професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, за наставно-научната област прехранбена технологија;
- Има објавени најмалку шест рецензирани научни трудови во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавување на огласот за избор од соодветната област во меѓународни списанија или меѓународни научни публикации:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Ilieva, F.,** Kostadinovic Velickovska, S., Dimovska, V., Mirhosseini, H., Spasov, H. | Isolation of Saccharomyces cerevisiae yeast strains from Macedonian "Tikveš" wine-growing region and their impact on the organoleptic characteristics of Vranec and Cabernet Sauvignon wines. | Research Journal of Biotechnology, (2019)14 (6). pp. 100-110. ISSN 2278-4535; 0973-6263. | **0,233** |
| 2 | Kurt-Celebi, A., Hayirlioglu-Ayaz, S., Colak, N., Kostadinovik Velickovska, S., **Ilieva, F.,** Esatbeyoglu, T., Ayaz, Faik A. | Accumulation of Phenolic Compounds and Antioxidant Capacity during Berry Development in Black 'Isabel' Grape (Vitis vinifera L. x Vitis labrusca L.). | Molecules, (2020) 25. pp. 3845-3868. ISSN 1420-3049. | **3,267** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Dimovska, V., **Ilieva, F**., Kostadinovic Velickovska, S., Mihajlov, Lj., Kovacevik, B., Balabanova, B., and Arsova-Sarafinovska, Z. | Morphological and chemical assessment of juices and antimicrobial activity of peels from two varieties of pomegranates grown in the region of North Macedonia. | Research Journal of Biotechnology, (2021) 16 (5). pp. 133-139. ISSN 0973-6263 | **0,233** |
| 4 | **Ilieva F.,** Petrov K.., Kostadinovic Velickovska S., Gunova,N., Dimovska, V., Rocha Joao Miguel F. Esatbeyoglu, T. | Influence of Autochthonous and Commercial Yeast Strains on Fermentation and Quality of Wines Produced from Vranec and Cabernet Sauvignon Grape Varieties from Tikveš Wine-Growing Region, Republic of North Macedonia | Applied Science, (2021), 11 (13). P. 6135. ISSN 2076-3417 | **2,679** |

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Години на излегување на списанието** |
|---|---|---|---|---|
| 5 | **Ilieva, F**., Petrov, A., Kostadinovic Velickovska, S., Dimovska, V., Todevska, D., (2023) | The quality of red wine Vranec, Merlot and Frankovka fermented by commercial and bakers yeasts. | Journal of Agriculture and Plant Sciences (JAPS), 2 (1). pp. 41-47. ISSN 2545-4455 | 22 |
| **6** | Kostadinovic Velickovska, S., Arsevski,,Z., Dimovska, D., Ilieva, F., Kuzelov, A. (2021) | Total bacterial count, somatic cell count and presence of Aflatoxin M1 in raw milk from the “Ovce Pole” region, Republic of North Macedonia. | Journal of Agricultural and Plant Science-JAPS, 19 (2). pp. 19-25. ISSN 2545-4447 | 22 |

- Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик.

Кандидатката доставила сертификат за познавање на англиски јазик.

- Има објавено рецензиран универзитетски учебник на е-библиотека на УГД:

**Ф. Илиева (2023).** „Микробиологија на вино“, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN: 978-608-277-005-5, универзитетски учебник. http://e-lib.ugd.edu.mk/1155

**Посебни услови:**

- Ментор е на 10 одбранети дипломски трудови и член на повеќе комисии за одбрана на дипломски трудови;
- Ментор и член на Комисијата за оценка и одбрана на магистерскиот труд на кандидатот Антонио Петров;
- Учествува во научноистражувачки проекти (наведени подолу во извештајот);
- Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето (наведени во табела составен дел од овој извештај).

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

***Наставно-образовна активност***

Кандидатката д-р Фиданка Илиева во 2009 година се вработува како помлад асистент на Земјоделски факултет по предмети од областа на микробиологијата, во 2012 година е избрана во асистент, а со Одлука бр.1802-211/7 од 20.5.2014 година во доцент за наставно-научната област прехранбена технологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Со Одлука бр. 1302-75/6 од 12.3.2019 година, д-р Фиданка Илиева е избрана за вонреден професор во областа прехранбена технологија. Кандидатката д-р Фиданка Илиева во изборниот период, од 2019 година до денес, е ангажирана како вонреден професор за реализација на предавања и вежби по повеќе предмети на прв циклус студии на Земјоделски факултет при УГД – Штип, и тоа: Микробиологија (2+2+1), Микробиологија на храна (2+2+1), Преработки од грозје и овошје (2+1+1), Микробиологија на вино (2+2+1), како и на Технолошко-технички факултет по предметите Микробиологија (2+2+1) и Микробиологија на храна (2+2+1) на прв циклус студии.

Во периодот од 2019 година до денес, д-р Фиданка Илиева дала свој придонес во развојот и оспособувањето на млади кадри и соработници како:

- ментор на 10 одбранети дипломски трудови и член на повеќе комисии за одбрана на дипломски трудови;
- ментор и член на Комисијата за оценка и одбрана на магистерскиот труд на
- кандидатот Антонио Петров;
- претседател на Комисијата за оценка и одбрана на магистерскиот труд на кандидатот Бобан Малинов,
- претседател на Комисијата за оценка и одбрана на магистерскиот труд на кандидатката Моника Глигорова.

Во изборниот период, д-р Фиданка Илева е автор на еден универзитетски учебник и две монографии.

**Ф. Илиева (2023).** „Микробиологија на вино“, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN: 978-608-277-005-5, универзитетски учебник.

Универзитетскиот учебник „Микробиологија на вино“ е наменет за студентите на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип и опфаќа дванаесет поглавја во кои се опишани видови на микроорганизми што можат да се развиваат во суровините, помошните материјали, полуготови и готови производи во винарската индустрија. Исто така, во овој учебник се објаснети процесите од кои се добиваат различни типови вина и вински оцет, производствените соеви на квасци и бактерии, услови за нивно култивирање и постапка за нивно селекционирање. Потоа следат штетните микроорганизми во винарската индустрија, соодветните микробиолошки процеси и методите за борба против нив.

Учебникот е конципиран според Наставната програма по предметот Микробиологија на вино, кој се изучува на студиските програми на прв циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, а истиот е корисна литература и за студентите од втор и трет циклус.

**Автор на книги (монографии)**

1. Kostadinovic Velickovska Sanja, **Ilieva Fidanka**, Dimovska Violeta (2020) Quality of pomegranates from the region of North Macedonia. Monograph. Lambert Academic Publishing – LAP ISBN-10:620078728X ISBN-13:620078728X https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23958

Потекнувајќи од Иран и околината, калинките се одгледуваат илјадници години, но сè уште се сметаат за нови култури, иако добро забележани по античките намени и културното значење. Калинките содржат голем број функционални соединенија кои се одговорни за корисните здравствени својства. Полифенолните соединенија се првенствено одговорни за овие придобивки и вклучуваат фенолни киселини, флавоноиди (на пример, антоцијани) и танини. Овие соединенија покажаа ефекти во многу студии, вклучително и оние поврзани со кардиоваскуларни, антиинфламаторни, антиканцерогени и антидијабетични состојби. Цел на оваа студија беше квалитетот на сокот од калинка од две македонски сорти *карамустафа* и *хиказ.* Иако *карамустафа* е автохтона сорта калинка, морфолошките и хемиските параметри укажуваат на повисок квалитет на свежо цеден сок за сортата *хиказ*. Со исклучок на количината на органска киселина, особено јаболкова и лимонска киселина и вкупната количина на катехини, сите други хемиски параметри беа во корист на свежо цедениот сок од сортата калинка *хиказ.* Понатаму, нивото на антоцијаните беше значително повисоко кај оваа сорта калинка и беше во добра корелација со резултатите од нијансата и бојата на сокот. Статистички најзначајна разлика е добиена кај аскорбинската киселина која е четири пати поголема кај свежо цедениот сок од сортата калинка *хиказ*. Дополнително, варијацијата на елементарниот состав на овошните сокови од двете сорти може да се припише на разликата во сортата. Конечно, последниот параметар на оваа студија е антибактериска активност на екстракти од кора од двете сорти. Силната антибактериска активност против Staphylococcus aureus (ATCC 25923) беше значајна без статистички разлики помеѓу двете сорти.

2. **Ilieva, Fidanka** and Kostadinovic Velickovska, Sanja and Petrov, Kire (2023) Production of Red Wines. Working Paper. lieva, Fidanka and Kostadinovic Velickovska, Sanja and Petrov, Kire (2023) Production of Red Wines. Working Paper. LAMBERT Academic Publishing. Project ID: #237397 ISBN: 978-620-6-75259-2 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32276

Во последниве години, постои зголемен интерес кај научниците и производителите на вино за употреба на автохтони соеви на квасци во винопроизводството. Во ова истражување беа избрани автохтони соеви квасци со добри карактеристики, кои можат успешно да се користат во производството на вино. Ова ќе ја подобри биолошката разновидност во дадена област, ќе го збогати биолошкото наследство, кое е од суштинско значење за производство на вина од контролирано потекло, со типичен вкус и арома.

Два автохтони соеви квасец од видот *Saccharomyces cerevisiae* ,сој F-8 и F-78 (изолирани и избрани од Тиквешкиот регион) се инокулирани во вински шира од *вранец* и *каберне совињон*. Процесот на ферментација и квалитетот на произведените вина беа споредени со вината произведени од исти сорти грозје, но со комерцијален сој од квасец (D-80). Ферментацијата се изведува на 23-25°C во тек на 16 дена. Највисока содржина на алкохол е констатирано во ферментираното вино од сортата *вранец*, со автохтониот сој F-8 (14,96%), додека виното *каберне совињон* произведено со F-78 содржи најголемо количество алкохол (14,68%) за оваа специфична сорта грозје. За разлика од содржината на алкохол, виното *вранец* произведено со комерцијален квасец D-80 покажува најголема концентрација на вкупни фенолни соединенија (1450 mg/L) и вкупни антоцијани (572,1 mg/L), додека најниски концентрации се забележани во виното ферментирано од автохтон квасец, сој F-78 (1612 mg/L и 470 mg/L, соодветно).

***Научноистражувачка активност***

***Објавени научни трудови во последните пет години во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации:***

1. **Ilieva, F.,** Kostadinovic Velickovska, S., Dimovska, V., Mirhosseini, H., Spasov, H. (2019). Isolation of Saccharomyces cerevisiae yeast strains from Macedonian "Tikveš" wine-growing region and their impact on the organoleptic characteristics of Vranec and Cabernet Sauvignon wines. Research Journal of Biotechnology, 14 (6). pp. 100-110. ISSN 2278-4535; 0973-6263 **IF=0.233**

Во овој труд е проучена изолација на автохтоните квасци од 15 микрорегиони од Тиквеш. Морфолошката и физиолошката карактеризација е направена со цел да се утврди диверзитетот помеѓу примероците од *Saccharomyces cerevisiae* сојот. По извршената винификација, проучени се органолептичките особини на произведените вина од *вранец* и *каберне совињон* сорти на грозје. Вината произведени од автохтоните сорти на квасец покажаа драстично подобри органолептички особини во споредба со вината произведени со комерцијален квасец *Ziha* од истиот сој.

2. Dimovska, V., **Ilieva, F**., Kostadinovic Velickovska, S., Mihajlov, Lj., Kovacevik, B. (2019) Quality of pomegranate juice from "Hicaz" variety from North Macedonia with and without addition of sugar. In: Procedings Conference of Agronomy students with international participation, 14-16 Aug 2019, Cacak, Serbia.

Во овој научен труд, испитуван е ефектот на шеќерот врз квалитетот на сокот од калинка добиен со цедење на плодот од турската сорта *хичаз*. За таа цел, во еден дел од примероците со свежо цеден сок од калинка додаден е шеќер и направени се испитувања на вкупни феноли, органски киселини, антоцијани и катехини. Резултатите од испитувањата покажаа дека додавањето на шеќер во сокот има улога на конзерванс, бидејќи значително ја стабилизира бојата на сокот, односно ја одложува нејзината оксидација.

3. Dimovska, V., **Ilieva, F**., Kostadinovic Velickovska, S.,, Mihajlov, Lj., Kovacevik, B., Davitkovska Barbareeva, E. (2019) Impact of pasteurization on the quality of pomegranate juice from "Hicaz" variety from the region of North Macedonia. In: X International Scientific Agriculture Symposium "AGROSYM 2019", 3-6 Oct 2019, Jahorina, Bosnia and Herzegovina.

Целта на истражувањето во овој труд беше да се определи влијанието на пастеризацијата врз квалитетот на сокот од калинки од турската сорта *хичаз* одгледана на територијата на Република Северна Македонија. За таа цел, определени се количествата на лимонска киселина, вкупни антоцијани, катехини и фенолни соединенија. За сите определувани параметри со исклучок на карехините се добија значително повисоки концентрации во свежо цеден сок во споредба со пастеризиран сок од калинка. Разликата во количеството на лимонска киселина беше речиси двојно поголема во свежо цеден сок од калинка додека концентрациите на вкупни антоцијани во свежо цеден сок од калинка (598 mg/L) е значително повисока во однос на пастеризираниот (537 mg/L). Истата тенденција беше забележана и во концентрациите на вкупни полифеноли додека единствено концентрацијата на катехните во пастеризираниот сок од калинка беше поголема (50.1 mg/L) за разлика од свежо цеден сок (44.9 mg/L). Најголемо влијание пастеризацијата имаше на бојата на сокот. Во свежо цедениот сок доминираа светли тонови и жолта нијанса, додека во пастеризираниот сок доминираа темновиолетова и сина нијанса.

4. Dimovska, V., **Ilieva, F**. (2020) Agro-biological and technologiacal characteristics of ‘Rkatsiteli wine grape variety, growing in Tikves vineyards. Journal of Agriculture and Plant Sciences, 18 (1). pp. 9-13. ISSN 2545-4455

Во овој труд е направено испитување на сортата винско грозје *ркацители*. Во текот на период на истражувањето беа вклучени следните ставки: фенофази на развој, плодни на пупки, тежина на кластер (g), хемиски состав на шира од грозје (шеќер, вкупна киселина, pH) и хемиска анализа на виното. На врз основа на добиените резултати, можеме да заклучиме дека сортата *ркацители* спаѓа во групата на автохтони сорти (коефициент на плодност 1,10) со просечна тежина на кластерот од 235 g. Ширaното грозје содржи 223 g/L шеќер и 6,4 g/L вкупни киселини. Виното има средна содржина на алкохол (12,33% вол) и ниска содржина на редукционен шеќер (1,7 g/L), што се должи на селективното берење на грозје и технологијата на винификација (производство на вино).

5. Kurt-Celebi, A., Hayirlioglu-Ayaz, S., Colak, N., Kostadinovik Velickovska, S**.**, **Ilieva, F.,** Esatbeyoglu, T., Ayaz Faik, A. (2020) Accumulation of Phenolic Compounds and Antioxidant Capacity during Berry Development in Black ‘Isabel’ Grape (Vitis vinifera L. x Vitis labrusca L.). Molecules, 25. pp. 3845-3868. ISSN 1420-3049 **IF=3.267**

Промената на хемискиот состав и антиоксидативната активност во процесот на зреење на трпезното грозје (Vitis vinifera L. x Vitis labrusca L.) одгледувано во Турција во регионот на Црно Море беше предмет на испитување во овој труд. Трендот на зголемување на процентот на вкупни полифеноли, флавоноиди и антоцијани е проследен во текот на целиот процес на зреење. Малвидин-3-О-гликозид е најзастапениот антоцијани во лушпата 1.05–1729 mg/kg на свежо грозје. Во текот на процесот на зреење на грозјето количеството на сите проантоцијаниди се намалува. Во однос на вкупниот полифенолен состав и антиоксидативната активност, максимална зрелост оваа сорта на трпезно грозје покажува од средината на септември до средината на октомври.

6. Dimovska, V., **Ilieva, F.,** Kostadinovic Velickovska, S., Mihajlov, Lj., Kovacevik, B., Balabanova, B., Arsova-Sarafinovska, Z. (2021) Morphological and chemical assessment of juices and antimicrobial activity of peels from two varieties of pomegranates grown in the region of North Macedonia. Research Journal of Biotechnology, 16 (5). pp. 133-139. ISSN 0973-6263 **IF=0.233**

Во овој труд е определен хемискиот состав на сокот од две сорти на калинка *карамустафа* и *хицаз* култивирани во регионот на Кавадарци. Определени се органски киселини, шеќери, витамин Ц, вкупни феноли, катехини и антоцијани, како и разликите во морфолошките карактеристики на плодот. Свежо цеден сок од калинка од сортата *хицаз* беше четири пати побогат со витамин Ц во споредба со сокот добиен од автохтоната сорта на калинка *карамустафа*. Варијациите во составот на елементите определени со метода на индуктивно спрегната плазма (ICP-MS) покажаа значителна разлика во соковите од калинките од двете испитувани сорти. Силната антибактериска активност на екстрактите од кората од калинка спрема Staphylococcus aureus (ATCC 25923) не покажа статистички значајна разлика помеѓу сортите.

7. **Ilieva,** F., Petrov, K.,, Kostadinovic Velickovska. S.,, Gunova, N., Dimovska, V., Rocha Joao Miguel F. Esatbeyoglu, T. (2021) Influence of Autochthonous and Commercial Yeast Strains on Fermentation and Quality of Wines Produced from Vranec and Cabernet Sauvignon Grape Varieties from Tikveš Wine-Growing Region, Republic of North Macedonia. Applied Science, 11 (13). p. 6135. ISSN 2076-341 7 **IF=2.679**

Во овој труд е проучуван ефектот на ферментација на изолираните афтохтони квасци од Тиквешкиот регион (F-8 и Ф-78), инокуларини во ширата од сортата *вранец* и *каберне совињон*. Процесот на ферментација и квалитетот на добиените вина беше спореден со вино произведено од истите сорти на грозје со ферментација со комерцијален квасец Д-80 од истиот Saccharomyces cerevisiae соj. Ферментацијата се одвиваше во рок од 16 дена на температура од 23 до 25$^{0}$C. Вкупното количество на полифеноли беше значително поголемо во вината произведени од сортата *вранец* со максимална вредност во виното произведено со комерцијален квасец D-80 (1450 mg/L) и вкупни антоцијани (572 mg/L), додека најниски концентрации беа детектирани во вина произведени со автохотон квасец F-78 (1612 mg/L и 470 mg/L, соодветно). Максимален интензитет на боја имаа вината од сортата *вранец* ферментирани со автохтон квасец F-8.

8. Kostadinovic Velickovska, S,. Arsevski, Z., Dimovska, D., **Ilieva, F**., Kuzelov, A. (2021) Total bacterial count, somatic cell count and presence of Aflatoxin M1 in raw milk from the "Ovce Pole" region, Republic of North Macedonia. Journal of Agricultural and Plant Science-JAPS, 19 (2). pp. 19-25. ISSN 2545-4447

Во овој труд е проучувано присуство на вкупни бактерии, соматски клетки и присуство на афлатоксинот М1 во примероци од сурово млеко од Овчеполскиот регион на територијата на Република Северна Македонија. Присуството на бактерии е испитано во 1.320 примероци на сурово млеко, определување на соматски клетки е извршено во 478 примероци и додека идентификација и квантификација на афлатоксинот М1 е извршена во 60 примероци на сурово млеко. Резултатите од истражувањето недвосмислено покажаа дека присуство на соматски клетки беше во дозволени граници кај 95.5% од испитаните примероци додека присуството на афлатоксинот М1 беше над дозволените граници (0.58 мг/кг) во 2 примероци од вкупно 60. Во согласност со Европските регулативи за квалитет на сурово млеко, дури во 89.55% од примероците, количеството на присутните бактерии не ги задоволуваа стандардот поради лошата хигиена, несоодветно чување на млекото по молзењето и недоволна едукација на фармерите за одржување на правилна хигиена.

9. Petrov, A., **Ilieva, F.,** Kostadinovic Velickovska, S., Dimovska, V., (2022) Influence of indigenous and commercial yeasts on the production of red wine from Vranec, Merlot and Frankovka in Vinica wine region. 27 Savetovanje o biotehnologiji. ISSN 978-86-6253-022-6

Целта на истражувањето во овој труд беше влијанието на квасците врз производството на црвени вина од винскиот регион Виница. Истражувањето е спроведено на три сорти грозје, одгледувани на 3 различни микролокации, од кои секоја има своја уникатни карактеристики и различни надморски височини. Трите сорти грозје кои беа опфатени во ова истражување се: *вранец* (одгледуван во месноста Кршла, Виница, на надморска височина од 400 м), *франковка* (одгледана во месноста Балтаци, Виница, на надморска височина од 520 м) и *мерло* (одгледано во Драгобраште, Виница, на надморска височина од 540 м). Главната цел од истражувањето е да се дефинира ефектот на квасците кои се присутни во микрофлората на грозјето, споредбено со комерцијалните квасци од видот *Saccharomyces cerevisiae* врз квалитетот на младите вина.

10. Gjorgjievski, S., Nakov, D., Kuzelov, A., Todorovska, T., Ilieva, F., Vanevska, K. (2022) Feeding of lambs with improved pelleted feed. Journal of Agriculture and Plant Sciences, 20 (2). pp. 23-29. ISSN 25454447

Овој труд имаше за цел да го оцени ефектот од користење на две различни физички форми на исхрана (мелена мешавина за добиточна храна и мешавина за добиточна храна со пелети) врз перформансите на растот на гоење јагниња. Резултатите од АНОВА за перформанси на раст на јагнињата во зависност од физичката форма на исхрана укажуваат дека постоела статистички значајна разлика ($p<0.05$) помеѓу тест и контролни групи на јагниња во 5-та и 6-та недела од испитувањето за хранење. Овие резултати поддржуваат можност за користење на пелетирана храна при интензивно гоење на јагниња за подобрување на перформансите на растот, зголемување на просечната дневна добивка и намалување на времетраењето на периодот на гоење.

11. Angelkov, D., Dimovska, V., and Nikolov, E., **Ilieva, F.** (2023) Remote management in systems for irrigation of solar energy bunaries in the viticulture. Journal of Agriculture and Plant Sciences, JAPS, 21 (1). pp. 17-30. ISSN 2545-4447

Масовното производство со висококвалитетни сорти грозје, вино и трпезно, густо садење, употреба на ѓубрива, примената на наводнувањето и стекнувањето високи приноси придонесоа за интензивирање на условите за развој на болеста, развој на штетни инсекти и плевел. За таа цел мобилни соларни агрегати се многу погодени денес за земјоделство (лозарство, овоштарство, растително производство, градинарство, сточарство итн.), особено на оние локации каде што нема можност за достапност на напојување, но и во случаи кога имаме органско производство на храна, бидејќи ги задоволуваат и најстрогите еколошки стандарди.

Во поново време, денес, светот работи на интензивен развој и примена на мобилната соларна енергија генератори кои вклучуваат соларни системи за следење и тие наоѓаат примена во земјоделството.

12. **Ilieva, F.**, Petrov, A., Kostadinovic Velickovska, S., Dimovska, V., Todevska, D., (2023) The quality of red wine Vranec, Merlot and Frankovka fermented by commercial and bakers yeasts. Journal of Agriculture and Plant Sciences (JAPS), 2 (1). pp. 41-47. ISSN 2545-4455

Целта на ова истражување е утврдување на квалитетот на црвените вина од сортите грозје *вранец, мерло* и *франкова*, ферментирани со вински квасци од познатиот производител SELECTYS® LA DÉLICIEUSE и пекарски квасец засеан во сооднос од 0,25 g/L. Истражувањето е направено во текот на 2020 и 2021 година во Виничко виногорје. Трите сорти грозје се одгледувани на надморска височина од 400 до 520 m. Во однос на енолошките параметри, најголема количина на алкохол е измерена кај вината *мерло,* ферментирани со француски квасец (13,07%), кај сортата грозје *франковка,* ферментирана со пекарски квасец има голема концентрација на шеќер (9,71 g/L), а во виното од сортата *вранец* произведено со пекарски квасец киселост (7 g/L). Највисоката концентрација на испарливи киселини е утврдено кај виното од сортата *франка* ферментирано со англиски квасец SELECTYS® LA DÉLICIEUSE (1,58 g/L). Влијанието на винскиот квасец за количеството на одредени елементи беше статистички најзначајно за Fe57 во вината *мерло* и *вранец,* Cu65 во вината *франковка* и Pb208 во *мерло.*

***Трудови презентирани на научни собири со усна презентација или постер:***

1. Kostadinovic Velickovska, S., Dimovska, V., **Ilieva, F.**, Mihajlov, Lj., Kovacevik, B. (2019) Chemical composition, antiradical and antimicrobial activity of extracts and cold-pressed edible oils from Macedonian nutty fruits. In: 2ndInternational Meeting Agriscience & Practice, ASP 2019, 12 Apr 2019, Stip, North Macedonia.

2. Kostadinovic Velickovska, S.,, Arsevski, Z., **Ilieva, F.,** Dimovska, D., Kuzelov, A. (2021) Somatic cell count and presence of aflatoxin M1 in raw milk from the farms from Region "Ovče Pole", Republic of North Macedonia. In: 2nd Scientific conference for Critical environmental issues of the Western Balkan Countries, 28-30 Oct 2021, Stip, Republic of North Macedonia.

3. Petrov, A., **Ilieva, F.,** Kostadinovic Velickovska, S. (2021) Cannabis-wine, a new world trend or story with a quick end. In: 2nd Scientific conference for Critical environmental issues of the Western Balkan Countries, 28-30 Oct 2021, Stip, Republic of North Macedonia.

4. **Ilieva, F.**, Kostadinovic Velickovska, S., Dimovska, V., (2021) The impact of autochthonous and commercial yeast strains on fermentation and quality of wines produced from Vranec grape variety from Tikveš Wine-Growing Region, Republic of North Macedonia. In: 2nd Scientific conference for Critical environmental issues of the Western Balkan Countries, 28-30 Oct 2021, Stip, Republic of North Macedonia.

5. Kostadinovic Velickovska, S., Pljevljakusic, D., Arsov, E., Mitrev, S., Dimovska, D., Mihajlov, Lj., **Ilieva, F.** (2022) Chemical composition, antioxidant and antimicrobial effect of Lavandula essential oil used as a natural antioxidant for cold-pressed oils. In: 11th Conference on medicinal and aromatic plants of southeast European countries (CMAPSEEC), 6-10 Oct 2022, Ohrid, Republic of North Macedonia.

6. Petrov, A.**, Ilieva, F.**, Kostadinovic Velickovska, S., Dimovska, V. (2022) Влијание на начинот на ферментација врз квалитетот на црвените вина произведени од локалитетот Виница. In: III Студентска конференција „Критични прашања во земјоделството и животната средина", November 11, 2022, Stip, Republic of North Macedonia.

7. Kostadinovic Velickovska, S., **Ilieva, F.,** Dimovska, D. (2023) Chemical composition and antioxidant activity of XAD-7 extracts from lingonberry (Vaccinium vitis-idaea L.). In: 3rd International Meeting Agriscience & Practice, 19-20 Apr 2023, Stip, Republic of North Macedonia.

8. Todevska, D., Kostadinovic Velickovska, S., Iljovski, I., Kovacevik, B., **Ilieva, F.,** Crvenkovski, M. (2023) Introduction and determination of new tomato hybrids. In: 3rd International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2023), 19-20 Apr 2023, Stip, Republic of North Macedonia.

9. **Ilieva, F.,** Petrov, A., Kostadinovic Velickovska, S., Dimovska, V., Todevska, D. (2023) Quality of red wines from Vranec,Merlot and Frankovka grape varieties ermented by two diferent yeast strains. In: 3rd International Meeting Agriscience Practice 19-20 Apr 2023, Stip, Republic of North Macedonia.

10. Dimovska, V., **Ilieva, F.,** Kostadinovic Velickovska, S., Mihajlov, Lj., Kovacevik, B., Davitkovska Barbareeva, E. (2019) Impact of pasteurization on the quality of pomegranate juice from "Hicaz" variety from the region of North Macedonia. In: X International Scientific Agriculture Symposium "AGROSYM 2019", 3-6 Oct 2019, Jahorina, Bosnia and Herzegovina.

11. Dimovska, V., **Ilieva, F.,** Kostadinovic Velickovska, S., Mihajlov, Lj., Kovacevik, B. (2019) Quality of pomegranate juice from "Hicaz" variety from North Macedonia with and without addition of sugar. In: Procedings Conference of Agronomy students with international participation, 14-16 Aug 2019, Cacak, Serbia.

12. Panovski, K., Dimovska, V., **Ilieva, F.,** Mindev, D. (2019) Agro-biological and technological characteristics of Rkatsiteli wine grape variety, grown in Tikveš vineyards. In: II International Meeting Agriscience & Practice (ASP 2019), 12 Apr 2019, Stip.

13. Kostadinovic Velickovska, S., Dimovska, V., **Ilieva, F.,**Mihajlov, Lj., Kovacevik, B. (2019) Chemical composition, antiradical and antimicrobial activity of extracts and cold-pressed edible oils from Macedonian nutty fruits. In: 2ndInternational Meeting Agriscience & Practice, ASP 2019, 12 Apr 2019, Stip, North Macedonia.

Д-р Фиданка Илиева во изборниот период својот придонес за развој на научноистражувачката и високообразовната дејност во земјава и во странство го остварила преку активностите:

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

- Рецензент на ракописи доставени од меѓународните списанија:
- Journal of Agriculture and Plant Sciences (2023)
- Journal BIO Web of Confrences (2023)
- Рецензент на универзитетски учебник:
- Универзитетски учебник „Одредување на квалитет на храна“ од авторите Сања Костадиновиќ-Величковска, Дарко Андроников и Душица Санева (2019).
- Член на Организациски одбор на 2nd International Meeting Agriscience & Practice, 12.4.2019, Штип, Република Северна Македонија.
- Член на Организациски и Научен одбор на III Студентска конференција „Критични прашања во земјоделството и животната средина“, Штип, Република Северна Македонија, 11.11.2022 Штип, Република Северна Македонија.
- Член на Научен одбор на IV Студентска конференција „Критични прашања во земјоделството и животната средина“, Штип, Република Северна Македонија, 9.11.2023 Штип, Република Северна Македонија.

***Учество во научноистражувачки и апликативни проекти***

Покрај активната вклученост во наставата, учесник е и во научноистражувачки проекти:

1. Виолета Димовска, **Фиданка Илиева**, Љупчо Михајлов и Сања Костадиновиќ-Величковска. Биоактивни компоненти, антиоксидантна и антимикробна активност на екстракти од овошје и мента (позиција – истражувач) (2017-2019), (научноистражувачки проект финансиран од УГД);
2. **Ilieva, Fidanka** and Zlatkovski, Vasko (2021) Нова технологија за сушење на органски јаболков чипс во сушара „ST 200“, Иновациски ваучер финансиран од Фонд за иновации и технолошки развој ФИТР (главен истражувач).

***Член на универзитетски или факултетски органи и комисии и владини тела:***

- Член на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, УГД – Штип во периодот 2019/2020 – 2022/2023;
- Член на комисијата на Земјоделски факултет за уписите од прв циклус студии за академската 2019/2020 (Одлука бр. 1302-123/8 од 12.6.2019) во Наставен центар Кавадарци при УГД - Штип во трите уписни рокови;
- Член на комисија за избор на декан на Земјоделски факултет (Одлука бр. 1302-123/4 од 12.6.2019 г.);
- Член на Комисија за самоевалуација на Земјоделски факултет (Одлука бр.1302-130/5 од 25.8.2021 г.);
- Член на Комисија за избор на продекан на Земјоделски факултет (Одлука бр.1302-148/4 од 26.9.2022 г.);
- Член на Комисија за спроведување на Попис на основни средства и ситен инвентар (Одлука бр.0201-641/38 од 1.11.2021 г.) на Земјоделски факултет;

- Ментор на генерација за студентите запишани во академската 2021/2022 г. (Одлука бр. 1302-137/8 од 5.10.2021) во Штип;
- Сенатор од Земјоделски факултет во Сенатот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип со мандат од 27.4.2022 до 26.4.2025 г., Одлука 0201-325/3, 27.4.2022 г.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование на Република Северна Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 82/18) и Правилникот за критериуми и постапка за избор на наставно-научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и распишаниот Конкурс, а врз основа на севкупната активност и постигнатите резултати на кандидатката вонреден професор д-р Фиданка Илиева, Рецезентската комисија констатира дека кандидатката вонреден професор д-р Фиданка Илиева ги исполнува критериумите за да биде избрана во звање редовен професор. Кандидатката вонреден професор д-р Фиданка Илиева во својата наставно-образовна, научноистражувачка и стручна работа од областа прехранбена технологија има постигнато забележителни резултати.

Поради претходно наведеното, Рецезентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет кандидатката вонреден професор д-р Фиданка Илиева да се избере во звање **редовен професор** за наставно-научната област прехранбена технологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Сања К. Величковска, редовен професор, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, претседател, с.р.

Д-р Елена Јошевска, редовен професор, Факултет за биотехнички науки „Св. Климент Охридски“ - Битола, член, с.р.

Д-р Ацо Кузелов, редовен професор, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Избор во звање вонреден професор | 40 | | | | 40 |
| | **ВКУПНО (НО)** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| **1.** | Монографија или научна книга | | | 2 | 15 | 30 |
| | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) бр.(1,5,6,7)<br>прв автор: 1,7<br>втор автор: 6<br>останати автори: 5 | | | 2*15<br>1*10<br>1*5 | 30<br>10<br>5 | 45 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br>трудови бр. (4,8,10,11,12)<br>прв автор: 12<br>втор автор: 4<br>останати автори: 8,10,11 | 1*9<br>1*6<br>3*3 | 9<br>6<br>9 | | | 24 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>трудови во странство (2,3,9) | | | 3 | 3 | 9 |
| | Учество на научен собир со реферат (постер/усно)<br>во земјава: (1,2,3,4,5,6,7,8,9,12,13)<br>во странство: (10,11) | 11*1 | 11 | 2*1,5 | 3 | 14 |
| | Учесник во научен проект (максимум во три проекти | 1 | 2 | | | 2 |
| | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | 3 | 1 | | | 3 |
| | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 1*2 | 2 | 1*5 | 5 | 7 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **134** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Книга/учебник | 1 | 10 | | | 10 |
| | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 1 | 5 | | | **5** |
| | Член на универзитетски или владини тела | 1 | 5 | | | **5** |
| | Член на факултетски орган, комисија | 6 | 2 | | | 12 |
| | Класен раководител, согласно со Кредит-трансфер системот - ЕКТС (за четири години) | 1 | 4 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **36** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **210** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДАГОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ НА НАСТАВНИЦИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1602-139/3 донесена на 189. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, на 31.10.2023 година определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник за наставно-научните области *педагогија* и *образование на наставници* на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- д-р Соња Петровска, редовен професор на Факултет за образовни науки при УГД – Штип (претседател);
- д-р Кирил Барбареев, редовен професор, на Факултет за образовни науки при УГД – Штип (член);
- д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, редовен професор на Факултет за образовни науки при УГД – Штип (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 17.10.2023 година и во предвидениот рок се пријави д-р Деспина Сивевска.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Вонреден професор **д-р Деспина Сивевска** е родена на 12.3.1978 година, во Штип, Р Македонија. Основно и средно (УМЦ „Јане Сандански) образование завршува во родното место со континуиран одличен успех. Во учебната 1996/1997 година се запишува на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ - Штип, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Студиите ги завршува во 2000 година со просечен успех 8,55 и се стекнува со академско звање - **дипломиран професор по одделенска настава**. Истата година д-р Деспина Сивевска се запишува на постдипломските/магистерските студии на Институтот по педагогија при Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Испитите ги положува со просечен успех 8,90. На 24.10.2007 година ја одбранила својата магистерска теза на тема „*Јавната и културната дејност и мултикултурализмот*“ под менторство на проф. д-р Марија Костова со што се здобива со звање - **магистер по педагошки науки**.

Понатамошното усовршување и истражување во областа на педагогијата кандидатката го продолжува на докторските студии на Институтот по педагогија, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. Под менторство на проф. д-р Марија Костова во 2009 година прифатена е тема за изработка на докторска дисертација со наслов „*Емоционалната клима и однесувањето на учениците во училиштето*“. На 13.3.2012 година д-р Деспина Сивевска го одбранила својот докторски труд и се стекнуваа со звање - **доктор по педагошки науки**.

Универзитетската кариера, д-р Деспина Сивевска ја започнува во 2007 година, на Педагошкиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип како соработник - асистент. Во 2011 година таа е реизбрана во истото звање – асистент за наставно-научните области Педагогија и Образование на наставници. Во 2014 година е избрана во звање доцент за наставно-научните области педагогија и образование на наставници, а во 2019 година е избрана во звање вонреден професор. Во периодот од мај 2014 г. до септември 2019 г., д-р Деспина Сивевска била продекан на Факултетот за образовни науки. Во моментот таа работи како вонреден професор на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Во текот на универзитетската кариера кандидатката работи и на својот професионален развој преку посетување на завиден број на сертифицирани обуки во полето на образованието. Го владее англискиот јазик и поседува напредни познавања на компјутерските програми и алатки за учење на далечина, потребни за изведување на настава, работа со студенти и научноистражувачка работа.

Д-р Деспина Сивевска е автор на повеќе научни и стручни трудови од областа на педагогијата во кои посебен акцент се става на проучување на проблеми поврзани со професионалниот развој на наставниците и воспитувачите, педагошко-организациската работа на предучилишните установи, слободното време на децата и младите, инклузивното образование. Автор е на еден учебник и неколку учебни помагала (практикуми и скрипти) за потребите на студентите на Факултетот за образовни науки.

Во текот на академската кариера д-р Деспина Сивевска активно учествува на научни и стручни расправи, симпозиуми, собири, конференции, семинари, промоции, обуки, презентации, работилници, трибини, тркалезни маси и јавни дебати од различни области на образованието, детално наведени во професионалното портфолио доставено во прилог на биографијата.

Кандидатката е член на домашни и меѓународни уредувачки одбори на списанија, организациски одбори на конференции, рецензент во повеќе домашни и меѓународни списанија.

Била ментор на дипломски и магистерски трудови и член на комисии за одбрана на дипломски, магистерски и докторски трудови.

Во рамки на Темпус проектот JEP 40200-2005, д-р Деспина Сивевска има реализирано студиски престој на Универзитетот во Гронинген, Холандија. Во периодот од 9 до 13 мај 2022 г., во рамките на програмата Еразмус + мобилност на наставничкиот кадар има реализирано и еразмус мобилноста (Erasmus+ staff teaching mobility) на Konstantin Preslavski University of Shumen, Faculty of Education, Bulgaria.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот при избор во звање редовен професор***

**Општи услови за избор**

1. Кандидатката д-р Деспина Сивевска има завршен прв циклус на студии со просечен успех 8.55 и стекнато звање дипломиран професор по одделенска настава. Постдипломски/магистерски студии има завршено со просечен успех 8.90 и стекнато звање магистер по педагошки науки.

2. Деспина Сивевска е доктор на педагошки науки, степен стекнат на Институтот по педагогија, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

3. Кандидатката д-р Деспина Сивевска е избрана за вонреден професор за наставно-научните области педагогија и образование на наставници, со Одлука бр. 1602-64/11 на 130. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 23.4.2014 год.

4. Покажува способност за наставно-научна и педагошка дејност. Реализира настава (предавања и вежби) на првиот и вториот циклус на студии, член е на комисии за изработка на студиски програми, ментор е на дипломски и магистерски трудови, истражува и популаризира резултати од областите во кои е избрана. Била вклучена во проектни активности наменети за студентите и во обуки за наставници.

5. Кандидатката има објавено најмалку шест рецензирани научни труда во референтни научни публикации во последните пет години пред објавувањето на огласот за овој избор, согласно со Законот за високо образование по кој е распишан овој Конкурс:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Наслов на публикацијата | година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Sivevska, D., Runceva, J. | Students' opinions and views on inclusive education | Pedagoška stvarnost, Časopis za školska i kulturno-prosvetna pitanja, God. 69 Br. 1 | 2023 |
| 2 | Sivevska, D. | Programs for educational work of pre-school institutions in Republic of North Macedonia | Vospitanie – International Journal, Vol. 18 No. 1 | 2023 |
| 3 | Sivevska, D., Popeska, B. | The need of integrational and correlation relations in teaching with emphasis of subject content from mathematics and physical education | International Scientific Conference "Modern Trends of Physical Education and Sport", 6. 10. 2023, Sofia, Bulgaria | 2023 |
| 4 | Sivevska, D., Runceva, J. | Organizational culture and climate in the pre-school institution, | Knowledge-International journal, 57 (2). pp. 293-300. ISSN 1857-923X | 2023 |
| 5 | Runceva, J. Sivevska, D. | Historical development of preschool education in the Republic of North Macedonia | Vospitanie – International Journal, Vol. 17 No. 1 | 2022 |
| 6 | Sivevska, D., Runceva, J. | Management in preschool institution | Knowledge – International Journal, Vol. Vol.51 | 2022 |
| 7 | Runceva, J. Sivevska, D., Petrovska, S. | Why is it good to be a part of the teaching profession? | Journal of the Department of pedagogy, Faculty od Philosophy, Novi Sad, Department of Pedagogy | 2022 |
| 8 | Petrovska, S. Sivevska, D., Runceva, J. | School inclusion of gifted children | International scientific conference "Affective personality dimensions and giftedness fullfilment", Vrsac, Serbia | 2022 |
| 9 | Popeska, B., Sivevska, D., Gregoric, J., Ignatov, G., | Leasure time sport activities among students at teaching faculties across three countries | Activities in physical education and sport (APES), International Journal of Scientific and Professional issues in Physical Education and Sport, Vol. 12, No. 2 | 2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10 | Sivevska, D., Popeska, B., | Oppinions of students for their sport activity during covid-19 pandemic-case of students from Teaching faculty in Stip | Pedagogy, 92 (7s), 220-231, AZ-BUKI, Sofia | 2020 |
| 11 | Sivevska, D., Petrovska, S. Runceva, J. | Organization and Realization of Practical Teachings at the Faculty of Educational Sciences in Stip – Students' Views | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 48 (7). pp. 197-207. ISSN 2307-4531 | 2019 |
| 12 | Petrovska, S. Sivevska, D., Runceva, J. | Teacher views about establishment and functionality of the system of professional development of teachers in Republic of Macedonia | 57th Science Conference of Ruse University, Bulgaria | 2018 |
| 13 | Kvesić, M., Popeska, B., Sivevska, D., Ignatov, G., Gregorc, J., | Differences in leisure-time activities among students from four different countries (Razlike v preživljanju prostega časa med študenti štirih držav) | Revija Šport, Letnik LXVI, Leto 2018, Univerzitet u Ljubljani, Fakulteta za šport | 2018 |

**Посебни услови**

Во текот на својата универзитетска кариера д-р Деспина Сивевска има учествувано во неколку научноистражувачки проекти и проектни активности.

Во рамки на *Темпус проектот ЈЕР 40200-2005* чиј носител е Педагошкиот факултет во Штип, а во соработка со Педагошкиот факултет во Скопје и Универзитетот за Југоисточна Европа, кандидатката има реализирано студиски престој на Универзитетот во Гронинген, Холандија (во периодот од 18 до 28 јануари 2009 година) (Одлука бр. 2102- 33/7 од 10.2.2009 г.). Основна цел на посетата била анализа на педагошката практика во основни училишта и предучилишните установи.

Во 2011 година била дел од обуката за изготвување на национална програма за професионален развој за ран детски развој организирана од страна на УНИЦЕФ. Посетувала семинар за стекнување на знаења и вештини за развој на социјални вештини и компетенции на наставниците и стручните соработници во училиштата („Social Skills and Responsibilities of Teachers and Professional Staff in Schools", во организација на OSCE). Активен учесник била и во работилница на тема „Користење интеркултурна комуникација во часовите по методологија" во организација на UNESCO и програмата на Обединетите нации за интеретнички дијалог и соработка (UN programme to enhance Inter-Ethnic dialogue and collaboration).

Во 2012 година е воведничар на трибината на тема „*Предизвиците на современиот учител*", во организација на Здружението на просветни работници, Општина-Штип и Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, по повод Светскиот ден на учителот.

Во периодот 2012-2013 г. е дел и од проектот „*Рака за рака: Малите Бугарчиња и Македончиња*", проект на Општина Василево и Општина Струмјани, Република Бугарија, финансиран од ИПА програмата за прекугранична соработка на Европската Унија. Учествува преку следниве активности: 1. Предавачи: проф. д-р Соња Петровска и асистент д-р Деспина Сивевска на тема „Потреба од вклученост на децата од руралните средини во организирано предучилишно воспитание", 27-28.12.2012, Струмјани, Република Бугарија; 2. Фасцилитатори и креатори на работилница: проф. д-р Соња Петровска и асистент д-р Деспина Сивевска на тема

„*Проблеми, предизвици и решенија во предучилишното воспитание во Општина Василево*", 18-19.4.2013 г. (Одлука бр. 2102-116/11).

Во 2014 година е вклучена како предавач на летниот камп „Ја сакам Македонија" во организација на Министерство за надворешни работи на Р Македонија.

Д-р Деспина Сивевска како истражувач е дел од истражувачкиот тим на научноистражувачкиот проект „Професионален развој на наставниците во Република Македонија - состојби и перспективи" (Одлука 0201-165/6 од 29.1.2015 г.). Проектот е финансиран од Фондот на научноистражувачка дејност при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Целта на проектот е детектирање на состојбите на професионалниот развој на наставниците во Република Македонија од аспект на политики, законодавство, институционална поддршка (државно, локално и внатреучилишно ниво) и откривање на можни начини за унапредување на истите.

Во 2015 и 2016 година кандидатката е вклучена како предавач на проектот „Воведување на содржини во програмата за животни вештини и училиште по мерка на детето и усогласување на наставните програми со концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование". Била предавач/обучувач на Семинарот по математика за наставниците од IV и V одделение (3.4.2015 – 7.4.2015 година и 17.5.2016 – 26.5.2016 година) на тема „Педагошки приоди при воведување на поими од број, алгебра, геометрија и веројатност".

Заедно со студентите од прв циклус студии на Факултетот за образовни науки, вклучена е во реализација на проектот со наслов „Унапредување на социјалната кохезија во Р Македонија" (Одлука бр. 1602-121/26 од 22.5.2018 г.). Проектот е финансиран од УСАИД и има за цел зајакнување на знаењата, способностите и вештините на студентите за работа во мултикултурна средина (интеркултурно образование).

Во текот на 2020 г. учествува во проектни активности од Проектот „Инклузија на деца со посебни образовни потреби" на теми „*Детски права во образованието*" и „*Почитување на различностите и интеркултурализмот во училиштето*", поддржан од Детската фондација „Песталоци" (октомври-декември 2020 г.).

Во периодот пред 2018 година, д-р Деспина Сивевска за потребите на студентите на Факултетот за образовни науки објавила рецензирана скрипта и практикум:

- Сивевска, Д. (2013). *Педагогија на слободно време*, скрипта за студентите на прв циклус на ФОН, УГД Штип, http://e-lib.ugd.edu.mk/227
- Сивевска, Д. (2013). *Педагогија на слободно време*, практикум за студентите на прв циклус на ФОН, УГД Штип, http://e-lib.ugd.edu.mk/226

Во периодот од последниот избор во наставно-научно звање вонреден професор, д-р Деспина Сивевска има објавено учебник, скрипти и практикуми за потребите на студентите од Факултетот за образовни науки:

- Сивевска, Д. (2020). *Методика на воспитно-образовната работа по запознавање на околината*, скрипта за студентите на прв циклус на ФОН, УГД Штип, http://e-lib.ugd.edu.mk/924
- Сивевска, Д. (2020). *Методика на воспитно-образовната работа по запознавање на околината*, практикум за студентите на прв циклус на ФОН, УГД Штип, http://e-lib.ugd.edu.mk/892
- Сивевска, Д., (2022). *Практична настава. 1*: практикум, Штип: Универзитет

„Гоце Делчев», Факултет за образовни науки, http://e-lib.ugd.edu.mk/1067

- Сивевска, Д., (2022). *Практична настава 2*: практикум за студентите од насоката Предучилишно воспитување, Универзитет „Гоце Делчев», Факултет за образовни науки, http://elib.ugd.edu.mk/1056
- Сивевска, Д., (2023). *Организација на предучилишна установа* - **учебник**, Штип: Универзитет „Гоце Делчев» -Штип, Факултет за образовни науки, ISBN: 978-608-244-983-8, http://e-lib.ugd.edu.mk/1140

Д-р Деспина Сивевска е дел од тимот кој ја подготвуваше монографијата на Факултетот за образовни науки, објавена по повод 25-годишното факултетско образование на наставници и воспитувачи на Педагошки факултет/Факултет за образовни науки во Штип.

- Petrova Gjorgjeva, E., Mirascieva, S,. Petrovska, S.,Sivevska, D., Kitanova, I., Koceva, D.,Josimovska, V.,Cackov, O., Stojanov, T. (2020). *Педагошки факултет, Факултет за образовни науки (1995-2020).* Documentation. Универзитет „Гоце Делчев", Штип. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27320

Д-р Деспина Сивевска е ментор на повеќе дипломски трудови на студенти на Факултетот за образовни науки, ментор на еден магистерски труд, член во комисии за одбрана на дипломски работи и магистерски трудови, како и член на комисии за оцена и одбрана на докторски трудови на матичната институција и на други високообразовни институции.

Во тек на својата академска кариера, од стекнувањето на наставничко звање доцент до денес, кандидатката има дадено своевиден придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници, преку вклучување во различни стручни и научни активности, членства во комисии за оценување едукации и обуки.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Универзитетска кариера кандидатката д-р Деспина Сивевска ја започнува на 26.12.2007 г. со Одлука бр. 0210-7338/8-2, а по претходно објавен конкурс, на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев" во Штип. Избрана е за асистент по група педагошки предмети на Одделот за одделенска настава: Методика на наставата по природа и општество 1, 2, 3 и 4 и Методика на наставата по математика 1, 2, 3 и 4.

На 26.8.2011 г. со Одлука бр. 2102-136/11 на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев" во Штип кандидатката е реизбрана во истото звање асистент во наставно-научните области педагогија и образование на наставници. Согласно со ревидираните студиски програми на Одделот за одделенска настава кандидатката е ангажирана за реализација на вежбите по Методика на наставата по природа и општество 1 и 2, Методика на наставата по математика 1 и 2 и Техничко образование со методика. Во овој изборен период била ангажирана и во изведување на вежби по други педагошки предмети: Педагогија на слободно време, Организација на училишна установа, Методика на воспитно-образовната работа по природната и општествената средина 1 и 2, Инклузивно образование.

Кандидатката во шестгодишното работно искуство како асистент работела со повеќе професори, изведувала вежби по повеќе предмети па имала можност да ги продлабочува знаењата во повеќе дисциплини. Во тој развоен период таа покажала висок степен на кооперативност, инвентивност и организациски способности.

Во 2014 г. д-р Деспина Сивевска е избрана во звање **доцент** за наставно-научните области педагогија и образование на наставници (Одлука бр. 2102-130/3 од 23.4.2014 година донесена на 56. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки). Како доцент е ангажирана на студиските програми: Одделенска настава, Предучилишно воспитување и Педагогија за предметите Методика на наставата по математика 1 и 2; Методика на воспитно-образовната работа по природната и општествената средина 1 и 2, Педагогија на слободно време; Методика на работа на педагогот.

Во 2019 година д-р Деспина Сивевска е избрана во звање вонреден професор за наставно-научните области педагогија и образование на наставници (Одлука број 1602-64/11 од 14.3.2019 г., седница 130 на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки). Во овој изборен период реализира предавања и вежби по предметите: Педагогија на слободно време, Методика на работа на педагогот, Методика на наставата по математика 1 и 2, Методика на запознавање на околината 1 и 2, Методика на математичко подрачје, Домска педагогија, ИКТ во наставата, на студиските програми: Одделенска настава, Предучилишно воспитување и Педагогија.

Од изборот во наставно-научно звање доцент па до денес кандидатката дала исклучителен придонес во практичното оспособување на студентите. Таа е ангажирана во организацијата и реализацијата на практичната настава – педагошка пракса (1, 2 и 3) за студентите на студиската програма: Педагогија и Предучилишно воспитување, како и во организацијата и реализацијата на педагошкиот стаж за студентите на студиската програма - Предучилишно воспитување.

Д-р Деспина Сивевска е ангажирана и како наставник на втор циклус, магистерски и специјалистички студии на Факултетот за образовни науки, за предметите: Образование за слободно време, Современи методички тенденции по математика во одделенска настава со практикум, Современи методички тенденции во воспитно-образовната работа по запознавање на околината со практикум.

Во последниот изборен период д-р Сивевска е ангажирана како наставник на програмата за стекнување на педагошко-психолошка и методска доквалификација за студентите од ненаставничките факултети, на предметот Училишна организација.

Во текот на својата академска кариера, кандидатката учествува на бројни меѓународни симпозиуми, конгреси и конференции, во земјава и во странство, при што објавува забележителен број на стручни и научни трудови во домашни и во меѓународни научни и стручни списанија и публикации. Истите се достапни на следниот линк: http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Sivevska=3ADespina=3A=3A.html.

**Евалуација на научните и стручните трудови објавени во последниот изборен период (2018-2023):**

1. Petrovska,S., **Sivevska, D.,** Runceva, J., (2018). *Teacher views about establishment and functionality of the system of professional development of teachers in Republic of Macedonia*, 57th Science Conference of Ruse University, Bulgaria, 2018 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21406

Трудот претставува студија чија цел е да ги утврди разликите во мислењата на наставниците со различно работно искуство по однос на неколку детерминанти на професионалниот развој: задоволство од сопственото ниво на професионалниот

развој, форми и пристапи што наставниците ги користеле за лично професионално усовршување и нивото на проактивност за личен професионален развој. Истражувањето е спроведена на примерок од 398 наставници од 28 средни и основни училишта во Република Македонија. Трудот има научен карактер, избраниот проблем е референтен за меѓународната истражувачка јавност, а методолошкиот пристап е научно коректен.

2. Kvesić, M., Popeska, B., **Sivevska, D.,** Gregori Ignatov, G., Gregorc, J., (2018) Differences in leisure-time activities among students from four different countries (Razlike v preživljanju prostega časa med študenti štirih držav), *Revija Šport, Letnik, 24* (3-4), https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21395

Трудот претставува компаративна студија низ која се открива како студентите – идни наставници го користат слободното време и кои се нивните потреби за институционална поддршка во организирањето на слободното време. Истражувањето е реализирано на примерок од 415 студенти од Босна и Херцеговина, Македонија, Бугарија и Словенија со цел да се утврди разликата во користењето на слободното време кај идните наставници од различни социокултурни и економските услови. Добиени се вредни резултати врз основа на кои авторите препорачуваат начини за унапредување на организирањето и реализирањето на активностите во слободното време на студентите.

3. Popeska, B., **Sivevska, D.,** (2018). *Opinions and possibilities for intervention in physical and health education curriculum - differences based on initial education of classroom teachers in primary education*, 10th International Scientific Conference "Modern Tendencies in Physical Education and Sport", 9 Nov 2018, Sofia, Bulgaria https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21394

Трудот има емпириски карактер и развојна димензија во поглед на унапредување на воспитно-образовната пракса по ФЗО. Авторите имале за цел да утврдат разлики во мислењата и ставовите на одделенските наставници со различно иницијално образование, според фондот на часови за предавања и практична настава, во врска со тековната програма по ФЗО и начините на реализацијата на наставниот процес по ФЗО. Истражувањето е реализирано на примерок од 134 наставници од основните училишта. Откриени се вредни наоди: постојната програма на ФЗО е во согласност со општата образовна цел, дава можност за позитивно влијание врз севкупниот развој на децата, истата може лесно да се стави во корелација со содржини од останатите наставни предмети овозможувајќи им притоа на наставниците да ги покажат своите креативни способности во смисла на користење на иновативни пристапи, неспецифична опрема и алатки во реализација на наставата. Значајни разлики во однос на иницијалното образование на наставниците и можностите за реализација на наставата по ФЗО не се забележани.

4. Petrovska, S., Sivevska, D., Popeska, B., Runceva, J., (2018). *Teachers' views about their professional development (Situation in Republic of Macedonia),* 10th International Conference on Theory and Practice in Education,15-17 December 2018, in Budapest, Hungary https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21398

Презентираниот труд има емпириски карактер. Проучени се мислењата и ставовите на наставниците во однос неколку димензии на нивниот професионален развој. Резултатите се дел од пообемен научноистражувачки проект. Истражувањето е спроведено на примерок од 398 наставници од основни и средни училишта во Република Македонија. Авторите со значајно ниво на веројатност го

потврдуваат значењето на различни облици на професионален развој, потребата од поголема поддршка и промоција на професионалниот развој на наставниците и значењето на почитта на потребите и можностите за професионален развој на секој наставник индивидуално.

5. Popeska, B., Sivevska, D., Ristova, C., (2019). *Participation of University students in outdoor sports.* The 11th International Scientific Conference "Modern Trends of Physical Education and Sport", 8 Nov 2019, Sofia, Bulgaria. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22848

Во трудот авторите се обидуваат да ги истражат интересот и навиките на студентите за вклучување во активности на отворено. Истражувањето е спроведено на примерок од 77 испитаници - студенти на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Р Македонија. Добиени се позитивни резултати кои говорат дека студентите покажуваат голем интерес за вклучување во вакви активности. Во таа насока се дадени и препораки за поголема вклученост на факултетите во насока на промоција на различни програми кои во себе вклучуваат и поддржуваат активности на отворено за студентите.

6. Petrovska, S., Sivevska, D., Runceva, J., (2019). *Inclusion in early childhood education and care.* In: Седма международна научна конференция "Съвременното образование - условия, предизвикателства и перспективи", 14-16 June 2019, Blagoevgrad, Bulgaria. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22775

Трудот претставува обид да се анализираат научни сознанија и практични искуства во врска со вклучувањето на децата со посебни потреби во редовниот предучилиштен систем, а потоа да се извлечат релевантни заклучоци во врска со клучните фактори кои ја детерминираат имплементацијата на инклузијата во предучилишното воспитание и образование. На систематичен начин со високо ниво на прегледност се посочува на условите кои треба да бидат исполнети за да се оствари успешна инклузија во предучилишното воспитание и образование. Авторите аргументирано ги промовираат придобивките од инклузијата во овој развоен период.

7. Petrovska, S.,Sivevska, D., Popeska, B.,Runceva, J., (2019) *Professional development of the teachers in Macedonia - situation and perspectives.* Седма международна научна конференция "Съвременното образование - условия, предизвикателства и перспективи", 14-16 June 2019, Blagoevgrad, Bulgaria. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22774

Во трудот авторите презентираат дел од резултатите добиени од научноистражувачкиот проект „Професионален развој на наставниците во Република Македонија – состојби и перспективи". Истражувањето е спроведена на примерок од 398 наставници од 28 средни и основни училишта во Република Македонија. Проектот има развоен карактер. Истражувањето е насочено кон детектирање на состојбите на професионалниот развој на наставниците во Република Македонија од аспект на политики, законодавство, институционална поддршка (државно, локално и внатреучилишно ниво) и откривање на можни начини за унапредување на истите, а во трудот се презентирани детектираните статистички разлики во ставовите и мислењата на наставниците од одделенска и предметна настава. Користен е релевантен методолошки пристап и се добиени резултати кои главно кореспондираат со резултати од слични истражувања по однос на истражувачките задачи, а дадени се и препораки за унапредување на системот за професионален развој на наставниците.

8. Sivevska, D., Petrovska, S., Runceva, J., (2019) *Organization and Realization of Practical Teachings at the Faculty of Educational Sciences in Stip – Students' Views.* International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 48 (7). pp. 197-207. ISSN 2307-4531 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23273

Авторите анализираат суштинско прашање кое е предмет на дискусија не само во експертските кругови, туку и меѓу креаторите на образовни политики, вработените наставници и студентите, а тоа е практичната компонента на студиските програми за иницијално образование на наставниците. Трагајќи по ефективен и ефикасен модел за воспоставување на соработка на Факултетот за образовни науки со менторските училишта авторите реализирале истражување со цел да ги откријат слабостите и предностите на постојниот модел за практично оспособување. Во него се опфатени студенти-идни воспитувачи, наставници од основните училишта (од прво до петто одделение) и педагози од Факултетот за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Истражувањето има развоен карактер. Резултатите ги откриваат добрите и лошите страни на практичната обука на студентите и даваат насоки и препораки за подобрување.

9. Sivevska, D., Popeska, B., (2020). Oppinions of students for their sport activity during covid-19 pandemic-case of students from Teaching faculty in Stip, *Pedagogy, 92* (7s), 220-231, AZ-BUKI, Sofia https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26837

Презентираното истражување има за цел да ги утврди промените кои се јавуваат во физичката активност на студентите во слободното време во период на пандемијата со КОВИД 19, споредено со нивните претходни навики за движење, како и да се утврдат разликите од аспект на нивното место на живеење. Истражувањето е спроведено на примерок од 119 студенти на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Добиени се оптимистички резултати: задржување на нивото на физичка активност, како и пред пандемијата, но со промена на начинот на реализација. Не е откриена и промена во степенот на личното задоволство од користењето на слободното време, но се менуваат активностите во смисла на појава на нови хоби активности.

10. Popeska, B., Sivevska, D., (2020) *The impact of the COVID 19 pandemic on the personal development of the students of faculty of educational sciences*, THE XII International Scientific Conference "Modern Trends of Physical Education and Sport", 6 Nov 2020, Sofia, Bulgaria https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27318

Во трудот авторите ги утврдуваат формите на справување со пандемијата Ковид-19 кај студентите и можностите за личниот развој. Истражувањето е реализирано на примерок од 119 студенти на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Добиените резултати откриваат дека изолацијата предизвикана од пандемијата имала позитивни ефекти за личниот развој на студентите. Авторите сугерираат активности кои ќе помогнат во одржувањето на менталното здравје и социјалната интеракција за време на онлајн наставата.

11. Сивевска, Д., Попеска, Б., Ристова Магловска, Ц. (2020). *Интерес на студентите за вклучување во активности на отворено,* III Меѓународна научна конференција „Предизвиците на туризмот и бизнис логистиката во 21 век“, Факултетот за туризам и бизнис логистика, 13 ноември 2020 г., https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27250

Во презентираниот труд авторите спроведуваат истражување со цел да се утврдат интересите на студентите за вклучување во активности на отворено.

Истражувањето е реализирано на примерок од 85 испитаници, студенти на УГД. Добиените резултати во истражувањето покажуваат на генерално позитивен став на студентите за престој во природа и практикување на спортско – рекреативни активности на отворено. Во таа насока дадени се препораки до локалните самоуправи, ресорните министерства и државата во целина, за промоција на ваквите активности, како и обезбедување на локации и реквизити каде што може да се практикуваат активности на отворено.

12. Petrovska, S. Sivevska, D., Runcheva, J., (2021). *High Schools students' views about the teaching profession*, 3rd International Conference on Social Sciences and Humanities (ICSSH2021), co-organized by International Balkan University and University of Houston-Clear Lake, Skopje, R. North Macedonia, from 10th to 12th of June 2021. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29062

Во презентираниот труд авторите се обидуваат научно да го аргументираат значењето на учителската професија, како за личниот развој на поединецот, така и за општеството, ставајќи ја учителската професија во контекст на процесот на доживотно учење. Направена е евалуација на научни сознанија, кои вешто се систематизирани. На теориската рамка се надоврзува и мало емпириско истражување направено на примерок од 150 средношколци од 4-та година со цел да се проучат мислењата на идните академски граѓани во врска со привлечноста/одбивноста на наставничката професија.

13. Sivevska, D., Runcheva, J., (2021). *Outdoor activity and their importance for the proper development of children - special review of the pandemic situation*, 3rd International Conference on Social Sciences and Humanities (ICSSH2021), co-organized by International Balkan University and University of Houston-Clear Lake, Skopje, R. North Macedonia, from 10th to 12th of June 2021. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29063

Во трудот теориски се анализираат и евалуираат научни сознанија кои ја детерминираат можноста за примена на игрите на отворено и нивното значење за децата, посебно во периодот на пандемијата. Авторите мошне систематично ги структурираат поновите сознанија кои го потврдуваат значењето на надворешната околина и придобивките за развојот на децата, како и сознанијата во врска со негативностите и опасностите кои произлегуваат од интензивното користење на средствата за комуникација и современиот начин на живот. Врз основа на евалуираните сознанија авторите даваат и корисни педагошко-организациски препораки.

14. Sivevska, D., Runcheva, J., (2021). *The role of the pedagogue in the professional orientation of the students*, Научна конференция с международно участие „Съвременният дискурс в науката", 22 октомври – 23 октомври 2021 г. Шумен, Бугарија, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28968

Во трудот се третира исклучително значаен педагошки, но и општествен проблем – улогата на училиштето во професионалната ориентација на учениците. Во елаборацијата на проблемот авторите се воделе од општествената брзо менувачка реалност во поглед на развојот на нови занимања, нови побарувања од пазарот на трудот. Посебно се потенцира и актуализира улогата на училиштето и посебно на педагогот. Евалуирана е советодавно-консултативната работа на училишниот педагог и поддршката која тој треба да им ја понуди на учениците при изборот на нивното понатомошно образование.

15. Runcheva, J., Sivevska, D., (2021). *Inclusive education - part of the study programs of the Teaching faculties*, Научна конференция с международно участие „Съвременният

дискурс в науката", 22 октомври – 23 октомври 2021 г. Шумен, Бугарија, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30152

Во трудот се анализира еден од најактуелните проблеми во образованието – вклучување на децата и младите во редовното образование (инклузија). Авторите ги анализираат студиските програми на кои се подготвуваат воспитувачи и одделенски наставници во Македонија, Бугарија, Србија и Хрватска, со цел да се согледа понудениот пристап и содржини насочени кон оспособување за работа во инклузивни детски градинки и училишта во регионот, како и да се откријат предностите и недостатоците.

16. Popeska, B., Sivevska, D., Ristova, C. (2021) *Effects of COVID-19 pandemics in participation in outdoor activities– case study of students from Goce Delcev University*, The XIII International Scientific Conference "Modern Trends of Physical Education and Sport", 5 Nov 2021, Sofia, Bulgaria https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29134

Презентираното истражување има за цел да укаже на ефектите кои ги има пандемијата со COVID-19 врз партиципирањето во активности на отворено. Истражувањето е реализирано на примерок од 172 испитаници, студенти на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Македонија, со цел да се утврди нивното учество во активности на отворено и промените што се случуваат при нивното практикување на отворено во периодот на пандемијата COVID 19, осврнувајќи се на неколку аспекти: учество на студентите во активности на отворено, видот на активности во кои се вклучуваат, факторите кои влијаат на зголемување или намалување на таквиот ангажман итн. Добиените резултати упатуваат дека ситуацијата со пандемијата негативно се рефлектира врз целокупното живеење, вклучувајќи ја и намалената партиципација на студентите во активности на отворено, намалена физичка активност, а тоа се одразува и на нивната целокупна здравствена состојба.

17. Sivevska, D., Popeska, B., Gregoric, J., Ignatov, G., (2022) *Leasure time sport activities among students at teaching faculties across three countries,* (APES) Activities in physical education and sport, International Journal of Scientific and Professional issues in Physical Education and Sport, Vol. 12, No. 2, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32381

Трудот претставува компаративна студија низ која авторите се обидуваат да ги утврдат интересите и мотивацијата на студентите на наставнички факултети во однос на практикување на физички активности во своето слободното време. Истражувањето е реализирано на примерок од 354 студенти од Македонија, Бугарија и Словенија. Резултатите покажаа разлики меѓу студентите од различните земји во однос на времето поминато на учење, слободно време и фреквенцијата на физички активности во нивното слободно време. Значајно е да се потенцира дека сите студенти – идни наставници ја препознаваат важноста на физичката активност во нивните животи и влијанието што таа го има врз здравјето, емоционалната и социјална благосостојба. Во таа насока се дадени и препораки за унапредување на процесот на организирање и реализирање на физички активности во слободното време на младите.

18. Runceva, J. Sivevska, D., (2022) Historical development of preschool education in the Republic of North Macedonia, *Vospitanie – International Journal, Vol. 17 No. 1* (2022): Journal of Educational Sciences Theory and Practice https://eprints.ugd.edu.mk/30596/

Авторите го анализира развојот на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија од 1945 година до денес. Трудот претставува значаен придонес за педагошката наука, бидејќи е даден систематизиран преглед

на формите и начините на организација на предучилишните установи, грижата за децата и развојот на воспитно-образовниот кадар за период од 77 години.

19. Sivevska, D., Runceva, J. (2022) Management in preschool institution, *KNOWLEDGE – International Journal, Vol.51.1* https://eprints.ugd.edu.mk/30153/

Трудот претставува анализа и евалуација на научни и стручни сознанија со кои авторите прават обид да ја апострофираат важноста на постоење на квалитетен менаџмент во предучилишните установи. Посебно се анализира улогата на директорот, неговите компетенции и квалификации.

20. Sivevska, D., Runceva, J. (2022), *The role of the pedagogue in prevention of risky/ unacceptable student behavior,* Научна конференция с международно участие „Съвременният дискурс в науката", 22 октомври – 23 октомври, 2022 г. Шумен, Бугарија https://eprints.ugd.edu.mk/30747/

Во трудот се анализираат и елаборираат сознанија кои ја објаснуваат улогата на педагогот во справувањето со предизвикот на ризично однесување на децата и младите, кое авторите го третираат како последиците на современиот и динамичен начин на живот во семејството.

21. Runceva, J. Sivevska, D., (2022) *Зошто е добро да се биде дел од учителската професија?.* Časopis *Zbornik Odseka za pedagogiju*. Filozofski fakultet Univerziteta u Novom Sadu, https://eprints.ugd.edu.mk/30524/

Во трудот авторите се обидуваат да најдат одговор на вечно актуелното прашање: Зошто да се биде учител? За таа цел тие ги испитуваат мислењата на студентите идни наставници на Факултетот за образовни науки, во однос на неколку аспекти: мотиви за избор на професијата, дали годините поминат во студии ја промениле сликата за наставничката професија, нивното задоволство од знаењето и праксата која ја добиваат за воведување во професијата. Наодите упатуваат на заклучокот дека студентите се задоволни од изборот на својата идна професија, како и од знаењето и практичните активности кои ги добиваат во текот на своите студии за навлегување во вештините на наставничката професија. Сепак укажуваат дека е неопходно да се преземат мерки на институционално и социјално ниво со цел да се подобри позицијата на наставната професија во општествениот контекст, како и разбирање на нејзината важност за целото општество.

22. Petrovska, S., Sivevska, D., Runcheva, J., (2022). *School inclusion of gifted children*, International scientific conference, 28 th Round table on giftedness, affective personality dimensions and giftedness fullfilment, Vrsac, Serbia, 01.07.2022 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32011

Трудот има теоретски карактер и во него се анализираат, систематизираат и евалуираат сознанија кои се насочени кон третманот на надарените деца во училиштето. Авторите го проблематизираат процесот на инклузија на овие деца и го ставаат во контекст на можна дискриминација.

23. Popeska, B., Sivevska, D., (2022). *Adults' motivation for participation in sport activities in leisure times*, International Scientific Conference "Modern Trends of Physical Education and Sport", 7-8. 10. 2022, Sofia, Bulgaria https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32042

Презентираното истражување има за цел да укаже на значењето на физичката активност во слободното време на возрасните, преку испитување на два комплексни феномена: физичката активност кај возрасните, од една страна, и квалитетот на слободно време, од друга страна. Истражувањето е реализирано на примерок од 268 возрасни испитаници над 25 години, со цел да се утврдат нивните

ставови и мислење во однос на физичките активности кои ги практикуваат во своето слободно време, задоволството од практикувањето на истите, придобивките и можностите од нивно практицирање. Добиените резултати покажуваа дека во последниот период кај возрасните јакне света за значењето и потребата од физичка активност во слободното време. За таа цел се предложуваат мерки со кои ќе се напушти седентарниот начин на живот и ќе се промовира стил на живот кој вклучува поголема физичка активност во слободното време.

24. Sivevska, D., Runceva, J. (2022) *Inclusion in the kindergarten (situation and challenges)*, International conference *Changing Paradigms in Education and Science*, Hungarian Language Teacher Training Faculty, University of Novi Sad, November 3-4, 2022, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31782

Во трудот авторите укажуваат на важноста од имплементирање на инклузијата во предучилишното воспитание и образование и улогата на воспитувачот во спроведувањето на инклузивниот процес во воспитно-образовната работа. За таа цел ги проучуваат мислењата и ставовите на воспитувачите за состојбата со инклузивното образование во градинките, фокусирајќи се на следните три аспекти: свесноста на воспитувачите за карактеристиките на децата со посебни образовни потреби, степенот на соработка на воспитувачите со стручните служби и со родителите на децата со посебни образовни потреби, односот на другите деца (деца со типичен развој) кон децата со посебни потреби. Наодите укажуваат дека вработените воспитувачи генерално имаат позитивни ставови кон инклузивниот процес, но истовремено упатуваат и на предизвиците и проблемите со кои се соочуваат во однос на: недостаток на стручна служба (логопед, дефектолог), како и потреба за дополнителни обуки, работилници и сл. за проширување и продлабочување на нивните знаења и вештини за работа во инклузивна средина.

25. Sivevska, D., Runceva, J. (2023). *Organizational culture and climate in the pre-school institution*, Knowledge-International journal, 57 (2). pp. 293-300. ISSN 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31783

Во трудот се анализирани и евалуирани научни и стручни сознанија насочени кон објаснување и потврдување на значењето на организациската култура како фактор што го детерминира квалитетот на работата на предучилишните установи. Авторите преку користење на методот на теориска анализа доста успешно ги систематизирале различните аспекти на организациската култура. Посебно внимание е посветено на системот на вредности, интерперсоналните односи и начините на управување и раководење.

26. Sivevska, D., Runceva, J. (2023) *Students' opinions and views on inclusive education*, *Pedagoška stvarnost*, Časopis za školska i kulturno-prosvetna pitanja, EBSCO, *God. 69 Br. 1 (2023)* https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32234

Предмет на ова истражување се мислењата и ставовите на студентите од Факултетот за образовни науки во Штип, Македонија, за нивната подготвеност за работа во инклузивна училница и занимална. Истражувањето има развојна и апликативна цел – подобрување на студиските програми за образование на наставници и воспитувачи. Дојдено е до вредни сознанија. Студентите експлицитно декларирале потреба од дополнителни знаења за работа со деца со ПОП, зајакнување на практичната работа и вклучување дополнителни обуки и работилници.

27. Sivevska, D., (2023). Programs for educational work of pre-school institutions in Republic of North Macedonia, *Vospitanie – International Journal, Vol. 18 No. 1* (2023) Journal of Educational Sciences Theory and Practice, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32185

Во трудот е направена анализа и преглед на развојот на програмите за работа во предучилишните установи, во временскиот период од 1945 г. до денес, со цел да се увиде како хронолошки тече процесот на нивно иновирање следејќи ги современите стручно-научни сознанија од теоријата и практиката на предучилишното воспитание и образование. Изнесените сознанија укажуваат дека нашата земја ги следи современите текови и достигнувања на педагошко-психолошките науки, како и бројните програмски документи и конвенции за правата на децата и истите ги имплементира во своите национални образовни политики.

28. Sivevska, D., Popeska, B. (2023) *The need of integrational and correlation relations in teaching with emphasis of subject content from mathematics and physical education*, International Scientific Conference "Modern Trends of Physical Education and Sport", 6. 10. 2023, Sofia, Bulgaria https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32547

Во трудот авторите укажуват на потребата и важноста од примена на интеграциско-корелацискиот пристап во наставата со цел да му се помогне на ученикот подобро, полесно и потемелно да проучи одредена тема или поим, а истовремено да му се овозможи и трајно стекнување на знаења и вештини и нивна примена во секојдневниот живот. Направена е анализа на наставните планови и програми за првиот циклус (првите три одделенија) на основното образование во Р. Македонија, со цел да се утврдат можностите за примена на интеграциско-корелацискиот модел во одделенската настава и придобивките од неговата имплементација на часовите по ФЗО и математика. Авторите дошле до констатација дека поврзувањето меѓу предметите е возможно во многу поголем број на содржини од она што го нудат програмите. Како клучни фактори од кои зависи примената на интеграциско-корелацискиот пристап се посочени отвореноста на наставниот процес кон ваквиот пристап, креативноста и желбата на наставниците, нивниот ентузијазам, мотивација, љубопитност и творечки дух.

29. Sivevska, D., Runceva, J. (2023) Preschool education in the Republic of North Macedonia, *Krugovi detinjstva - časopis za multidisciplinarna istraživanja detinjstva,* God. 11. Br. 1 (2023) https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32449

Во трудот авторите укажуваат на значењето на образованието во раното детство и на можностите и потенцијалите кои им се нудат на децата од предучилишна возраст преку вклучувањето во организираното институционално воспитание и образование. Притоа дадена е анализа и преглед на структурата и поставеноста на предучилишното образование во нашата држава, програмите за работа во предучилишните установи и предизвиците со кои се соочува системот за предучилишно образование во Македонија.

Анализата на научно-стручниот истражувачки опус на д-р Деспина Сивевска покажува дека станува збор за истражувач кој е способен да ги детектира актуелните и значајните проблеми во педагогијата, образованието на наставници и пошироко во образованието, коректно да избере и аплицира методолошки пристап и логички да ги систематизира и евалвира научно-стручните сознанија.

**Учества на меѓународни конференции и симпозиуми во последниот изборен период (2018-2023):**

Резултатите од истражувачките активности и стручно-научната работа, кандидатот д-р Деспина Сивевска ги споделува и презентира преку активно учество на меѓународни симпозиуми, конференции, конгреси и трибини во земјата и во странство. За учеството на истите има приложено соодветни потврди и сертификати:

1. 57th Science Conference of Ruse University, Bulgaria, 2018;
2. 10th International Scientific Conference "Modern Tendencies in Physical Education and Sport", 9 Nov 2018, Sofia, Bulgaria;
3. 10th International Conference on Theory and Practice in Education,15-17 December 2018, in Budapest, Hungary;
4. Седма международна научна конференция "Съвременното образование - условия, предизвикателства и перспективи", 14-16 June 2019, Blagoevgrad, Bulgaria;
5. The 11th International Scientific Conference «Modern Trends of Physical Education and Sport», 8 Nov 2019, Sofia, Bulgaria;
6. International online conference Sports education on the Balkans during a pandemic, NSA "Vasil Levski" Sofia, Bulgaria, 30 june 2020;
7. 23th International Symposium for Sport and Physical Education of Youth, Federation of Sport Pedagogues of Macedonia, Ohrid, 2-3 October, 2020;
8. 7th Online Pan-European Conference on Digital Education: Learning from Best Practice, Ljubljana, Slovenia, 29 October 2020;
9. THE XII International Scientific Conference "Modern Trends of Physical Education and Sport", 6 Nov 2020, Sofia, Bulgaria;
10. III International Scientific Conference "Challenges of Tourism and Business Logistics in the 21st Century", held on November 13, 2020 in Stip;
11. 4rd International Symposium on Silk Road Academic Studies, Cappadocia University (Turkey) 17-18 December 2020;
12. 12th Online Pan-European Conference on Digital Education: Learning from Best Practice, Ljubljana, Slovenia, 25 March 2021;
13. 13th Online Pan-European Conference on Digital Education: Learning from Best Practice, Ljubljana, Slovenia, 22 April 2021;
14. 14th Online Pan-European Conference on Digital Education: Learning from Best Practice, Ljubljana, Slovenia, 27 May 2021;
15. 3rd International Conference on Social Sciences and Humanities (ICSSH2021), co-organized by International Balkan University and University of Houston-Clear Lake, Skopje, R. North Macedonia, from 10th to 12th of June 2021;
16. 16th Online Pan-European Conference on Digital Education: Learning from Best Practice, Ljubljana, Slovenia, 29 July 2021;
17. 24. Симпозиум за спорт и физичко образование на младите, Федерација на спортските педагози на Република Македонија, 10-11 септември 2021, Охрид, РС Македонија;
18. Научна конференция с международно участие „Съвременният дискурс в науката", 22 октомври – 23 октомври 2021 г. Шумен, Бугарија;
19. XIII International Scientific Conference "Modern Trends of Physical Education and Sport", 5 Nov 2021, Sofia Univeristy „St. Kliment Ohridski" Sofia, Bulgaria;
20. International Scientific Conference "Modern Trends of Physical Education and Sport", 7-8. 10. 2022, Sofia Univeristy „St. Kliment Ohridski" Sofia, Bulgaria;

21. Sivevska, D. (2022). *Leisure time in prevention of risk behavior in young people*, INCSOS VIII, International Congress of Social Sciences, October 20-23, 2022;

22. 16 th International Scietific Conference, Hungarian Language Teacher Training Faculty, University of Novi Sad, November 3-4, 2022;

23. Научна конференция с международно участие „Съвременният дискурс в науката", 22 октомври – 23 октомври, 2022 г. Шумен, Бугарија;

24. The 17th European Congress "100 years of FIEPS", The 7th Edition of the International Conference 75th years of "Dunarea de Jos", University of Galati- Sports, education, culture interdisciplinary approaches in scientific research sec – IASR 24 - 28 may 2023, Galati, Romania;

25. XV International Scientific Conference "Modern Trends of Physical Education and Sport", 6. 10. 2023, Sofia Univeristy „St. Kliment Ohridski" Sofia, Bulgaria;

26. *Пленарно предавање на тема: Adults' motivation for participation in sport activities in leisure times, International Scientific Conference "Modern Trends of Physical Education and Sport", 7-8. 10. 2022, Sofia, Bulgaria;* https://www.researchgate.net/publication/360782843_MODERN_TRENDS_OF_PHYSICAL_EDUCATION_AND_SPORTS.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност во последниот изборен период (2018-2023)**

Д-р Деспина Сивевска професионалниот ангажман го пројавува и во делот на стручно-апликативната и организациско-развојната дејност.

| **5** | Одбранета докторка дисертација | | | 1 | 8 | 8 |
| 6 | Одбранета специјализација | 1 | 6 | | | 6 |
| **7** | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **63,5** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Пленарно предавање на стручен собир (реден број 28,29,30,31) | 4 | 2 | | | 8 |
| | Учесник во научен проект (реден број 32,33,34,35) | | | 4 | 3 | 12 |
| | Член на институтски орган, комисија | 2 | 2 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **24** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **132,5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ / НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОНКОЛОГИЈА (30220) - ЕДЕН ИЗВРШИТЕЛ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-302/18 од 12.12.2023 год., донесена на 313. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 12.12.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област онкологија (30220), Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **д-р Лилјана Манева-Костовска** - редовен професор во пензија за наставно-научната област онкологија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје – претседател;
- **д-р Дева Петрова**, насловен доцент за наставно-научната област онкологија, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, вработена во Клиничка болница „Аџибадем Систина“ во Скопје – член;
- **д-р Ценгис Јашар**, насловен вонреден професор за наставно-научната област патолошка анатомија, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, вработен во Клиничка болница „Аџибадем Систина“ во Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 24.11.2023 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат: **д-р Ленче Костадинова**, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на онкологијата.

Пријавата ја разгледавме внимателно и утврдивме дека **д-р Ленче Костадинова**, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост ги има доставено сите документи.

1. Диплома за завршено соодветно образование – за одбранета докторска дисертација (еден примерок од дипломата во оригинал и 3 примероци заверени кај нотар);
2. Дипломи за завршен прв и втор циклус студии (по 1 примерок заверен кај нотар);
3. Уверение за положени испити на прв и втор циклус студии (по 1 примерок заверен кај нотар);
4. Кратка биографија;
5. Список на објавени научни и стручни трудови;
6. По еден примерок од трудовите;
7. Потврда дека се служи со еден странски јазик;
8. Препорака од двајца професори од соодветната научна област за која се врши изборот (онкологија);
9. Еден примерок од докторскиот труд;
10. Уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Ленче Костадинова** е родена на 23 октомври 1984 год. во Скопје, каде што завршува основно и средно образование во средното медицинско училиште „Панче Караѓозов" - Скопје, со континуиран одличен успех. На Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се запишува во октомври 2003 година и дипломира во јуни 2009 година со средна оценка 8,7 и се здобива со стручен назив доктор на медицина. Паралелно ги следи и вонредните студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" на Високата медицинска школа - Битола, при што во 2008 год. дипломира на отсекот Специјалист медицински лабораториски аналитичар.

Веднаш по дипломирањето д-р Ленче Костадинова почнува да волонтира како лекар по општа медицина на Универзитетската клиника за радиотерапија и онкологија - Скопје, каде што од јуни 2011 год. е во редовен работен однос.

Специјализацијата по радиотерапија со онкологија ја започнува во октомври 2011 год. и успешно ја завршува на 27 јануари 2016 год. при што се стекнува со звањето специјалист доктор по радиотерапија и онкологија. Во текот на специјализацијата има реализирано тренинзи за добра клиничка пракса и активно учество како соработник истражувач во три клинички мултицентрични интернационални истражувања на Универзитетската клиника за радиотерапија и онкологија. По специјализацијата започнува со работа при Одделот за малигни тумори на глава и врат, каде што од август 2021 год. е назначена и за раководител на истиот. Од 2021 год. активно е вклучена во едукацијата на специјализанти по радиотерапија и онкологија како едукатор на Одделот за малигни тумори на глава и врат.

Од 2017 година се запишува на докторски студии при Школата за докторски студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Медицински факултет и започнува со изработка на докторската дисертација од областа на орофарингеалните напреднати планоцелуларни карциноми.

На 23.2.2023 год. успешно ја одбранува својата докторска дисертација со наслов „Дефинитивна акцелерирана интензитет - модулирана радиотерапија со симултано интегриран буст наспроти тридимензионална конформална радиотерапија кај планоцеларен орофарингеален канцер", под менторство на проф. д-р Ѓулшен Селим, и се стекнува со звање доктор на медицински науки - клиничка медицина од областа на радиотерапијата и онкологијата.

Нејзината досегашна кариера се карактеризира со многубројни едукации во полето на радиотерапијата и онкологијата. Кандидатката д-р Ленче Костадинова има реализирано едномесечни едукации, прво во 2016 год. во Онколошкиот центар при Универзитетска клиника - Љубљана, Словенија, и потоа во 2018 год. во Болницата „Медикал парк", Истанбул, Турција, каде што се стекнува со нови сознанија во полето на употребата на современи техники на радиотерапија во регија на глава и врат и стереотактична радиотерапија. Покрај овие едукации, кандидатката има учество на курсеви од областа на напредни техники во радиотерапија - Advanced Techniques Clinical School IMRT/RapidArc, во Копенхаген, како и учество на мастерклас по клиничка онкологија во Дубровник и мастерклас за ретки солидни тумори во Милано на Европската школа за онкологија.

Седум пати е избрана за активен учесник на реномираните медицински

семинари во Салзбург, Австрија, на Австро-американската фондација - Отворен медицински институт – во областа на онкологијата, радиотерапија, клинички истражувања и палијативна нега на онколошки болни кои се одржуваат во соработка со Memorial Sloan Kettering Cancer Center – Њујорк и CHOP Hospital Philadelphia.

Во текот на нејзината наставно-научна кариера кандидатката континуирано активно учествува на многу домашни и меѓународни конгреси, курсеви, симпозиуми и едукативни манифестации, како и онколошки секции кои ги организира Македонската асоцијација на радиотерапевти онколози.

Во однос на научноистражувачката дејност, д-р Ленче Костадинова во својата кариера има повеќебројни публикации во меѓународни списанија, како прв автор и коавтор, како и активно учество со усни презентации од областа на современата радиотерапија во регија на глава и врат: на 4. Македонски конгрес на ОРЛ со Меѓународно учество, 12. Балкански оториноларинголошки конгрес со меѓународно учество, Интернационална конференција на радијација во различни полиња на истражувањето, во 2019 и 2018 година, Симпозиум со меѓународно учество: Актуелности во лекувањето на оралниот карцином. Кандидатката учествува континуирано и активно во имплементирање на нови радиотерапевтски техники во регија на глава и врат: ИМРТ и ВМАТ кои значително го подобруваат квалитетот на третман на онколошките пациенти.

Активно се служи со англискиот и албанскиот јазик.

Кандидатката е член на повеќе европски здруженија од областа на радиотерапијата и онкологијата: Европска школа за онкологија (ESO), Македонска асоцијација на радиотерапевти онколози (MARO), Европско здружение за онкологија на глава и врат (EHNS), Европско здружение за медицинска онкологија (ESMO), Европско здружение за радијациона онкологија (ESTRO) и Медитеранска асоцијација за радиотерапија и онкологија (AROME).

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент**

**Општи услови за избор**

Кандидатката д-р Ленче Костадинова ги исполнува сите услови кои се предвидени како елементи за избор на лице во звање насловен доцент, а се во прилог и на ОНУ.ОБ.22 Чек листа за избор на доцент, покрај елементите утврдени во законот и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во референтот на Рецензентската комисија и тоа:

**Просечен успех од прв и втор циклус студии**. Кандидатката ги завршува прв циклус на студии на Медицински факултет во Скопје со просечен успех 8,7 и со интегриран втор циклус на студии со завршена специјализација на радиотерапија и онкологија.

**Научен степен доктор на науки од областа во која се избира**. Кандидатката има научен степен доктор по медицински науки - клиничка медицина од областа на радиотерапијата и онкологијата со просечна оценка 9,85, со кој се стекнала по одбраната на докторската дисертација со наслов „Дефинитивна акцелерирана интензитет-модулирана радиотерапија со симултано интегриран буст наспроти тридимензионална конформална радиотерапија кај планоцелуларен орофарингеален канцер", при Школата за докторски студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Медицински факултет.

Кандидатката има претходно работно искуство од повеќе од 6 години како специјалист радиотерапевт - онколог на Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија – Скопје.

**Објавени најмалку четири научни трудови во референтни научни публикации во последните пет години**

| Бр. | Автор | Наслов на труд | Списание/ конференција | Година на излегување на трудот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Kostadinova L,** Selim G, Chakalaroski P, Smickoska S, Stoleska M, Nonkuloski D. | Radiation-induced Mucositis in Patients with Oropharyngeal Cancer Treated with Moderate Acceleration of Intensity-modulated Radiation Therapy and Simultaneous Integrated Boost Concomitant with Weekly Cisplatin | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 2021 Jan 10;9(B):1-5. | 2021 |
| 2 | **Kostadinova L**, Selim G, Smichkoska S, Chakalaroski P, Stoleska M, Nonkulovski D. | DEFINITIVE TREATMENT OF PLANOCELLULAR OROPHARYNGEAL CARCINOMA WITH MODERATE ACCELERATION OF INTENSITY MODULATED RADIATION THERAPY WITH SIMULTANEOUS INTEGRATED BOOST | Acta Morphologica. 2020. | 2020 |
| 3 | Rogoleva Gjurovski S, Popovski V, **Kostadinova L**, Nikolovski B. | Impact of intensity modulated radiation therapy on the salivary glands function and saliva flow rate | Journal of Morphological Sciences. 2022 May 6;5(1):172-8. | 2022 |
| 4 | Chakalaroski P, Klisarovska V, **Kostadinova L**, Dameska A, Adjiska Mitkov A, Ivanova O. | COMPARISON OF TWO RADIOTHERAPY TECHNIQUES IN TREATMENT OF PATIENTS WITH INOPERABLE (ADVANCED) CERVICAL CANCER | Journal of Morphological Sciences. 2022 Aug 31. | 2022 |
| 5 | Danilo N, Maja T, Bisera P, Aspazija S, Mica K, Hristina BM, Tamara V, Kata M, **Lence K.** | PROCALCITONIN AS A PROMISING BIOCHEMICAL MARKER FOR EARLY DETECTION AND TREATMENT OF SEPSIS IN NEONATES AT INTENSIVE CARE UNIT AND ONCOLOGIC PATIENTS WITH FEBRILE NEUTROPENIA | Acta Morphologica. 2020;17(2):5-11. | 2020 |

**Сертификат за познавање на англиски јазик.** Кандидатката активно го познава англискиот јазик (доставена соодветна потврда).

**Способност за изведување на високообразовна дејност**. Со активното учество во едукација како едукатор на специјализанти при Катедрата за онкологија на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје кандидатката покажа висока способност за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови**

**Препораки од двајца професори од соодветната област** – Кандидатката достави две препораки од вонреден проф. д-р Валентина Крстевска и вонреден проф. д-р Симонида Црвенкова, специјалисти по онкологија од Универзитетската клиника за онкологија и радиотерапија - Скопје.

**Учество во научноистржувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати:** Кандидатката како коистражувач активно има учествувано во научноистражувачки проекти во мултицентрични, интернационални клинички истражувања.

**Минимум поени за избор во насловен доцент** - Кандидатката има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната активност на лицето: (НИ)=82; (САОР)=51 или вкупно 133 поени.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Д-р Ленче Костадинова е вклучена во стручно-апликативната работа на Универзитетската клиниката за радиотерапија и онкологија - Скопје како раководител на Оддел за малигни тумори на главата, член е на онколошкиот конзилиум, едукатор од областа на карциноми на глава и врат на специјализанти на Катедрата за радиотерапија и онкологија - Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје. Врши стручна дејност специјалист радиотерапевт онколог од 27 јануари 2016 година.

Стручно усовршување во странство го остварила со студиски престој во повеќе европски центри едуцирајќи се за нови радиотерапевтски техники кои потоа ги имплементира во тековно во својата секојдневна пракса.

**Објавени научни трудови во меѓународни научни списанија и списанија со фактор на влијание во последните 5 години**

Во последните пет години кандидатката д-р Ленче Костадинова има објавено 7 трудови во меѓународни научни списанија од кои во два е прв автор:

1. **Kostadinova L**, Selim G, Chakalaroski P, Smickoska S, Stoleska M, Nonkuloski D. Radiation-induced Mucositis in Patients with Oropharyngeal Cancer Treated with Moderate Acceleration of Intensity-modulated Radiation Therapy and Simultaneous Integrated Boost Concomitant with Weekly Cisplatin. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 2021 Jan 10;9(B):1-5. **(меѓународно списание)**

Целта на оваа истражување беше да се претстави максималниот градус и времетраење на максимален градус на радијациониот акутен мукозит, влијанието на вкупниот волумен на мукозата и волуменот на мукозата опфатен во третманскиот волумен со доза од 54 Gy и 66 Gy на експресијата на степенот на акутен мукозит кај пациенти третирани со IMRT-SIB и неделен режим на конкурентна терапија со цисплатин. Според постигнатите резултати, препораките се во насока дека е потребна делинеација на мукозата на усната шуплина и имплементација на IMRT-SIB за да се постигне намалување на степенот на акутен мукозит кај пациентите со напреднат орофарингеален карцином.

2. **Kostadinova L**, Selim G, Smichkoska S, Chakalaroski P, Stoleska M, Nonkulovski D. DEFINITIVE TREATMENT OF PLANOCELLULAR OROPHARYNGEAL CARCINOMA WITH MODERATE ACCELERATION OF INTENSITY MODULATED RADIATION THERAPY WITH SIMULTANEOUS INTEGRATED BOOST. Acta Morphologica. 2020. **(меѓународно списание).**

Интензитет модулирана радиотерапија (IMRT) претставува нова техника во третманот на карциномите на главата и вратот. Орофарингеалните карциноми се идеална мета за оваа радиотерапевтска техника.Целта на оваа студија беше да се претстави техниката на планирање IMRT – SIB со 95% покриеност на дозата на планираниот волумен на целните таргетирани волумени кои се однесуваат на примарниот орофарингеален карцином. Заклучокот од ова истражување е дека IMRT- SIB ја исполнува целта за подобро покривање на туморот и намалување на радијационата дозата која би ја примиле критичните здрави органи.

3. Rogoleva Gjurovski S, Popovski V, **Kostadinova L**, Nikolovski B. Impact of intensity modulated radiation therapy on the salivary glands function and saliva flow rate. Journal of Morphological Sciences. 2022 May 6;5(1):172-8. https://eprints.ugd.edu.mk/29743 /**(меѓународно списание).**

Кај пациенти со карцином на главата и вратот, најчест нескан ефект по радијациониот третман е ксеростомија и последиците од тоа, кои влијаат на квалитетот на секојдневниот живот на пациентот. Ова истражување дава посебна важност на субјективното чувство на ксеростомијата кое се манифестира како сувост во усната шуплина, проследена со опструктивно џвакање и голтање на храната, најчесто поради изумирање на клетките во плунковите жлезди кои се афектирани во текот на радиотерапија. Оваа студија за цел има да го процени влијанието на терапијата со модулирано зрачење на интензитетот (IMRT), со различен интензитет и доза, врз функцијата на сливарните жлезди.

4. Chakalaroski P, Klisarovska V, **Kostadinova L**, Dameska A, Adjiska Mitkov A, Ivanova O. COMPARISON OF TWO RADIOTHERAPY TECHNIQUES IN TREATMENT OF PATIENTS WITH INOPERABLE (ADVANCED) CERVICAL CANCER. Journal of Morphological Sciences. 2022 Aug 31. http://www.jms.mk/jms/article/view/vol5no2-6 **(меѓународно списание).**

Трудот дава осврт на третманот на напреднатиот карцином на грлото на матката кој се лекува со радиотерапија, целна терапија, хемотерапија или комбиниран третман од претходно наведените. Стандардизираниот прифатен третман на неоперабилен рак на грлото на матката е истовремена хемо-радиотерапија (CCRT) проследена со брахитерапија. Техниките на радиотерапија кои се користат се тридимензионална конформална радиотерапија (3D-CRT) и интензитет модулирана зрачна терапија (IMRT). Во оваа студија учествувале 30 жени пациенти, средна просечна возраст од 52 години во моментот на зрачење. Во ова истражување се опфатени планираните целни волумени кои се ирадираат, како и несаканите ефекти кои произлегуваат од третманот на напреднатиот цервикален карцином.

5. Danilo, Nonkulovski, Tankoska Maja, Pandovska Bisera, Sofijanova Aspazija, Kimovska Mica, Bicevska-Mandzukovska Hristina, Voinovska Tamara, Martinova Kata, and **Kostadinova Lence**. "PROCALCITONIN AS A PROMISING BIOCHEMICAL MARKER FOR EARLY DETECTION AND TREATMENT OF SEPSIS IN NEONATES AT INTENSIVE CARE UNIT AND ONCOLOGIC PATIENTS WITH FEBRILE NEUTROPENIA". Acta Morphologica 17, no. 2 (2020): 5-11. **(меѓународно списание).**

Целта на ова истражување е да се утврди улогата на Прокалцитонинот (PCT) во воспоставувањето на рана дијагноза на сепса, неговата чувствителност и специфичност во корелација со други воспалителни маркери и крв културата како златен стандард. Заклучокот покажа дека нивото на PCT може да обезбеди брза дијагноза на сепса, додека не се добијат резултатите од крвната култура.

Зголеменото ниво на PCT овозможува да се утврди сериозноста на инфекцијата со цел да се спречи влошување на состојбата, развој на тешка сепса и септичен шок притоа помагајќи во изборот на соодветна терапија.

6. Nonkulovski, Danilo, Tankoska Maja, Sofijanova, Aspazija, Naunova Timovska, Silvana, Kimovska Hristova, Mica, Bicevska Mandzukovska, Hristina, Voinovska, Tamara, Neshkova, S., Martinova, Kata, Kocheva, Svetlana, Antevska, Z., Jovanovska, A., Teov, B., **Micevska - Kostadinova, L.** PROCALCITONIN-EARLY BIOCHEMICAL MARKER FOR DIAGNOSIS, PROGNOSIS AND TREATMENT OF SEPSIS IN NEONATES AND ONCOLOGICAL PATIENTS WITH FEBRILE NEUTROPENIA. Journal of Morphological Sciences. 2020 Jul 8;3(2):74-80. **(меѓународно списание).**

Педијатриската сепса е животозагрозувачка состојба, во која имунолошкиот систем, наместо да ја контролира инфекцијата, предизвикува оштетување на ткивата и органите. Целта на оваа студија е да се утврди улогата на прокалцитонинот (PCT) во раната дијагноза на сепса кај високоризични доенчиња и онколошки пациенти со фебрилна неутропенија, неговата прогностичка вредност, и улогата на PCT во изборот на антибиотик. Студијата е дизајнирана како ретроспективно-перспективна, вклучувајќи 60 критични новороденчиња и 40 онколошки пациенти. Со мерење на вредностите на PCT, може да се направи рана дијагноза на сепса. Ова е важно за да се започне со антибиотици и да се превенира сепса и септичен шок. Динамиката во вредностите на PCT го одредува времетраењето на антибиотикот, неговата модификација, рационалните употреба и појавата на отпорност кон него.

7. Mucha A, Amzai G, Ristevska T, Milenkovik T, Jashari E, **Kostadinova L**, Biljali S, Jovchevska JM. NGAL and Cystatin C: Two possible early markers of diabetic nephropathy in patients with type 2 diabetes mellitus. Македонски медицински преглед - Macedonian Medical Review. 2020. **(меѓународно списание).**

Во овој труд е анализирана дијабетична нефропатија (ДН) која е прогресивно бубрежно оштетување кое се карактеризира со оштетена бубрежна архитектура и функција и е една од водечките причини за трајно бубрежно оштетување. Пациентите со ДН имаат висока стапка на смртност, што првенствено се должи на кардиоваскуларни компликации. Во секојдневната практика во Република Северна Македонија, серумскиот креатинин, микроалбуминуријата и стапката на гломерулна филтрација се користат за откривање на ДН. Сепак, овие стандардни тестови не секогаш овозможуваат откривање на почетна ДН. Целта на оваа студија била да се испита улогата на NGAL (во урината) и Cystatin C (во серумот) вредности како додатно тестирање на постојните маркери (микроалбуминурија и креатинин) при демаскирање на рано структурно и функционално терминално оштетување на бубрежната функција кај асимптоматски пациенти со дијабет мелитус тип 2. NGAL и Cystatin C, како биомаркери на ренално оштетување, се во корелација со намалената ренална функција кај пациенти со DM тип 2, што укажува на тоа дека NGAL и Cystatin C може да се користат како додатни тестови на постојните (креатинин и микроалбуминурија) за да се демаскира раната ренална дисфункција.

**Труд објавен во зборник на трудови на стручен собир**

8. RAD Conference – BOOKS OF ABSRACTS 2018 ,**Kostadinova L**, INTENSITY-MODULATED RADIATION THERAPY IN HEAD AND NECK CARCINOMAS, page 312

9. RAD Conference – BOOKS OF ABSRACTS 2019,

1. Petar Chakalaroski, VioletaKlisarovska, Igor Stojkovski, **Lenche Kostadinova**,

Bojana Petreska, Organ wall as a superior volume in presenting theabsorbed dose compared to the whole organ volumein intensity-modulated irradiation therapy-treated gynecological malignancies,Page 298.

2. **Lenche Kostadinova**, Petar Chakalaroski, Marina S.Vukashinovik, Adaptive radiotherapy in advanced nasopharyngealcarcinoma - Case report, |Page 465

10. RAD Conference – BOOKS OF ABSRACTS 2020

1. Petar Chakalaroski, Violeta Klisarovska, **Lenche Kostadinova**, Marija Simonovska,Dosimetric evaluation of two intracavitary brachytherapy modalities in treatment of inoperable cervical cancer . page111

11. 4-th Macedonian ENT Conress with Intwrnational Participation: 2017

**1. L.Kostadinova**. V. Krstevska, Radiotherapy in advanced laryngeal cancer, Page 39-40.

2. V.Krstevska, **L. Kostadinova**,Regional metastases in nasopharyngeal cancer and elective irradiation of lymphatic drainage area,Page 81-82.

12. 12-th BALKAN CONGRESS OF OTORHINOLARYNGOLOGY - HEAD AND NECK SURGERY, 1-st JOINT MEETING WITH AMERICAN ACADEMY OF OTOLARYNGOLOGY - HNS and 1-st JOINT MEETING WITH CONFEDERATION OF EUROPEAN ORL-HNS. Ohrid,North Macedonia.

1. **L.Kostadinova**,I.Dimovski,Use of target therapy in the treatment of locally advanced and recurrent or metastatic head and neck cancer.

13. Proceedings of then 10th Alpe-Adria Medical Physics Meeting Ljubljana, Slovenia. June 1-3, 2022- AAMPM 2022, Elena Hristovska, **Lenche Kostadinova**, Dushko Lukarski COMPARING SIMULTANEOUS INTEGRATED BOOST AND SEQUENTIAL BOOST IN LARYNGEAL AND PAROTIDGLAND HEAD AND NECK CANCER PATIENTS, page139.

**Издвоени презентации на конференции и стручни собири**

Д-р Ленче Костадинова реализирано повеќе презентации на научни конференции и стручни собири и како поканет предавач на меѓународни конгреси и симпозиуми:

1. 4-th Macedonian ENT Congress with International Participation, Ohrid, North Macedonia
2. 6 -th International Conference on Radiation and Application in Varios Fields of Research , Ohrid, North Macedonia
3. 7- th International Conference on Radiation and Application in Varios Fields of Research, Herceg Novi, Montenegro (RAD)
4. 12-th BALKAN CONGRESS OF OTORHINOLARYNGOLOGY – HEAD AND NECK SURGERY, 1-st JOINT MEETING WITH AMERICAN ACADEMY OF OTOLARYNGOLOGY - HNS and CONFEDERATION OF EUROPEAN ORL-HNS Ohrid,North Macedonia,
5. Симпозиум со меѓународно учество: Актуелности во лекувањето на оралниот карцином, 9.12.2023, Скопје, Здружение на максилофацијално хирурзи на Македонија. Наслов: Новитети во онколошкиот третман на малигномите на глава и врат.

**Учесник во научен проект**

Кандидатката д-р Ленче Костадинова како коистражувач активно има учествувано во повеќегодишните научноистражувачко мултицентрични,

интернационални клинички истражувања кои се реализираа на Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија - Скопје.

1. EPO-ANE-3010; дек./2008 – сеп./2010;
2. BIBF 1120; јан./2009 – сеп./2012;
3. M025515 - An Open-Label, Multicenter Study to Assess the safety of RO5185426 (Vemurafeniv) in patients with metastatic melanoma. Multi-center study evaluates the safety and efficacy of vemurafenib in participants with BRAF V600 mutation-positive, surgically incurable, and unresectable Stage IIIC or IV (American Joint Committee on Cancer [AJCC]) metastatic melanoma.

**Студиски престој во странство**

1. Едномесечен курс за нови техники во радиотерапија (VMAT) на карциноми на главата и вратот, Онколошки институт - Љубљана, Словенија (1/9/2016 – 1/10/2016).
2. Едномесечен курс за радиохирургија на мозок и стереотактична радиотерапија на возрасни и деца во Medikal Park, Истанбул, Турција (5/02018 - 5 /10/2018).
3. Учество на еднонеделни семинари во странство: Open Medical Institute, Salzburg Medical Seminars

07-14/12/ 2014 Oncology B: Thoracic and Head & Neck Cancers
09-15/12/ 2016 Oncology B: Soft Tissue, Bone, and Skin Malignancies
02-08/07/l 2017 Clinical Research Methods
02-08/12/ 2018 Palliative Care in Neurology & Neuro-Oncology
11-12/11/2020 Oncology B: Thoracic, and Head and Neck Cancers - OMInar
31/10-06/11/2022 Taste of Palliative Medicine Seminar
09-15/04 2023 Clinical Research Methods

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Д-р Ленче Костадинова во периодот од 2019 до 2023 година е добитник на признанија за својата стручно-апликативна работа, како и член е на комисии и организации со што придонесува за развој на стручно-апликативната организациско-развојна дејност.

1. Добитник на БЛАГОДАРНИЦА од Министерството за здравство на РС Македонија за активно учество во борбата против пандемијата со САРС ков2;
2. Од 2021 год. раководител на Оддел за малигни тумори на глава и врат при Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија – Скопје;
3. Член на онколошки конзилиум при Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија – Скопје;
4. Член на ЛКМ, MARO, ESMO,ESTRO, ESO.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование, како и Правилникот за посебни услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и според анализата на приложената документација, Рецензентската комисија едногласно констатира дека кандидатката д-р Ленче Костадинова ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање насловен доцент.

Од целокупната презентирана досегашна активност може да се заклучи дека кандидатката д-р Ленче Костадинова поседува квалитети и способности во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност.

Имајќи ги предвид сите факти што се наведени во овој извештај, како и освоените поени од нејзините активности од наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да ја избере кандидатката д-р Ленче Костадинова за наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област онкологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Лилјана Манева-Костовска, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Дева Петрова, насловен доцент, член, с.р.
Д-р Ценгис Јашар, насловен вонреден професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (9/6/3) | 2 x 9 x0,7= 12.6 и 1 x 3 =3 и 4 x 3 x 0,7 = 8,4 | | | | 24 |
| 5 | Труд со оргинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 4 | 8 | 4 | 12 | 20 |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир | 3 | 9 | | | 9 |
| 7 | Секциско предавање на научен собир | 2 | 4 | | | 4 |
| 9 | Учество на научен собир со реферат усно во земјава и во странство | 1 | 1 | 1 | 2 | 3 |
| 10 | Одбрана на докторска дисертација | | 8 | | | 8 |
| 11 | Одбранета специјализација | | 6 | | | 6 |
| 23 | Студиски престој во странство | | 8 | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **82** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 7 | Пленарно предавање на стручен собир | 2 | 4 | 2 | 8 | 12 |
| 13 | Учесник во научен проект | | | 3 | 24 | 24 |
| 15 | Техничко унапредување | 2 | 4 | | | 4 |
| 17 | Елаборати и експертизи | 2 | 4 | | | 4 |
| 19 | Стручни награди и признаанија | 1 | 4 | | | 4 |
| 26 | Раководител на оддел | | 3 | | | 3 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **51** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **133** |

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ГЕРМАНИСТИКА И ГРАМАТИКА, СЕМАНТИКА, СЕМИОТИКА, СИНТАКСА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1902-226/5 од 6.12.2023 година донесена на 277. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 14.6.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области *германистика* и *граматика, семантика, семиотика, синтакса* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **д-р Силвана Симоска**, редовен професор на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, претседател;
- **д-р Билјана Ивановска**, редовен професор на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
- **д-р Катерина Велјановска,** редовен професор на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 24.11.2023 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат: **д-р Драгана Кузмановска**, вонреден професор на Катедрата за германски јазик и книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената комплетна документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Драгана Кузмановска** е родена на 20.11.1980 година во Штип. Во 2003 година завршува додипломски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Катедрата за германски јазик и книжевност и се стекнува со стручен назив дипломиран професор по германски јазик и книжевност. По дипломирањето има неколку студиски престои во Виена, Австрија на Виенскиот Универзитет „Wiener Universität”.

Своето понатамошно усовршување го продолжува на двегодишните постдипломски студии на насоката Наука за јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” – Скопје во учебната 2003/2004 година. Ги положува сите испити предвидени со програмата за постдипломски студии, со просечна оценка 9.00. На 16 јуни 2009 година под менторство на проф. д-р Силвана Симиоска јавно го одбранува магистерскиот труд со наслов „Лексичката негација во германскиот и нејзините еквиваленти во македонскиот јазик“ со што се стекнува со академски степен магистер на филолошки науки.

На 5 февруари 2014 година, под менторство на проф. д-р Силвана Симоска, јавно ја одбранува докторската дисертација со наслов „Пословици и поговорки со анимална компонента во германскиот и во македонскиот јазик“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, со што се здобива со научен степен доктор по филолошки науки.

Драгана Кузмановска од јуни 2007 година е во редовен работен однос како помлад лектор на Институтот за јазици при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на јавен конкурс во јуни 2010 година е избрана во наставно-стручното звање лектор за наставно-научната област *германистика* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во јуни 2014 година е избрана во наставно-научно звање *доцент* за наставно-научните области *германистика* и *граматика, семантика, семиотика и синтакса* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во декември 2018 година е избрана во наставно-научно звање *вонреден професор* за наставно-научните области *германистика* и *граматика, семантика, семиотика и синтакса* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

По предлог на ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, проф. д-р Блажо Боев, на 27.6.2016 година (Одлука бр. 0201 – 568/3 од 27.6.2016 година) Универзитетскиот сенат ја избра доц. д-р Драгана Кузмановска за декан на Филолошкиот факултет.

Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип на својата 197. седница одржана на 3 септември 2019 година со непосредно и тајно гласање ја избира проф. д-р Драгана Кузмановска за *декан* на Филолошкиот факултет со мандат од три години.

Учествува во реализација на наставата на втор циклус студии на СП Германска филологија на Филолошкиот факултет, каде што реализира предавања по следниве предмети: Германска филологија; Германско-македонски контрастивни проучувања; Теории на валентност и Контрастивни фразеолошки проучувања.

***1. Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор***

***2.***

**1.1. Научен степен доктор на науки од соодветната научна област*:*** На 5 февруари 2014 година јавно ја одбранува докторската дисертација со наслов „Пословици и поговорки со анимална компонента во германскиот и во македонскиот јазик“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, со што се здобива со научен степен доктор по филолошки науки.

**1.2. Претходен избор во звање**: Кандидатката д-р Драгана Кузмановска во 2018 година е избрана во наставно-научно звање *вонреден професор* за наставно-научните области *германистика* и *граматика, семантика, семиотика, синтакса* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Одлука бр. 1902-229/3 од 19.12.2018 г. донесена на 185. седница на ННС на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип).

**1.3. Објавени најмалку пет рецензирани научни трудови во референтна научна публикација во последните пет години пред објавување на огласот за избор:**

| ТРУДОВИ ВО МЕЃУНАРОДНИ НАУЧНИ СПИСАНИЈА И ПУБЛИКАЦИИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Години на излегување на списанието** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Vitanova-Ringaceva, Ana and Kuzmanovska, Dragana and Koceva, Vesna and Ivanova, Biljana and Kirova, Snezana | *"Flipped classroom" – the future of modern teaching* | EDULEARN23 Proceedings of 15th International Conference on Education and New Learning Technologies. ISSN 2340-1117 | трудот е објавен во 2023 г. |
| 2. | Kuzmanovska, Dragana and Koceva, Vesna and Vitanova-Ringaceva, Ana and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana | *Finding a suitable method for teaching Phraseological units.* | EDULEARN23 Proceedings of 15th International Conference on Education and New Learning Technologies. ISSN 2340-1117 | трудот е објавен во 2023 г. |
| 3. | Vitanova-Ringaceva, Ana and Kuzmanovska, Dragana and Koceva, Vesna and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana | *Компаративните фразеологизми и нивната функција во градењето на мотивот „невино прогонетите хероини" во сказните на браќата Грим* | Knowledge International Journal, 54.5 (5). pp. 779-785. ISSN 2545-4439 | трудот е објавен во 2022 г. |
| 4. | Kuzmanovska, Dragana and Koceva, Vesna and Vitanova-Ringaceva, Ana and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana and Koteva, Ivana and Todorova, Marija | *Perception of Women in Society Given through Proverbs and Sayings* | EDULEARN22 Proceedings of 14th International Conference on Education and New Learning Technologies. pp. 5345-5349. ISSN 2340-1117 | трудот е објавен во 2022г. |
| 5. | Koceva Vesna, Kuzmanovska, Dragana, Kirova Snezana, *Vitanova-Ringaceva Ana* | *Analysis of Grammar Vocabulary in Foreign Language Textbooks: Italian, German, English, and Macedonian* | INTED 2022 Conference Proceedings, 16th International Technology, Education and Development Conference, pp. 5297-5305. ISSN 2340-1079 | трудот е објавен во 2022 г. |
| 6. | Kuzmanovska Dragana, Koceva Vesna, Kirova Snezana, *Vitanova-Ringaceva Ana,* Ivanova Biljana | *Using Fairy Tales for Enriching the Vocabulary of Foreign Languages* | INTED 2022 Conference Proceedings, 16th International Technology, Education and Development Conference pp. 5261-5266. ISSN 2340-1079 | трудот е објавен во 2022 г. |
| 7. | Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana | *Вклучување на фразеологизмите во раното детство-клуч за успех при усвојувањето на странскиот јазик* | Годишен зборник на Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев"-Штип, X (10). pp. 97-103. ISSN 1409-9187 | трудот е објавен во 2022 г. |
| 8. | Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana | *A contrastive study of German and Macedonian proverbs and sayings with an animal component* | Journal of Educational Sciences Theory and Practice, 17 (2). pp. 102-107. ISSN 1857-8705. | трудот е објавен во 2022 г. |
| 9. | Ivanova, Biljana and Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana | *Foreign language acquisition in schools* | ФИЛКО- Зборник на трудови од Шеста меѓународната научна конференција за филологија, култура и образование,6 (6). ISSN 978-608-244-871-8 | трудот е објавен 2021 г. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | Kuzmanovska Dragana, Koceva Vesna, Vitanova-Ringaceva Ana, Kirova Snezana, Ulanska Tatjana, Ivanova Biljana | *Phraseological units -"A thorn in the side" or "Icing on the cake" for language learners?* | EDULEARN21 Proceedings of 13th International conference on education and new learning technologies. pp.11111-11115. ISSN 2340-1117 | трудот е објавен во 2021 г. |
| 11. | Ulanska, Tatjana and Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana | *Semantic features of kinship terms in Macedonian, English and German* | Vospitanie Journal of Educational Sciences, Theory and Practice, 16 (1). pp. 55-59. ISSN 1857-8705 | трудот е објавен во 2021 г. |
| 12. | Ulanska, Tatjana and Kuzmanovska, Dragana and Todorova, Marija and Kirova, Snezana | *Extra linguistic factors behind lexical change in modern English, Spanish and German* | INTED2020 Proceedings of 14th International Technology, Education and Development Conference. pp. 2307-2311. ISSN 2340-1079 | трудот е објавен во 2020 г. |
| 13. | Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana and Ulanska, Tatjana and Ivanova, Biljana | *Phraseological equivalence as a communication tool* | INTED2020 Proceedings of 14th International Technology, Education and Development Conference. ISSN 2340-1079 | трудот е објавен 2020 г. |
| 14. | Ivanova, Biljana and Kirova, Snezana and Kuzmanovska, Dragana | *Анксиозноста кај учениците при изучувањето на странски јазик* | Годишен зборник на Факултетот за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 9 (9.) ISSN 1409-9187 | трудот е објавен 2020 г. |
| 15. | Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana and Ristov, Lidija | *Фразеологизмите од бајките во наставата по странски јазик* | Годишен зборник на Факултетот за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. pp. 75-82, 9 (9). ISSN 1409-9187 | трудот е објавен во 2020 г. |
| 16. | Ivanova, Biljana and Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana | *Предности при изучувањето на странски јазик од најмала возраст* | ФИЛКО - Зборник на трудови од Петта меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 5 (5). ISSN ISBN: 978-608-244-787-2 | трудот е објавен во 2020 г. |
| 17. | Kuzmanovska, Dragana and Ristova, Lidija and Ivanova, Biljana | *Моќта на фразеологизмите во светот на рекламите* | ФИЛКО-Зборник на трудови од Петта меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 5 (5). ISSN 978-608-244-787-2 | трудот е објавен 2020 г. |
| 18. | Ivanova, Biljana and Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana | *The influence of evaluation on students' motivation to learn a foreign language* | Vospitanie Journal of Educational Sciences, Theory and Practice, 11 (15). pp. 105-110. ISSN 1857-5331 | трудот е објавен во 2020 г. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 19. | Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana | *Фразеологизмите како важна алка во процесот на усвојување на странскиот јазик.* | ФИЛКО - Зборник на трудови од Четврта меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 4 (4). ISSN 978-608-244-698-1 | трудот е објавен во 2019 г. |
| 20. | Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana and Mrmeska, Viktorija | *Phraseological Optimum in Teaching Foreign Languages* | INTED2019 Proceedings of 13th International Technology, Education and Development Conference, pp. 2509-2512. ISSN 2340-1079 | трудот е објавен во 2019 г. |
| 21. | Kuzmanovska, Dragana and Tasevska, Marica and Ulanska, Tatjana and Hadzi-Nikolova, Adrijana | *Explicit instruction as a tool for improving language competence* | INTED2019 Proceedings of 13th International Technology, Education and Development Conference, pp. 3054-3057. ISSN 2340-1079 | трудот е објавен во 2019 г. |
| 22. | Ivanova, Biljana and Kirova, Snezana and Kuzmanovska, Dragana and Tasevska, Marica | *Investigation of instrumental and integrative motivation of learning second/foreign language in Macedonia* | Годишен зборник на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 9 (12). pp. 85-93. ISSN 1857-7059 | трудот е објавен 2018 г. |
| 23. | Dimova, Violeta and Kuzmanovska, Dragana and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana | *Evaluation of teaching language and literature in higher education* | Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 28 (3). pp. 775-778. ISSN 2545 – 4439 | трудот е објавен во 2018 г. |

**1.4. Објавен рецензиран универзитетски учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира кандидатот:**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Издавач | Година на издавање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Kuzmanovska, Dragana | *Phraseologie der deutschen Sprache (Фразеологија на германскиот јазик)* | Универзитет „Гоце Делчев”, Филолошки факултет, ISBN 978-608-244-936-4 | 2022 |
| 2. | Daskalovska, Nina and Kuzmanovska, Dragana and Dimova, Violeta | *Дополнителната настава - подготовка за поуспешно студирање* | Универзитет „Гоце Делчев”, Филолошки факултет, ISBN 978-608-244-644-8 | 2019 |

***2.*** **Посебни услови за избор во звање редовен професор:**

**2.1.Под негово менторство изработени дипломски или магистерски или докторски тези**

Во изборниот период проф. д-р Драгана Кузмановска е ментор на повеќе дипломски трудови и ментор на следниве магистерски трудови:

- Магистерски труд со наслов „Мотивацијата како клучен фактор во изучувањето на фразеологизмите во наставата по германски јазик“ на кандидат Викторија Мрмеска (Одлука бр. 1902-158/10 од 15.10.2020 г.);
- Магистерски труд со наслов „Фразеологизмите во наставата по германски

јазик и нивната застапеност во учебниците за средно образование во Република Македонија“ на кандидатот Емилија Шекеринова (Одлука бр.1002-80/51 од 29.5.2018 г.).

**2.2. Учествувал или раководел со научноистражувачки проекти**

- Драгана Кузмановска е истражувач во научноистражувачки проект „*Евалуација на наставата по јазик и книжевност во високото образование*“ на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (Одлука бр. 1902-68/3 од 1.3.2018 година донесена на 168. седница на ННС на Филолошкиот факултет во Штип).
- Драгана Кузмановска е главен истражувач на научноистражувачки проект „*Фразеологизмите како јазична, книжевна и културолошка нишка во наставата по македонски и по странски јазик*“, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (Одлука бр. 1902-136/14 од 14.6.2023 година донесена на 270. седница на ННС на Филолошкиот факултет во Штип).

***3. Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

**3.1. Наставно-образовна дејност**

Кандидатката проф. д-р Драгана Кузмановска има големо искуство во наставно-образовната дејност. Драгана Кузмановска од јуни 2007 година е во редовен работен однос како помлад лектор на Институтот за јазици при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на јавен конкурс во јуни 2010 година е избрана во наставно-стручното звање лектор за наставно-научната област *германистика* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во јуни 2014 година е избрана во наставно-научно звање *доцент* за наставно-научните области *германистика* и *граматика, семантика, семиотика и синтакса* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во декември 2018 година е избрана во наставно-научно звање *вонреден професор* за наставно-научните области *германистика* и *граматика, семантика, семиотика и синтакса* на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

По предлог на ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип проф. д-р Блажо Боев, на 27.6.2016 година (Одлука бр. 0201 – 568/3 од 27.6.2016 година) Универзитетскиот сенат ја избра доц. д-р Драгана Кузмановска за декан на Филолошкиот факултет.

Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип на својата 197. седница, одржана на 3 септември 2019 година, со непосредно и тајно гласање ја избира проф. д-р Драгана Кузмановска за *декан* на Филолошкиот факултет со мандат од три години.

Во периодот од студиска 2018/2019 година до студиска 2022/2023 година Драгана Кузмановска извршува наставни активности како вонреден професор по следните предмети на прв циклус студии на Филолошки факултет во Штип, СП Германски јазик и книжевност: Лексикологија на германскиот јазик, Синтакса на германскиот јазик, Семантика на германскиот јазик и Фразеологија на германскиот јазик.

Учествува во реализација на наставата на втор циклус студии на СП

Германска филологија на Филолошкиот факултет, каде што реализира предавања по следниве предмети: Германска филологија; Германско-македонски контрастивни проучувања; Теории на валентност и Контрастивни фразеолошки проучувања.

**3.2 Научноистражувачка дејност (оценка на научните, стручните и други остварувања на кандидатот што се релевантни за утврдување на условите за избор во звање вонреден професор):**

Кандидатката д-р Драгана Кузмановска дава значаен придонес во истражувањата и дискусиите во области *германистика* и *граматика, семантика, семиотика, синтакса* како автор и коавтор на голем број трудови објавени во меѓународни списанија и зборници, коишто ги наведуваме во продолжение со кратка евалуација за секој труд одделно.

**I. Трудови објавени во меѓународни научни списанија и во зборници од меѓународни научни конференции**

**1.** Vitanova-Ringaceva, Ana and **Kuzmanovska, Dragana** and Koceva, Vesna and Ivanova, Biljana and Kirova, Snezana (2023) “Flipped classroom” – the future of modern teaching. EDULEARN23 Proceedings of 15th International Conference on Education and New Learning Technologies. ISSN 2340-1117. **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32210**

**Евалуација на трудот**: Направено е темелно истражување во рамки на наставниот процес во кој се вклучени студенти коишто студираат филолошки науки, со цел да се воочи функционалноста на методот „превртена училница“ во високото образование. Во истражувањето учествувале студенти и професори од групите: Македонски јазик и книжевност, Англиски јазик и книжевност, Италијански јазик и книжевност и Германски јазик и книжевност. Во првиот дел од истражувањето е спроведена електронска анкета меѓу студентите за да се добијат информации за тоа дали имаат сознанија за методот „превртена училница“ и дали биле дел од наставата во која истиот се применувал. Вториот дел од истражувањето се состои од работилници во кои тимот наставници на соодветен начин ги запозна студентите со методот „превртена училница“ што, всушност, е подготовка за третата фаза од истражувањето во која тие треба да го применат овој метод врз наставната единица Фразеологизмите во јазикот што го студираат. Целта на ова истражување е да се насочат студентите да размислуваат во насока на употреба на современи наставни методи коишто се актуелни во светски рамки. Добиените резултати, како и истражувачките стратегии, се приложени во шематски прикази и табели.

**2.** **Kuzmanovska, Dragana** and Koceva, Vesna and Vitanova-Ringaceva, Ana and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana (2023) Finding a suitable method for teaching Phraseological units. EDULEARN23 Proceedings of 15th International Conference on Education and New Learning Technologies. ISSN 2340-1117. **URI:https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32208**

**Евалуација на трудот**: Во трудот е прикажано истражување спроведено во рамките на наставниот процес во коешто се вклучени вкупно 50 студенти од прва до четврта година од СП Англиски јазик и книжевност, СП Германски јазик и книжевност, СП Италијански јазик и книжевност и СП Македонски јазик и книжевност. Во еден дел од трудот се презентира прашалникот во кои дадени примери за примена на методот *Conceptual Metaphor* во рамките на воспитно-

образовниот процес и споредба со традиционалниот метод на поучување на фразеолошките единици. Во другиот дел од трудот се презентираат ставовите на учесниците во врска со примената на погореспоменатиот метод.

**3.** Vitanova-Ringaceva, Ana and **Kuzmanovska, Dragana** and Koceva, Vesna and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana (2022). *Компаративните фразеологизми и нивната функција во градењето на мотивот „невино прогонетите хероини“ во сказните на браќата Грим.* Knowledge International Journal, 54.5 (5). pp. 779-785. ISSN 2545-4439. **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30386**

**Евалуација на трудот:** Овој труд има за цел да ги детектира компаративните фразеологизми што се употребени во функција на опис на ликовите на двете хероини, со слична структура на лик. Изворниот корпус на лингвистичкиот материјал за овој труд се сказните на Браќата Грим, во оригинал на германски и во превод на англиски, италијански и македонски јазик. Во овој труд фокусот е врз двете хероини во сказните „Снежана“ и „Пепелашка“ кои имаат заеднички статус на „невино прогонети хероини“. Целта на овој научноистражувачки труд е да ги претстави сличностите и разликите во фразеолошките состави што се употребени во ист контекст, а во сосема различни јазични системи: македонскиот, германскиот, англискиот и италијанскиот. Трудот ги спојува знаењата од областа на фолклорот и од областа на јазикот, во корелација со наставниот процес, низ кој студентите ги стекнуваат неопходните знаења од двете полиња на интерес.

**4.** **Kuzmanovska, Dragana** and Koceva, Vesna and Vitanova-Ringaceva, Ana and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana and Koteva, Ivana and Todorova, Marija (2022). *Perception of Women in Society Given through Proverbs and Sayings.* EDULEARN22 Proceedings of 14th International Conference on Education and New Learning Technologies. pp. 5345-5349. ISSN 2340-1117. **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30092**

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се дава преглед на улогата на жената во општеството преку анализа на поголем корпус на поговорки и изреки со компонентата „жена“ на македонски, германски, англиски, италијански, шпански и турски јазик. Се прикажуваат резултати од истражување во кое учествуваат студенти од трета и четврта година од Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Студентите анализираат околу 50 поговорки и изреки на погореспоменатите странски јазици и нивните еквиваленти на македонски јазик. Прво се прикажуваат резултатите за позитивните и негативните карактеристики на жената, а потоа се прави споредба и се утврдува дека има повеќе сличности отколку разлики во однос на позитивната и негативната перцепција на жената во општеството.

**5.** Koceva, Vesna and **Kuzmanovska, Dragana** and Kirova, Snezana and Vitanova-Ringaceva, Ana (2022). *Analysis of Grammar Vocabulary in Foreign Language Textbooks: Italian, German, English, and Macedonian.* INTED 2022 Conference Proceedings,16th International Technology, Education and Development Conference, pp. 5297-5305. ISSN 2340-1079. **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29839**

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се анализира металингвистичката терминологија во учебниците по странски јазици, односно во учебниците по италијански, германски, англиски и македонски јазик како странски јазик наменети за ученици на почетно ниво А1.1. Анализата ја опфаќа поставеноста на граматичките термини и изрази, стратегиите што се употребуваат за да се објасни нивното значење, како и прашањата што се однесуваат на проблемите коишто може

да се појават при совладувањето на значењето на граматичките поими. Анализата вклучува елаборација на граматичките термини, но и лексиката којашто добива граматичка вредност во метајазичен контекст (на пр.: правилен, неправилен итн.), како и термини што се користат при објаснување на граматичките правила (на пр.: реченица, збор, слог и сл.). Авторките индивидуално работат на анализата, во зависност од странскиот јазик за кој се наменети учебниците, а потоа се применува методот на споредување на застапеноста на металингвистичката терминологија.

**6. Kuzmanovska, Dragana** and Koceva, Vesna and Kirova, Snezana and Vitanova-Ringaceva, Ana and Ivanova, Biljana (2022). *Using Fairy Tales for Enriching the Vocabulary of Foreign Languages*. INTED 2022 Conference Proceedings 16th International Technology, Education and Development Conference, pp. 5261-5266. ISSN 2340-1079. **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29840**

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се прикажуваат резултати од истражување во кое учествуваат студенти од трета и четврта година од Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, од студиските програми по англиски, германски, италијански и македонски јазик и книжевност. Истражувањето се состои од два дела. Во првиот дел се прави анализа за тоа колку читањето бајки во детската возраст помага за збогатување на вокабуларот и учење на поголем број фразеологизми. Вториот дел од истражувањето се состои во утврдување на познавањето на фразеологизмите кои се најмногу застапени во бајките „Снежана“ и „Пепелашка“ на мајчин и на странскиот јазик што го изучуваат студентите, како и примената на фразеологизмите.

**7. Kuzmanovska, Dragana** and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana (2022) Вклучување на фразеологизмите во раното детство - клуч за успех при усвојувањето на странскиот јазик. Годишен зборник на Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, X (10). pp. 97-103. ISSN 1409-9187. **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29575**

**Евалуација на трудот:** Во трудот се прикажуваат видувања во врска со имплементирање на фразеологизмите во наставата по англиски и германски јазик како странски јазик од рана возраст. Во првиот дел од трудот се презентира теориско истражување на широк спектар на литература поврзана со ова тематика и се советува како на најлесен начин да се вклучат фразеологизмите во наставниот процес. Се заклучува дека успехот во совладувањето на фразеолошките единици зависи од раната фаза на нивното поучување.

**8. Kuzmanovska, Dragana** and Kirova, Snezana (2022) A contrastive study of German and Macedonian proverbs and sayings with an animal component. Journal of Educational Sciences Theory and Practice, 17 (2). pp. 102-107. ISSN 1857-8705. **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/31147**

**Евалуација на трудот:** Во овој контрастивен труд се анализираат германски пословици и поговорки со животинска компонента и нивните македонски еквиваленти. Се прави обид да се одреди животинската компонента која е најзастапена во германските и македонските пословици и поговорки, односно да се воочи употребата на иста или на сосема различна компонента. Во текот на ова истражување се дава одговор на прашањата како што се: „Дали пословици и поговорки од двата јазика имаа некои сличности и покрај различните јазични групи на кои им припаѓаат?“ и „Дали имаат заеднички елементи?“. За да се дојде до соодветен одговор, прво се дефинираат поимите поговорка и пословица, а потоа се објаснуваат нивните сличности и разлики.

**9.** Ivanova, Biljana and **Kuzmanovska, Dragana** and Kirova, Snezana (2021) *Foreign language acquisition in schools.* ФИЛКО- Зборник на трудови од Шеста меѓународната научна конференција за филологија, култура и образование,6 (6). ISSN 978-608-244-871-8. **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/29749**

**Евалуација на трудот**: Во овој труд се прави анализа на основните предуслови неопходни за изучување на странските јазици и нивното усвојување во училиштата. Усвојувањето странски јазик во рамки на наставниот процес подразбира ангажман од страна на наставниците којшто вклучува употреба на соодветни методи, преку кои се олеснува освојувањето на странскиот јазик. Реализацијата и резултатите од истата во целост зависат од компетентноста на наставниците во делот со планирањето на активностите за часот. Основната и најважна алатка за успешна реализација на часот во кој треба да се совладаат вештините за изучување на странскиот јазик е мотивацијата. Мотивацијата како индивидуална и групна активност е носечкиот елемент врз кој се темелат резултатите коишто треба да бидат предмет на евалуација. Мотивацијата треба да биде најзначајниот сегмент врз кој паѓа фокусот на наставникот при планирање и реализација на часот.

**10.** **Kuzmanovska, Dragana** and Koceva, Vesna and Vitanova-Ringaceva, Ana and Kirova, Snezana and Ulanska, Tatjana and Ivanova, Biljana (2021). *Phraseological units -"A thorn in the side" or "Icing on the cake" for language learners?* EDULEARN21 Proceedings of 13th International conference on education and new learning technologies. pp.11111-11115. ISSN 2340-1117. **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28300**

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се прикажува истражување кое има за цел да ја нагласи важноста на фразеологизмите во непречената комуникација на странски јазик, и тоа на англиски, на германски, на италијански и на македонски јазик. Во трудот авторките се обидуваат да дадат одговор на прашањата: „Дали студентите - филолози од трета и четврта година на студии ги познаваат и препознаваат фразеологизмите како специфични лексички категории?"; „Дали студентите филолози сметаат дека фразеологизмите се алатки кои укажуваат на повисоко ниво на познавање на странскиот јазик?" и „Дали студентите филолози ги сметаат фразеологизмите како „трн во око", или пак, како „цреша на шлагот"?". Во истражувањето учествуваат 65 студенти од катедрите за англиски, германски, италијански и македонски јазик и книжевност.

**11.** Ulanska, Tatjana and **Kuzmanovska, Dragana** and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana (2021) Semantic features of kinship terms in Macedonian, English and German. Vospitanie Journal of Educational Sciences, Theory and Practice, 16 (1). pp. 55-59. ISSN 1857-8705. **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/28426**

**Евалуација на трудот:** Трудот ги опишува семантичките карактеристики на роднинските поими на македонски, англиски и германски јазик и се обидува да направи анализа од семантички аспект на посочените јазици. Во трудот се споредува семантиката на роднински термини од перспектива на компаративна анализа на македонскиот, од една страна, со англискиот и германскиот од друга. Ваквата анализа е потребна бидејќи различните јазични групи имаат свои различни семантички карактеристики. Трудот дава увид во компаративната анализа, прикажувајќи ги сличностите и разликите во лексичките полиња на роднинските поими и, на крајот се извлекуваат важни заклучоци и согледувања за нивните културни особености.

**12.** Ulanska, Tatjana and **Kuzmanovska, Dragana** and Todorova, Marija and Kirova, Snezana (2020) *Extra linguistic factors behind lexical change in modern English, Spanish and German*. INTED2020 Proceedings 14th International Technology, Education and Development Conference. pp. 2307-2311. ISSN 2340-1079. **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24262**

**Евалуација на трудот:** Овој труд има за цел да ги претстави причините за лексичката промена во современиот англиски, шпански и германски јазик. Граматиката и фонетиката во еден јазик се релативно затворени системи, додека лексиката на кој било јазик е определена и приспособена на постојаните промени и од заедницата и од глобалните влијанија. Трудот ги претставува и ги разгледува внатрешните (јазични) и надворешните (екстралингвистички) фактори како причини за јазичната промена. Фокусот, сепак, е ставен на истражувањето на дополнителните јазични фактори поврзани со лексичката промена, лексичкото додавање и губење во ера на зголемени глобални технолошки подобрувања и мобилност.

**13. Kuzmanovska, Dragana** and Kirova, Snezana and Ulanska, Tatjana and Ivanova, Biljana (2020) *Phraseological equivalence as a communication tool*. INTED2020 Proceedings of 14th International Technology, Education and Development Conference. ISSN 2340-1079**. URI:https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24126**

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторите се обидуваат да го разјаснат поимот еквиваленција преку примери на германски и англиски фразеологизми, како широко користени јазици. Воедно целта е да се истакне важноста на поимот еквиваленција во однос на фразеологизмите. Како главна алатка за комуникација се посочува еквивалентноста, а тоа е наоѓање на правилни јазични паралели меѓу јазиците на кои се одвива комуникацијата. Во овој контекст треба да ги спомeнеме фразеологизмите како специфична јазична категорија, карактеристична за секој јазик поединечно, што всушност е голема пречка за комуникација на различни јазици. Проблемот е во неможноста секогаш да се најдат соодветни еквиваленти на изворниот јазик во целниот јазик.

**14.** Ivanova, Biljana and Kirova, Snezana and **Kuzmanovska, Dragana** (2020) *Анксиозноста кај учениците при изучувањето на странски јазик*. Годишен зборник на Факултетот за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев"-Штип, 9 (9.) ISSN 1409-9187. **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26611**

**Евалуација на трудот:** Главен фокус на истражувањето во овој труд се причините за анксиозноста при учење странски јазик. Од една страна се испитуваат ситуационите варијабли, а од друга варијаблите на учениците. Истражувањата покажуваат дека постојат одредени карактеристики на учењето странски јазик кои имаат потенцијал да предизвикаат анксиозност кај учениците која во други ситуации на учење не би ја доживеале.

**15. Kuzmanovska, Dragana** and Kirova, Snezana and Ristov, Lidija (2020) *Фразеологизмите од бајките во наставата по странски јазик*. Годишен зборник на Факултетот за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев"-Штип. pp. 75-82, 9 (9). ISSN 1409-9187**. URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/26659**

**Евалуација на трудот:** Трудот има за цел, пред се, да го истакне високиот степен на конотативен и креативен потенцијал на фразеологизмите и се фокусира на бајките, бидејќи тие се интерпретираат на ист/сличен начин во повеќето култури и јазици. Затоа бајките се погодни за полесно изучување на странски јазик. Трудот има за цел да го истакне високиот степен на конотативен и креативен

потенцијал на фразеологизмите. Условени од нивните специфични обележја и својства, фразеологизмите имаат способност да ја пренесат пораката на бајката до учениците/студенти коишто се еден од главните чинители на воспитно-образовниот процес.

**16.** Ivanova, Biljana and **Kuzmanovska, Dragana** and Kirova, Snezana (2020) *Предности при изучувањето на странски јазик од најмала возраст*. ФИЛКО - Зборник на трудови од Петта меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 5 (5). ISSN ISBN: 978-608-244-787-2**. URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27595**

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се разгледуваат предностите при изучувањето на странски јазик од најмала возраст кога всушност и треба да се наметне потребата и значењето на една ваква активност. Изучувањето на странскиот јазик од најмала возраст вклучува посебни програми по коишто се водат наставниците. Генерално, учењето и зборувањето на повеќе од еден јазик се смета за предност. Зборувањето втор или странски јазик за една личност претставува можност да комуницира со поголем број на луѓе, зголемувајќи ги своите образовни, социјални и професионални можности.

**17. Kuzmanovska, Dragana** and Ristova, Lidija and Ivanova, Biljana (2020) *Моќта на фразеологизмите во светот на рекламите.* ФИЛКО-Зборник на трудови од Петта меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 5 (5). ISSN 978-608-244-787-2**. URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/27596**

**Евалуација на трудот:** Целта на овој труд, пред сѐ, е да го истакне високиот степен на конотативен и креативен потенцијал на фразеологизмите. Условени од нивните специфични обележја и својства, фразеологизмите имаат способност да ја пренесат пораката од производителот до масовната публика, без да вметнат елементи на субјективизам. Рекламите имаат за цел да го привлечат вниманието на целната група наречена потрошувачи или корисници на производи. За да се направи што е можно повпечатлива реклама се употребуваат различни механизми меѓу кои ги потенцираме фразеологизмите поради нивната сликовитост, односно метафоричност.

**18.** Ivanova, Biljana and **Kuzmanovska, Dragana** and Kirova, Snezana (2020) *The influence of evaluation on students' motivation to learn a foreign language*. Vospitanie Journal of Educational Sciences, Theory and Practice, 11 (15). pp. 105-110. ISSN 1857-5331. **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24406**

**Евалуација на трудот:** Овој труд се занимава со прашањето како различните методи на евалуација даваат можности на учениците да исполнат различни мотиви. Целни групи се студенти од трета година од катедрите англиски јазик и книжевност, германски јазик и книжевност и македонски јазик и литература на Филолошкиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, по 15 од секоја насока. Тие одговараат на 15 прашања во врска со различните методи со кои се оценуваат. Резултатите се користат за да ни дадат увид во влијанието на различните методи на оценување врз мотивацијата на студентите, и да послужат како инспирација за наставниците.

**19. Kuzmanovska, Dragana** and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana (2019) *Фразеологизмите како важна алка во процесот на усвојување на странскиот јазик.* ФИЛКО - Зборник на трудови од Четврта меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 4 (4). ISSN 978-608-244-698-1. **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/23870**

**Евалуација на трудот:** Фразеологизмите се важна алка во процесот на изучување на еден странски јазик и тие дури и укажуваат на висок степен на познавање на странскиот јазик. Поради ова, трудот е посветен на категоријата зацврстени лексеми наречени фразеологизми и нивната улога во усвојување на еден странски јазик. Се смета дека оваа категорија лексеми е занемарена во наставата по странски јазик и поради ваквото занемарување се јавуваат тешкотиите во процесот на комуникацијата.

**20. Kuzmanovska, Dragana** and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana and Mrmeska, Viktorija (2019) *Phraseological Optimum in Teaching Foreign Languages*. INTED2019 Proceedings of 13th International Technology, Education and Development Conference, pp. 2509-2512. ISSN 2340-1079. **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21830**

**Евалуација на трудот:** Трудот се заснова на истражување на застапеноста и знаењето на германската фразеологија, за што се користени неколку фразеолошки речници и речници на германскиот како странски јазик. За истражувањето се избрани вкупно 50 најпопуларни германски фразеологизми и нивните еквиваленти на англиски јазик. Со користење на соодветен прашалник, се обидуваме да дознаеме каква е состојбата на таканаречениот „фразеолошки оптимум" со студентите кои учат германски и англиски како странски јазици на катедрите за германски јазик и англиски јазик на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, со студенти од прва до четврта година.

**21. Kuzmanovska, Dragana** and Tasevska, Marica and Ulanska, Tatjana and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2019) *Explicit instruction as a tool for improving language competence.* INTED2019 Proceedings of 13th International Technology, Education and Development Conference, pp. 3054-3057. ISSN 2340-1079. **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21829**

**Евалуација на трудот:** Трудот претставува резултат на истражувањето спроведено во согласност со проектот „Дополнителната настава како алатка за подобрување на јазичната компетентност на студентите на Филолошкиот факултет". Целта на овој проект е да се откријат слабостите на студентите од нивното претходно образование и да се надминат со дополнителна настава во времетраење од два семестри, два часа неделно. Резултатите од тестовите имаат за цел да ја подобрат јазичната компетентност на студентите од Катедрата за германски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет, Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. Резултатите даваат одговор на прашањето дали оваа дополнителна настава придонесува за подобрување на јазичната компетентност на студентите.

**22.** Ivanova, Biljana and Kirova, Snezana and **Kuzmanovska, Dragana** and Tasevska, Marica (2018) *Investigation of instrumental and integrative motivation of learning second/foreign language in Macedonia*. Годишен зборник на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев"- Штип, 9 (12). pp. 85-93. ISSN 1857-7059. **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21255**

**Евалуација на трудот:** Примарната цел на овој труд е да ја испита инструменталната и интегративната мотивација на македонските изучувачи на англискиот и германскиот јазик како странски јазик и да ги истражи домените на англискиот и германскиот јазик релевантни за студентите на додипломски студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Оваа истражување опфаќа 50 студенти на англиски и германски јазик од УГД Штип. Истражувањето се обидува да даде одговор на прашањето за нивото на мотивацијата и евентуално да даде

дополнителен увид за подобро идентификување на постоечките мотивациски предизвици во настава по странски јазик во земјава.

**23.** Dimova, Violeta and **Kuzmanovska, Dragana** and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana (2018) *Evaluation of teaching language and literature in higher education.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 28 (3). pp. 775-778. ISSN 2545 – 4439. **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21088**

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се презентира проектот „Евалуацијата во наставата по јазик и книжевност во високото образование". Со проектот се опфатени различни видови евалуациски постапки, со цел да се утврди остварливоста на целите и задачите на наставата и учењето, кои се трансформираат во квалитативни и квантитативни промени во развојот на студентите. Евалуацијата се одвива и во процесот на учењето, како и на крајот, како завршна фаза во процесот на наставата, односно се спроведува формативно и сумативно оценување на постигнувањата и на студентите и на нивните наставници. Се истражуваат видовите евалуации и се дадени примери на евалуациски постапки. Се прави обид да се дефинира поимот и теориски да се втемели акциското истражување.

**II. Учество на меѓународни научни конференции и собири**

**24. Кузмановска, Драгана** (2018). Меѓународна научна конференција Knowledge in practice. Усна презентација на труд со наслов „Evaluation of teaching language and literature in higher education", Institute of knowledge management, Скопје, декември 2018;

**25. Кузмановска, Драгана** (2019). 13th International Technology, Education and Development Conference, INTED. Усна презентација на труд со наслов „Explicit instruction as a tool for improving language competence", Валенсија, Шпанија, 11-13 март 2019;

**26. Кузмановска, Драгана** (2019). 13th International Technology, Education and Development Conference, INTED. Усна презентација на труд со наслов „Phraseological Optimum in Teaching Foreign Languages", Валенсија, Шпанија, 11-13 март 2019;

**27. Кузмановска, Драгана** (2019). Четврта меѓународна научна конференција „Филологија, култура и образование - ФИЛКО". Усна презентација на труд со наслов „Фразеологизмите како важна алка во процесот на усвојување на странскиот јазик". Воронешки државен универзитет, Воронеж, Русија и Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, 23-25 мај 2019 година;

**28. Кузмановска, Драгана** (2020). Петта меѓународна научна конференција „Филологија, култура и образование - ФИЛКО". Усна презентација на трудовите „Моќта на фразеологизмите во светот на рекламите" и „Предности при изучувањето на странски јазик од најмала возраст". Воронешки државен универзитет, Воронеж, Русија и Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, 8-9 октомври 2020 година;

**29. Кузмановска, Драгана** (2020). 14th International Technology, Education and Development Conference INTED2020. Усна презентација на трудовите „ Phraseological equivalence as a communication tool" и „Extra linguistic factors behind lexical change in modern English, Spanish and German". Валенсија (Шпанија), 2-4 мај 2020

**30. Кузмановска, Драгана** (2021). 13th International conference on education and new learning technologies EDULearn21. Усна презентација на труд со наслов „Phraseological units - "A thorn in the side" or "Icing on the cake" for language learners?". 5-6 јули 2021;

**31. Кузмановска, Драгана** (2021). Шеста меѓународна научна конференција „Филологија, култура и образование - ФИЛКО". Усна презентација на труд со наслов „Foreign language acquisition in schools". Воронешки државен универзитет, Воронеж, Русија и Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, 18-19 октомври 2021 година;

**32. Кузмановска, Драгана** (2022). 16th International Technology, Education and Development Conference INTED2022. Усна презентација на труд со наслов „Analysis of Grammar Vocabulary in Foreign Language Textbooks: Italian, German, English, and Macedonian", Валенсија (Шпанија), 7-8 март 2022;

**33. Кузмановска, Драгана** (2022). 14th International Conference on Education and New Learning Technologies EDULEARN22. Усна презентација на труд со наслов „Perception of Women in Society Given through Proverbs and Sayings". Палма, Шпанија, 4-6 јули 2022;

**34. Кузмановска, Драгана** (2022). VII Меѓународна научна конференција „Македонскиот јазик - извор на научни истражувања". Усна презентација на труд со наслов: „Етнонимските фразеологизми" (анализа на германски и англиски фразеолошки корпус и приказ на нивни македонски еквиваленти)". Скопје, 19–20 октомври 2022;

**35. Кузмановска, Драгана** (2023). 15th International Conference on Education and New Learning Technologies EDULEARN23. Усна презентација на труд со наслов: „Finding a suitable method for teaching Phraseological units". Палма, Шпанија, 3-5 јули 2023;

**36. Кузмановска, Драгана** (2023). Међународна научна конференција Опсцена и друга колоквијална лексика у српском и македонском језику. Усна презентација на трудовите: „Пежоративни и опсцени изрази у дијалозима и монолозима у књижевности и њихови преводи (немачки-македонски, македонски-немачки)" и „Најчесто употребуваните вулгарни лексеми во фразеологизмите". Филозофски факултет, Универзитет во Ниш, 17-18 октомври 2023 година;

**37. Кузмановска, Драгана** (2023). Меѓународен научен собир „Денови на Благоја Корубин". Усна презентација на труд со наслов: „Позитивни искуства од употребата на Фразеолошкиот речник на македонскиот јазик во изучувањето на јазиците во рамки на наставниот процес". Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје, 4-5 мај 2023 година;

**38. Кузмановска, Драгана** (2023). Меѓународна научна конференција „Италијански јазик, книжевност, историја и култура. Средба во реалниот, виртуелниот и имагинарниот простор". Усна презентација на труд со наслов „I rapporti familiari nei proverbi: potenzialita' interculturale ed implicazioni glottodidattiche", Нови Сад, Србија, 20-21 мај 2023;

**39. Кузмановска, Драгана** (2023). Меѓународна научна конференција „Innovation in Language Learning – 16th Edition". Усна презентација на труд со наслов „Comparative Consideration of Teachers' Attitudes Towards the Introduction of Self-Evaluation in Foreign Language Teaching in Different States". Фиренца, Италија, 9-10 ноември 2023.

**III. Студиски престој во странство**

**40. Кузмановска Драгана** (2022). Наставничка мобилност во рамките на Средноевропската програма за универзитетска размена – ЦЕПУС (CEEPUS) на Универзитет „Паисиј Хилендарски" - Пловдив, Република Бугарија. За време на престојот кандидатката одржува предавање на тема: „The cultural elements in the

textbooks for Italian, English, German and Macedonian as a foreign languauge used in higher education in the Republic of North Macedonia“ и „Gender Power Relations in German, English, Italian and Macedonian Phraseologisms“, од 5 декември до 9 декември, Пловдив, Република Бугарија.

**IV. Завршна евалуација на наставно-образовната и научноистражувачката дејност на вон. проф. д-р Драгана Кузмановска**

Од приложениот список на објавени трудови на реализираните активности во последните пет години, како и од евалуацијата на секој труд и на секоја активност поединечно, може да се забележи дека кандидатката д-р Драгана Кузмановска објавила солиден број научни и стручни трудови и реализирала голем број активности. Нејзината ангажираност по предмети во наставата во прв и втор циклус, поголемиот број трудови објавени во меѓународни научни списанија, учеството на меѓународни научни конференции во државата и надвор од неа, студискиот престој во странство и менторството, покажуваат дека кандидатката вон. проф. д-р Драгана Кузмановска во периодот од изборот во вонреден професор до денес реализирала мошне плодотворна наставно-педагошка и научноистражувачка дејност. Со тоа, кандидатката дала свој значаен придонес во наставно-образовниот процес на Филолошкиот факултет во Штип и во оспособувањето на помлади наставници и соработници.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Драгана Кузмановска е вклучена во подготвување и креирање на наставните програми за прв циклус на студии за СП Германски јазик и книжевност, и за втор циклус на студии СП Германска филологија, за период 2021 – 2025 година.

Во периодот од 2018 г. до 2020 г. учествува како истражувач во научноистражувачкиот проект „Евалуација на наставата по јазик и книжевност во високото образование“ (раководител и главен истражувач на проектот е проф. д-р Виолета Димова), Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во периодот од јуни 2022 до јуни 2025 година учествува како главен истражувач во научноистражувачкиот проект „Фразеологизмите како јазична, книжевна и културолошка нишка во наставата по македонски и по странски јазик“, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

На 27.6.2016 година Универзитетскиот сенат ја избра доц. д-р Драгана Кузмановска за декан на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.

На 11.9.2019 година Универзитетскиот сенат на 163. седница (Одлука бр. 0201-647/20 од 17.9.2019 г.) ја потврдува Одлуката за избор на декан од Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, кој едногласно ѐ доверува втор мандат од три години на проф. д-р Драгана Кузмановска.

**V. Учество во научни проекти**

**41. Драгана Кузмановска**, истражувач (2018-2020). Научноистражувачки проект „Евалуација на наставата по јазик и книжевност во високото образование“. Раководител и главен истражувач на проектот е проф. д-р Виолета Димова, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Одлука бр. 1902-68/3 од 1.3.2018 година донесена на 168. седница на ННС на Филолошкиот факултет во Штип). URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21216

**Евалуација на проектот:** Предмет на истражување на овој проект се

можностите за евалуација на наставниот процес во високото образование, во наставата по јазик и книжевност. Се истражувале различни видови евалуациски постапки со цел да се утврди остварливоста на целите и задачите на наставата и учењето кои се трансформираат во квалитативни и квантитативни промени во развојот на студентите. Евалуацијата се одвива и во процесот на учењето, како и на крајот, како завршна фаза во процесот на наставата, односно се спроведе формативно и сумативно оценување на постигнувањата и на студентите и на нивните наставници. Со евалуација на наставата се следи и процесот на реализација на новите курсеви по одделни студиски програми, а од студентите се добиваат непосредни информации за тоа што навистина мислат за курсот. Повратните информации за наставниот процес се добиваат со собирање податоци од страна на студентите и колегите наставници, а евалуацијата се спроведува со помош на евалуациски ливчиња, анкети, структурирана групна дебата или по пат на e-mail прашалник. Проектот се спроведува со студентите на Филолошкиот факултет од втора, трета и четврта година на студии, како и со дел од професорите што им предаваат на овие студенти, и тоа не само задолжителни, туку и изборни предмети и курсеви. Временската рамка на проектот е од февруари 2018 до февруари 2020 година.

**42. Драгана Кузмановска**, главен истражувач (2023-2025). Научноистражувачки проект „Фразеологизмите како јазична, книжевна и културолошка нишка во наставата по македонски и по странски јазик“, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. (Одлука бр. 1902-136/14 од 14.06.2023 година донесена на 270. седница на ННС на Филолошкиот факултет во Штип). URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32633

**Евалуација на проектот:** Предмет на истражување се придобивките од употребата на фразеологизмите како од јазична, така и од книжевна и културолошка гледна точка. Исто така фокусот на проектот е врз имплементирање на фразеологизмите во наставата по мајчин и по странските јазици кои се изучуваат на Филолошки факултет во Штип. Учесници во проектот се студентите од сите катедри на Филолошкиот факултет. Проектот цели кон стекнување и развивање на вештини кај студентите за препознавање и правилна употреба на фразеологизмите.

**VI. Рецензирани учебни помагала објавени на е-библиотека при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (2018 – 2023)**

**43. Kuzmanovska, Dragana** (2022). Phraseologie der deutschen Sprache (Фразеологија на германскиот јазик). Универзитет „Гоце Делчев”, Филолошки факултет, Штип, ISBN 978-608-244-936-4. **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/30977**

**Евалуација на трудот:** Овој рецензиран учебник нуди низа предности корисни за сите изучувачи на германскиот јазик, затоа што се обидува на концизен начин да ја разјасни фразеолошката терминологија со кои располага современиот германски јазик. Целта е на читателот да му се понуди општ преглед на фразеолошкиот корпус во современиот германски јазик, со посебен осврт на фактите кои можат да бидат од практично значење, т.е. од корист во наставата и во комуникацијата. Авторката се труди во оваа пригода читателите да не ги оптоварува со премногу детали кои не се неопходни и со кои само би го одвратиле нивниот интерес за посериозно изучување и нивно секојдневно користење во

секојдневниот говор. Таа верува дека јазичната теорија не треба да биде цел самата на себе, па затоа се потрудила овој учебник насловен како „PHRASEOLOGIE DER DEUTSCHEN SPRACHE“ („ФРАЗЕОЛОГИЈА НА ГЕРМАНСКИОТ ЈАЗИК“) да го оформи така што ќе им помогне на читателите да го унапредат знаењето на германскиот јазик и/или да им понуди информации, кои ќе можат да ги искористат подучувајќи други. Веруваме дека ова учебно помагало може на сите оние кои го владеат германскиот јазик на средно или на повисоко ниво да им помогне во тоа да постигнат неколку цели. Најважни се, секако, проширувањето на сопствениот лексички фонд, како и систематизацијата и продлабочувањето на знаењата од областа на фразеологијата. Освен тоа, од значење во поединечните случаи може да биде и создавањето основа за детално запознавање од различни аспекти на фразеолошкиот фонд на современиот германски јазик, како и усвојување на елементарниот терминолошки апарат, како основа за идни самостојни трудови на ова поле.

**44.** Daskalovska, Nina and **Kuzmanovska, Dragana** and Dimova, Violeta (2019) Дополнителната настава - подготовка за поуспешно студирање. Универзитет „Гоце Делчев", Филолошки факултет, Штип. ISBN 978-608-244-644-8. **URI: https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22497**

**Евалуација на трудот:** Оваа рецензирана е-книга произлегува од истражувањата кои биле реализирани во рамките на проектот „Дополнителната настава во функција на подобрување на знаењата на студентите на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кој бил финансиран од средствата од Фондот за научноистражувачка работа при Универзитетот. Целта на овој проект е да се откријат слабостите на студентите од нивното претходно образование и да се надминат со дополнителна настава во времетраење од два семестри, два часа неделно. Резултатите од тестовите имаат за цел да ја подобрат јазичната компетентност на студентите од Катедрата за германски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет, Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Резултатите даваат одговор на прашањето „Дали оваа дополнителна настава придонесува за подобрување на јазичната компетентност на студентите?“.

**VII.Учество на обуки, семинари, веб конференции и предавања, организација на настани**

Извршувајќи ја функцијата декан, во последните пет години, Кузмановска активно е вклучена во сите настани, работилници, вебинари, хуманитарни акции, конференции, гостувања на професори од странство и сл. кои се организираат во рамки на сите катедри на Филолошкиот факултет.

**VIII. Учество во универзитетски и факултетски органи, тела, комисии и слично**

**45. Драгана Кузмановска** е избрана за декан на Филолошкиот факултет, за мандат во рок од 3 години (2016-2019) (Одлука бр. 0201 – 568/3 од 27.6.2016 година). На 11.09.2019 година Универзитетскиот сенат на 163. седница (Одлука бр. 0201-647/20 од 17.9.2019 г.) ја потврдува Одлуката за избор на декан од Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, кој едногласно ѐ доверува втор мандат од три години на проф. д-р Драгана Кузмановска (2019-2022).

**46.** Член на Наставно-научен совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;

**47.** Член на Институт за јазици на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;

**48.** Член на Ректорска управа на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;

**49**. Член на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно стручни звања за наставно-научните области Германистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2021 г.(Одлука бр. 1902-180/4 од 06.10.2021г.);

**50.** Член на Рецензентска комисија за монографијата „Прагматичките истражувања“ од авторите проф. д-р Марија Кусевска и проф. д-р Билјана Ивановска (Одлуката бр.1902-70/16 од 31.3.2021 г.);

**51.** Член на Рецензентска комисија на книгата „Kulturspezifika in literarischer Übersetzung am Beispiel makedonisch-deutscher Übersetzungen. GRIN Verlag, Germany“ од проф. д-р Даринка Маролова во 2021 г.;

**52.** Член на Рецензентска комисија за скрипта по предметот Преведување од германски на македонски јазик и обратно, од проф. д-р Даринка Маролова, 2019 г.

**53.** Член на Рецензентска комисија за практикум по предметот Преведување од германски на македонски јазик и обратно, од проф. д-р Даринка Маролова, 2019 г.;

**54.** Член на Одбор за соработка и доверба со јавноста на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Одлука бр. 1902-209/4 од 8.11.2023г.);

**55.** Член на Комисија за за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области: германистика и преведување на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Одлука бр.1902-165/3 од 18.12.2019 г.);

**56.** Член на Комисија за оценка на магистерскиот труд со наслов „Усвојување на говорниот чин извинување од македонските изучувачи на германскиот јазик“ на кандидатот Стефан Трајчев (Одлука бр. 1902-136/19 од 14.6.2023 г.);

**IX РЕЦЕНЗЕНТ НА НАУЧЕН/СТРУЧЕН ТРУД**

**57.** Kusevska, Marija and Ivanovska, Biljana (2021) Прагматички истражувања. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Штип. ISBN 978-608-244-803-9.

**58.** Marolova, Darinka (2021) Kulturspezifika in literarischer Übersetzung am Beispiel makedonisch-deutscher Übersetzungen. GRIN Verlag, Germany.

**59.** Marolova, Darinka (2019) Скрипта по предметот преведување од германски на македонски јазик и обратно. ISBN 978-608-244-598-4.

**60.** Marolova, Darinka (2019) Практикум по предметот преведување од германски на македонски јазик и обратно. ISBN 978-608-244-597-7.

**61.** Рецензија на научен труд во списанието „Генитивниот падежен однос кај именките во германскиот јазик”, Меѓународен зборник на Филолошки факултет, УГД-Штип, 2023.

***4. Општа евалуација на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката д-р Драгана Кузмановска***

Евалуацијата на резултатите што ги постигнала кандидатката вон. проф. д-р Драгана Кузмановска покажува дека таа има искуство и достигнувања во трите посебни дејности. Во наставно-образовната дејност Драгана Кузмановска има искуство во високото образование како *вонреден професор* по предмети од областа *германистика и граматика, семантика, семиотика, синтакса* како дел од студиските програми од прв и втор циклус на студии на Филолошкиот факултет

во Штип. Објавените научни трудови во списанија со меѓународен карактер, како и учеството на меѓународни научни конференции, зборуваат за сериозниот пристап на кандидатката и во научноистражувачката работа, а учеството во голем број активности во функција на унапредување на нејзиниот личен професионален развој, како и објавените книги и учебни помагала наменети за наставата во високото образование, сведочат за една богата и продуктивна стручно-апликативна дејност на кандидатката д-р Драгана Кузмановска.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изнесените податоци и приложената документација за кандидатката, членовите на Рецензентската комисија со задоволство заклучуваат дека вонреден проф. д-р Драгана Кузмановска во целост ги исполнува сите законски критериуми за избор во наставно-научно звање *редовен професор*, предвидени со Законот за високото образование и со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Имено, како што може да се види од фактите изнесени погоре, д-р Драгана Кузмановска има наставно искуство во високото образование како вонреден професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во последните пет години. За потребите на студентите има објавено рецензиран учебник како научна публикација од областа што ја истражува. Кандидатката, исто така, има плодна научноистражувачка работа што се гледа од големиот број објавени трудови во меѓународни научни списанија и публикации и учеството како истражувач во научноистражувачки проект. Кон тоа треба да се приложи и активното учество на кандидатката на меѓународни научни конференции и бројни обуки за перманентно усовршување. Не помалку важен е и нејзиниот придонес во унапредувањето на стручно-апликативната и организациско-развојната дејност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, преку нејзината работа како декан на Филолошкиот факултет и активното учество во работата на бројни комисии, органи и тела. Нејзиниот ангажман во голем број настани од значење за Факултетот и Универзитетот говори за нејзиниот сериозен пристап и професионалност. Сето тоа сведочи за посветена и сериозна работа и постигнати резултати во наставно-образовната, во научноистражувачката, во стручно-апликативната и во организациско-развојната дејност.

Имајќи ги предвид предочените факти, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои овој извештај и да ја избере кандидатката проф. д-р Драгана Кузмановска во наставно-научно звање *редовен професор* за наставно-научните области *германистика и граматика, семантика, семиотика, синтакса.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Силвана Симоска, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Билјана Ивановска, редовен професор, член, с.р.
Д-р Катерина Велјановска, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

(Табела за вреднување на активностите на д-р Драгана Кузмановска во изборниот период од декември 2018 до декември 2023 година, според критериумите дадени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип)

| **Ред. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Избор во звање **вонреден професор** (Одлука бр. 1902-229/3 од 19.12.2018 г. донесена на 185. седница на ННС на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип). | 1 | 40 | | | **40** |
| | **ВКУПНО НО** | **40** | | | | |
| **Ред. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Научна книга (монографија) **Труд под ред.број 43 и 44** | 2 | 10 | | | **20** |
| **2.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор) **Труд под ред. бр. 8** | 1 | 9 | | | **9** |
| **3.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (втор автор) **Труд под ред. бр. 3, 11, 18, 23** | 4 | 6 | | | **24** |
| **4.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир **Труд под ред. бр. 1, 2, 4, 5, 6, 9, 10, 12, 13, 16, 17, 19, 20, 21, 22** | 4 | 2 | 10 | 3 | **38** |
| **5.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство **Активност под ред. бр. 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38 и 39** | 4 | 1,5 | 12 | 2 | **30** |
| **6.** | Студиски престој во странство **Активност под ред. бр. 40** | | | 1 | 8 | **8** |
| **7.** | Рецензент на научен труд **Ред. бр. 57, 58, 59, 60, 61** | 4 | 1 | 1 | 1,5, | **5,5** |
| | **ВКУПНО НИ** | **134.5** | | | | |

| Ред. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **1.** | **Раководител на научен проект**<br>**Активност под ред. бр. 42** | 1 | 6 | | | **6** |
| **2.** | Учесник во научен проект<br>**Активност под ред. бр. 41** | 1 | 3 | | | **3** |
| **3.** | Декан<br>**Активности под ред. бр.** 45 | 2 | 12 | | | **24** |
| **4.** | Член на универзитетски или владини тела<br>**Активности под ред. бр. 48** | 1 | 5 | | | **5** |
| **5.** | Член на факултетски орган, комисија<br>**Активности под ред. бр. 46, 49, 50, 51, 52, 53, 54, 55 и 56** | 9 | 2 | | | **18** |
| **6.** | Член на институтски орган, комисија<br>**Активности под ред. бр. 47** | 1 | 2 | | | **2** |
| | **ВКУПНО СА + ОР** | **58** | | | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **40 (НО) + 134.5 (НИ) + 58 (САОР) = 232.5** | | | | |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕН ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДИЈАТРИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-302/4 од 12.12.2023 година донесена на 313. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 12.12.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во наставно звање доцент за наставно-научната област педијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

- **д-р Анета Демерџиева,** насловен вонреден професор за наставно-научната област педијатрија, вработена во Клиничката болница „Аџибадем Систина“ во Скопје – претседател;
- **д-р Билјана Чонеска-Јованова,** насловен доцент за наставно-научната област педијатрија, вработена во Клиничката болница „Аџибадем Систина“ во Скопје – член;
- **д-р Валентина Велковска-Накова**, вонреден професор за наставно-научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 24.11.2023 година и во предвидениот рок се пријави 1 кандидат:

- д-р Марија Димитровска-Иванова, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на педијатријата.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Марија Димитровска-Иванова е родена на 23.7.1982 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип со континуиран одличен успех (5.00). Во учебната 2001/2002 година се запишува на студии на Медицинскиот факултет во Скопје. Дипломира на 3.12.2007 година со просечен успех 8,79 и се стекнува со стручниот назив доктор на медицина. По положувањето на стручен државен испит на 26 јуни 2008 година од страна на Лекарската комора на Република Македонија се здобива со Лиценца за работа.

Во 2008 година, со отворањето на Факултетот за медицински науки во Штип, е вработена од Матичната комисија со Одлука бр. 0206-1200 како помлад асистент на научно поле фундаментални медицински науки на седницата одржана на 6.8.2008 година. Од 6 јули 2009 год. врз основа на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ се распоредува на Катедра за анатомија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

На 3 мај 2010 година се запишува на специјализација по педијатрија на Клиниката за детски болести - Скопје при Медицински факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје под менторство на проф. д-р Стојка Нацева-Фуштиќ.

На Факултетот за медицински науки продолжува да работи и со Одлука бр. 2502-118/12 на 68. седница на Наставно-научниот совет од 29.3.2012 година е избрана во соработничко звање асистент за наставно-научно поле/ област клинички медицински науки.

На 133. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип, одржана на 29.1.2015 година, со Одлука бр. 2002-43/28 кандидатката ас. д-р Марија Димитровска-Иванова е избрана во асистент-докторанд од областа педијатрија.

На 18.3.2016 година успешно го положува специјалистичкиот испит и се стекнува со стручно звање специјалист по педијатрија.

Во октомври 2016 година се запишува на трет циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, насока Базични и клинички истражувања во медицината под менторство на проф. д-р Елизабета Зисовска и на 4.1.2021 година ја брани докторската дисертација на тема **„Корелација помеѓу секреторен имуноглобилин А од мајчиното млеко и alpha glutathione S transferase во серум кај доенчиња со акутен гастроентерит"** со просек 10,0 и се стекнува со научно звање доктор на медицински науки.

На 271. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип, одржана на 28.1.2022 година со Одлука бр. 2002-40/51 д-р Марија Димитровска-Иванова е избрана за насловен доцент за наставно-научната област педијатрија.

Од 1.3.2015 година со преземање асистент д-р Марија Димитровска-Иванова започнува да работи на Одделението за педијатрија при ЈЗУ Клиничка болница - Штип како доктор на медицина се до положувањето на специјалистичкиот испит на 18.3.2016 година кога со решение е прераспределена на работната позиција специјалист по педијатрија.

За време на работниот век асистент д-р Марија Димитровска-Иванова, повеќе пати била на усовршување. Од 1.6. - 31.7.2013 година била стипендист на Владата на Република Словенија и има објавено студиски престој, едукација и тренинг за цистична фиброза и педијатриска гастроентерологија на Детската клиника при Универзитетски клинички центар во Љубљана. Од 22-28.9.2013 година завршува обука од областа на педијатриската гастроентерологија во Салзбург, Австрија. Од 9 до 15.10.2016 година завршува обука од областа на ургентна педијатрија во Салзбург - Австрија. Од 19 до 21.9.2019 година завршува мастеркурс за педијатриска исхрана во Порто, Португалија. Од 18 до 21.5.2023 година завршува мастеркурс за акутно болно дете во Падова, Италија.

Кандидатката д-р Марија Димитровска-Иванова активно се служи со англиски јазик, работа со компјутери и статистичка обработка на податоци во Statistics 7,0 и SPSS.

Кандидатката д-р Марија Димитровска-Иванова е член на Лекарската комора на Република Северна Македонија, Македонско лекарско друштво и Здружението на педијатри на Република Северна Македонија.

До ден-денес д-р Марија Димитровска-Иванова работи како специјалист педијатар на Одделението за педијатрија при ЈЗУ Клиничка болница-Штип и како ангажиран асистент по педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Општи услови за избор**

- Просечен успех – додипломски студии 8,79.
- Научен степен – доктор на медицински науки. Докторската дисертација со наслов „Корелација помеѓу секреторен имуноглобилин А од мајчиното млеко и alpha glutathione S transferase во серум кај доенчиња со акутен гастроентерит” е одбранета на 4.1.2021 година на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
- Објавени минимум 4 научни трудови во референтна научна публикација:

| Бр. | Автори | Наслов на публикацијата | Списание | Импакт фактор Година на излегување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Dimitrovska-Ivanova Marija,** Zisovska Elizabeta, Nikolova Irena | Intracerebral hemorrhage in an eight year old girl | European Journal of Pediatrics, 2019 Vol. 178 Issue 11, 1761 | IF= 2,305 1910 г |
| 2 | **Dimitrovska-Ivanova Marija,** Nikolova Irena | Child with insect sting induced anaphylaxis | European Journal of Pediatrics, 2019 Vol. 178 Issue 11, 1644 | IF= 2,305 1910 г |
| 3 | Nikolova Irena, **Dimitrovska-Ivanova Marija,** Doneva Luiza | Is this Caroli disease? | European Journal of Pediatrics, 2019 Vol. 178 Issue 11, 1681 | IF= 2,305 1910 г |
| 4 | Nikolova Irena, **Dimitrovska-Ivanova Marija,** Doneva Luiza | Pleuropneumonia in a 7 year old boy | European Journal of Pediatrics, 2019 Vol. 178 Issue 11, 1795 | IF= 2,305 1910 г |
| 5 | Zisovska Elizabeta, Madzovska Lidija, **Dimitrovska-Ivanova Marija** | Pregnancy induced hypertension and neonatal growth | Knowledge-International Journal 2019 Vol 34(4) 915-919 | 2009 г |
| 6 | Zisovska Elizabeta, Madzovska Lidija, **Dimitrovska-Ivanova Marija** | Transient tachypnea of the newborn | Knowledge-International Journal 2019, Vol. 34(4) 925-929 | 2009 г |
| 7 | **Dimitrovska-Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta | Breast milk effects on clinical signs of acute gastroenteritis in infants up to 6 months of age | Research in Physical Education Sport and Health, 2020, 9(1), 145-150 | 2012 г |
| 8 | **Dimitrovska-Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta | Evaluation of breast milk sIgA protective role versus alpha glutathione S transferase in infants acute gastroenteritis | Physioacta, 2020, 14(1), 77-90 | 2007 г |
| 9 | **Dimitrovska-Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta | Clinical and microbiologic patterns of acute gastroenteritis on infants of different age | International Medical Journal Medicus, 2020 25 (2), 157-163. | 2004 г |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10 | **Dimitrovska-Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta | Impact of breast milk secretory immunoglobulin A on infants acute gastroenteritis | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 2020, 8(B), 897-901 | SJR=0,26 2008 г |
| 11 | **Dimitrovska-Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta | Alpha glutathione S-transferase – a potential biomarker for intestinal epithelial damage in infants with acute gastroenteritis | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 2020, 8(B), 902-905 | SJR=0,26 2008 г |
| 12 | **Dimitrovska-Ivanova Marija, Ushinova Vesna, Jordanova Cepreganova, Natasha** | Hemorrhagic shock as a primary and unusual manifestation of gastric cancer | Research in Physical Education Sport and Health, 2022, 11(1), 117-120 | 2012 |

- Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик – англиски јазик.
- Способност за изведување на високообразовна дејност – д-р Марија Димитровска-Иванова има 15-годишна академска кариера со четири избори од помлад асистент, асистент, асистент-докторанд и насловен доцент од областа на педијатријата.

**Посебни услови**

- Две препораки од професори – од проф. д-р Елизабета Зисовска, педијатар-неонатолог редовен професор во пензија и проф. д-р Анета Демерџиева, насловен вонреден професор за наставно-научната област педијатрија, вработена во Клиничката болница „Аџибадем Систина“ во Скопје.
- Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)= 45 (НИ)= 147,5 (САОР)= 8 или вкупно 200,5 поени.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Марија Димитровска-Иванова со Одлука бр. 0206-1200 од 6.8.2008 г. е избрана во помлад асистент на научно поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Со Одлука бр. 2502-118/12 на 68. седница на Наставно-научниот совет од 29.3.2012 година е избрана во соработничко звање – асистент за наставно-научно поле/ област клинички медицински науки. Со Одлука бр. 2002-43/28 на 133. седница на Наставно-научниот совет од 29.1.2015 г. е избрана во асистент-докторанд од областа педијатрија. Со Одлука бр. 2002-40/51 на 271. седница на Наставно-научниот совет од 28.1.2022 г. д-р Марија Димитровска-Иванова е избрана во насловен доцент за наставно-научната област педијатрија.

Во учебната 2008/2009 г. д-р Марија Димитровска-Иванова е ангажирана за реализација на вежби на прв циклус студии по предметите Анатомија 1 и Анатомија 2, Хистологија со ембриологија 1 на студиска програма Општа медицина, како и Анатомија и Патологија со патофизиологија на студиските програми Медицинска сестра/ техничар, Физиотерапевт и Медицински лаборант.

Во учебната 2010/2011 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Анатомија 1, Анатомија 2, Анатомија 3 студиска програма општа медицина, Анатомија 2 студиска програма за Дентална медицина, Анатомија и физиологија на око програма за оптометрија, Физиологија студиски програми по медицинска сестра/техничар, физиотерапевт и медицински лаборант, забен техничар протетичар. Педијатрија со нега студиски програми за медицинска сестра/ техничар и Педијатрија за студиската програма физиотерапевт.

Во учебната 2011/2012 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Анатомија 1 и Анатомија 2 за студиската програма Општа медицина, Анатомија 1 и Анатомија 2 за студиската програма Дентална медицина и Педијатрија со нега за студиската програма Медицинска сестра/ техничар.

Во учебната 2012/2013 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Анатомија 2 студиска програма Општа медицина, Анатомија студиски програми Медицинска сестра/ техничар, Физиотерпапевт и Медицински лаборант и Акушерки, Педијатрија 1 и Педијатрија 2 студиска програма Општа медицина, Педијатрија со нега и Основи на педијатрија, студиска програми Медицинска сестра/ техничар.

Во учебната 2013/2014 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Педијатрија 1 и Педијатрија 2, Фетална анатомија и малформации за студиска програма Општа медицина, Педијатрија со нега студиски програми Медицинска сестра/ техничар, Физиотерпапевт, Педијатрија вежби како дел од 12-ти семестар за студиската програма Општа медицина.

Во учебната 2014/2015 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Педијатрија 1 и Педијатрија 2 студиска програма по Општа медицина, Педијатрија со нега на новороденче студиска програма за акушерки, Педијатрија со нега студиска програма за медицинска сестра/ техничар, Неонатологија со нега на новороденче студиска програма за акушерки, Педијатрија вежби како дел од 12-ти семестар за студиската програма по Општа медицина.

Во учебната 2015/16 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите – Педијатрија 1 и Педијатрија 2 студиска програма за Општа медицина, Педијатрија со нега студиска програма за медицинска сестра/ техничар, Педијатрија со нега на новороденче студиска програма за акушерки.

Во учебната 2016/17 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите – Педијатрија 1 и Педијатрија 2 студиска програма по Општа медицина, Педијатрија со нега студиска програма за медицинска сестра/ техничар.

Во учебната 2017/18 и 2018/19 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите – Педијатрија 1 и Педијатрија 2 студиска програма по Општа медицина.

Во учебната 2019/20 и 2020/21 година е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите – Педијатрија 1 и Педијатрија 2 студиска програма по Општа медицина, Педијатрија со нега на новороденче, Неонатологија со нега на новороденче и Фетална анатомија и малформации студиска програма за акушерки, Педијатрија со нега за студиска програма медицинска сестра/техничар и Медицинска етика за студиските програми медициснка сестра/техничар, акушерки, физиотерапевти и лаборанти.

Во учебната 2022/23 и 2023/24 година е ангажирана за реализација на предавања и вежби од прв циклус студии по предметите – Педијатрија 1 и Педијатрија 2 студиска програма по Општа медицина, Педијатрија со нега за студиска програма медицинска сестра/техничар. Исто така д-р Марија Димитровска-Иванова е ангажирана за реализација на предавања и вежби од втор циклус студии по предметот Патронажна нега на новородено за студиската програма Дипломирана стручна медицинска сестра/техничар специјализирана за семејна и патронажна сестра.

Во сегментот на публикација на учебни помагала, д-р Марија Димитровска-Иванова учествува како коавтор во изработка на еден рецензиран прирачник за практична настава Нега на новородено дете за студентите од студиската програма Акушерки, материјал кој се изучува во состав на предметот Неонатологија со нега на новороденче распореден во шести семестар и еден рецензиран практикум за физикална дијагностика и терапија во педијатријата за студентите од студиската програма Општа медицина, материјал кој се изучува во состав на предметите Педијатрија 1 и Педијатрија 2 распоредени во деветти и десетти семестар.

Д-р Марија Димитровска-Иванова по изборот во асистент-докторанд била коавтор во изработка на еден учебник со наслов „Неонатологија со нега на новородено дете" за студентите од студиската програма Акушерки, материјал кој се изучува во состав на предметот Неонатологија со нега на новороденче распореден во шести семестар.

Д-р Марија Димитровска-Иванова сите овие години активно со свои трудови, предавања и презентации учествува на многу едукации, конгреси, конференции и симпозиуми во странство и во земјава од областа на педијатријата. Од 1.6 до 31.7.2013 година била стипендист на Владата на Република Словенија и има објавено студиски престој, едукација и тренинг за цистична фиброза и педијатриска гастроентерологија на Детската клиника при Универзитетски клинички центар во Љубљана. Од 22 до 28.9.2013 година завршува обука од областа на педијатриската гастроентерологија во Салзбург, Австрија. Од 9 до 15.10.2016 година завршува обука од областа на ургентна педијатрија во Салзбург, Австрија. Од 18 до 24 јуни 2017 година учествува на Педијатриската школа во Златибор, Србија. Била член на Организацискиот одбор и предавач на стручно-научната конференција „Социјални детерминанти и здравјето на населението во 2018 година". Активно учествува со свое предавање на 41. Европска конференција за цистична фиброза, 2018 година, 6. Конгрес на Здружението за превентивна педијатрија на Србија, 2019 година, Работилница на Здружение на лекари за добра клиничка пракса, април 2019 година, 7. Конгрес на педијатрите на Македонија со меѓународно учество, јуни 2019 година, European Academy of Pediatrics Congress, Португалија, 2019 година, Mastercourse of nutrition, Португалија, 2019 година, European Academy of Pediatrics Congress, Италија, 2023 година, Mastercourse of Acute ill child, Италија, 2023 година. Од 2017 година до денес д-р Марија Димитровска-Иванова е акредитиран испитувач при Лекарската комора на Република Северна Македонија за стручен испит на доктори на медицина за стекнување со лиценца за работа.

**Објавени научни трудови во меѓународни научни списанија последните 5 години:**

1. **Dimitrovska Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta, Nikolova Irena (2019) Intracerebral Hemorrhage in an Eight Year Old Girl. European European Journal of Pediatrics. Vol. 178 Issue 11, pp. 1761

Целта на трудот е да се прикаже ретко спонтано интракранијално крвавење кај осумгодишно дете како последица на руптура на когенитална мозочна васкуларна малформација. Состојбата е успешно дијагностицирана со компјутерска томографија, КТ ангиографија, МРИ и МРИ ангиографија со кои се докажа дека се работи за руптура на кавернозен ангиом со компресивен ефект на тригонумот на

десната латерална комора. По смирување на крвавењето и епилептичните напади каверномот беше хируршки отстранет со продолжување на антиепилептичната терапија.

**2.** **Dimitrovska Ivanova Marija**, Nikolova Irena (2019). Child with insect sting induced anaphylaxis. European European Journal of Pediatrics. Vol. 178 Issue 11, pp. 1644

Целта на трудот е да се прикаже појава на анафилакса кај 6-годишно дете со историја на астма по каснување од инсект која се манифестирала по триесетина секунди од убодот со појава на афонија, тешка бронхоопструкција, црвенило, оток на лицето, вратот, рацете и нозете и појава на дифузна уртикарија. Третирано со 02 маска, адреналин субкутано, парентерално аплицирани антихистаминик и кортикостероиди, инхалации со адреналин и парентерална рехидрација. Децата со алергиска основа имаат поголем ризик од појава на тешка анафилактична реакција од разни алергени вклучувајќи и убоди од инсекти, поради што треба да бидат обезбедени и обучени за користење на пенкала со адреналин.

3. Nikolova Irena, **Dimitrovska-Ivanova Marija**, Doneva Luiza (2019). Is this Caroli disease? European European Journal of Pediatrics. Vol. 178 Issue 11, pp. 1681.

Целта на овој труд е да се укаже на атипична презентација на едно вродено заболување познато како Caroli болест кај 7-месечно доенче со појава на сиво-бледа боја на кожата и одбивање на оброци во тек на еден месец со присутна хепатомегалија и жолти склери и позитивна фамилијарна анамнеза за полицистична ренална болест. Реализираните лабораториски иследувања одеа во прилог на холестаза, а имејџинг иследувањата (ехо на абдомен, КТ на абдомен и МРИ холангиопанкреатографија) укажаа на хепатомегалија, цистично дилатирани интра и екстрахепатални жолчни патишта и цистични кортикални формации и на двата бубрега. Доенчето е поставено на урсодесоксихолна киселина, но конечниот третман претставува трансплантација на црн дроб.

4. Nikolova Irena, **Dimitrovska-Ivanova Marija**, Doneva Luiza (2019). Pleuropneumonia in a 7 year old boy. European European Journal of Pediatrics. Vol. 178 Issue 11, pp. 1795.

Во овој труд се зборува за атипична презентација на плевропневмонија кај 7-годишно машко дете со појава на фебрилност, стомачна болка и повраќање на почетокот без аускултаторен наод. По 12 часа од појавата на првите симптоми со појава на отежнато дишење, градна болка и влошување на стомачната болка. На преглед со изразено ослабено везикуларно дишење лево во средни и базални партии. РТГ на бели дробови со појава на хомогена консолидација на лево базално, перибронхитични инфилтрати од десно и плеврален излив од лево. Започнато со кислородна поддршка, парентерална двојна антибиотска терапија, кортикотерапија и инхалаторна терапија. По 14-дневна терапија со комплетна регресија на аускултаторниот и РТГ наодот.

5. Zisovska Elizabeta, Madzovska Lidija, **Dimitrovska-Ivanova Marija** (2019). Pregnancy induced hypertension and neonatal growth. Knowledge-International Journal. Vol 34(4), 915-919.

Хипертензијата во тек на бременоста го зголемува ризикот од ниска родилна тежина поради интраутерин застој во раст, но и поради предвремено раѓање. Малата родилна тежина е асоцирана со хронични заболувања подоцна во животот. Во оваа студија е утврдено дека гестациската старост на доенчињата од мајки со хипертензија е (35.8±1.8) недели во споредба со доенчињата од мајки без

хипертензија (37.4±1.2) недели. Застапеноста на ИУГР новороденчиња кај мајки со хипертензија била 9,5% во споредба со оние од мајки без хипертензија 6,3. Бројот на леукоцитите кај новородените од хипертензивни мајки била 21.4±5.3x109/L споредено со оние од контролната група 18.5±3.12x109/L (p=0.005). Неонатална тромбоцитопенија е најдена кај 32% од новородените од мајки со прееклампсија споредено со контролната група кај 9,5% (p< 0,002).

6. Zisovska Elizabeta, Madzovska Lidija, **Dimitrovska-Ivanova Marija** (2019). Transient tachypnea of the newborn. Knowledge-International Journal. Vol 34(4), 925-929.

Целта на оваа студија е да се евалуира и опише фреквенцијата на перинаталните и постнаталните фактори во појавата на транзиторна тахипнеа кај новородените во првите часови од животот и да се утврдат ризик-факторите за појава на компликации на оваа состојба. Транзиторна тахипнеа беше утврдена кај 178 новородени, 65/178 беа доцна прематурни и 113/178 беа термински новородени. Кај 30% кои имаа нејасни знаци на респираторен проблем беше потребно РТГ на бели дробови за поставување на дијагнозата. Кај 83% состојбата спонтано се разреши, а останатите новородени развија симптоми на потешка респираторна болест како RDSy кај прематурни новородени, конгенитална пневмонија или респираторни состојби од екстрапулмонално потекло.

**7. Dimitrovska Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta (2020) Breast milk effects on clinical signs of acute gastroenteritis in infants up to 6 months of age. Research in Physical Education Sport and Health. 9(1), 145-150.

Целта на оваа студија беше да се евалуира клиничката слика на акутен гастроентеритис кај доенчиња до 6 месеци и да се направи корелација на тежината на болеста со типот на исхрана и да се утврдат микробиолошките предизвикувачи на АГЕ во оваа возрасна група. Оваа студија покажа дека ексклузивното доење го намалува ризикот од Ротавирус инфекција, посебно во првите 6 месеци од животот OR= 0.0758, 95% CI (0.0071-0.8074). Ексклузивното доење ја намалува тежината на клиничката слика на АГЕ преку намалување на бројот и тежината на дијареалните епизоди, фреквенцијата на повраќање, покачена температура и го намалува ризикот од појава на умерена и тешка дехидратација.

**8. Dimitrovska Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta (2020). Evaluation of breast milk sIgA protective role versus alpha glutathione S transferase in infants acute gastroenteritis. Physioacta. 14(1), 77-90.

Целта на оваа студија беше да се утврди дали мукозниот интегритет мерен преку вредностите на sIgA во столица е заштитен фактор од епително оштетување мерено преку серумските вредности на α-GST кај доенчиња со акутен гастроентерит и нивната асоцијација со начинот на исхрана. Статитички сигнификантна асоцијација беше идентификувана помеѓу припадност во група и нивоата на sIgA во столица (p=0.001346). Ротавирус беше најчест предизвикувач на акутен гастроентерит. Оваа студија покажа дека ексклузивното доење го намалува ризикот од ротавирус инфекција, посебно во првите 6 месеци од животот OR=0.0758, 95%CI(0.0071-0.8074). Утврдена е статистички сигнификантна асоцијација помеѓу припадност на групата и серумските вредности на α-GST (p=0.002260). Утврдено е дека Ротавирус може да предизвика ерозија на интестиналниот епител преку позитивните вредности на α-GST во серумот кај Ротавирус позитивните случаи. Утврдено е дека sIgA во столицата негативно корелира со серумските вредности на α-GST за p=0.002.

**9. Dimitrovska Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta (2020). Clinical and microbiologic patterns of acute gastroenteritis on infants of different age. International Medical Journal Medicus. 25 (2), 157-163.

Целта на оваа студија беше да се направи евалуација на клиничката слика на акутен гастроентеритис кај доенчињата според возраста (0-6 месеци и 7-12 месеци), да се направи корелација на тежината на болеста поврзано со начинот на исхрана и да се утврдат можните микробиолошки предизвикувачи на акутен гастроентерит кај доенчињата во двете групи. Беше утврдена статистички сигнификантна асоцијација помеѓу припадност на групата и тежината на симптомите во зависност од начинот на исхрана помеѓу првата и втората и помеѓу третата и четвртата група. Ротавирус беше најчест предизвикувач на акутен гастроентерит. Оваа студија покажа дека ексклузивното доење го намалува ризикот од појава на акутен гастроентерит посебно во првите 6 месеци од животот OR=0.0758, 95% CI (0.0071-0.8074).

**10. Dimitrovska Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta (2020). Impact of breast milk secretory immunoglobulin A on infants acute gastroenteritis. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 8(B), pp. 897-901.

Во оваа студија се утврдуваше дали sIgA од мајчиното млеко има заштитен ефект на интестиналниот епител кај доенчиња до 6-месечна возраст со акутен гастроентерит и дали има влијание на тежината на клиничката слика во зависност од начинот на исхрана. Присуството на sIgA од мајчиното млеко кај доенчињата има влијание на тежината на клиничката слика на акутен гастроентеритис кај доенчињата преку намалување на бројот и тежината на дијареалните епизоди, фреквенцијата на повраќање, покачена температура и го намалува ризикот од појава на умерена и тешка дехидратација.

**11. Dimitrovska-Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta. (2020) Alpha glutathione S-transferase – a potential biomarker for intestinal epithelial damage in infants with acute gastroenteritis. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 8(B), pp. 902-905.

Трудот е проспективна кохортна студија во која се испитува дали alpha glutathione S-transferase (α-GST) може да биде биомаркер за рано интестинално епително оштетување кај доенчиња со акутен гастроентерит и корелацијата на нејзините вредности во серумот со степенот на интестинало епително оштетување поврзано со видот на исхрана. Утврдено е дека овој ензим може да биде биомаркер за рано интестинално епително оштетување пред сѐ кај доенчиња со Ротавирус акутен гастроентерит и нејзините вредности во серумот беа сигнификантно пониски кај доенчиња кои беа аксклузивно доени во споредба со оние кои не беа на ексклузивно доење.

12. Dimitrovska Ivanova, Marija and Ushinova, Vesna and Jordanova Cepreganova, Natasha (2022) Hemorrhagic shock as a primary and unusual manifestation of gastric cancer. Research in physical education sport and health, 11 (1). pp. 117-120. ISSN 1857-8160

Причината за рак на желудникот е мултифакторна, иако инфекцијата со Helicobacter pylori се смета за примарна причина. Раните фази на рак на желудникот обично се асимптоматски или поврзани со неспецифични симптоми, како што е диспепсија. Напредните стадиуми и улцерираните тумори може да бидат поврзани со знаци на крвавење на горниот дел од дигестивниот систем и хеморагичен шок. Ендоскопијата на горниот дел на гастроинтестиналниот

тракт е првата претпочитана дијагностичка процедура. Единствена шанса за излекување од рак на желудник е хируршко отстранување на туморот и соседните лимфни јазли. Епидемиолошките студии сугерираат дека консумирањето повеќе свежо овошје и зеленчук, јадењето помалку солена храна и искоренувањето на хеликобактер pylori може да го намали ризикот од гастричен аденокарцином. Најдобар начин за превенција е да се спроведе ефикасна програма за скрининг во групи со висок ризик и во области со висока инциденца, за да може да се постигне рано откривање, рана дијагноза и ран третман.

Во рамки на научноистражувачката дејност, д-р Марија Димитровска-Иванова е автор/коавтор на 8 предавања, усни и постер презентации на научни и стручни собири, кои се печатени во зборници на трудови од научни собири, во земјава и во странство:

13. Zisovska Elizabeta, **Dimitrovska-Ivanova Marija.** New trends in clinical education for medical students. Современо воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи. Шеста меѓународна научна конференција. 11-12 мај, 2018, Штип, Македонија Зборник на трудови (323-333 стр.) (усно предавање).

**14. Dimitrovska-Ivanova Marija**, Nikolova Irena, Karagozova, Marija, Doneva, Luiza. Acute dehydration as a prymary manifestation of Cystic Fibrosis. 41 st European Cystic Fibrosis Conference, 06-09 June 2018, Belgrade, Serbia. (усно предавање).

**15. Dimitrovska Ivanova Marija**, Zisovska, Elizabeta. Социјални детерминанти и акутен гастроентерит во Детската возраст. Социјални детерминанти и здравјето на населението, 27 Oct 2018, Stip, Macedonia. Зборник со трудови (49-56 стр.) (усно предавање).

16. Nikolova, Irena and **Dimitrovska Ivanova, Marija** (2018) Влијанието на социо-економските фактори на застапеноста на Акутен гастроентерит кај децата од ромска и неромска припадност. Социјални дететрминанти и здравјето на населението, 27 Oct 2018, Stip, Macedonia. Зборник на апстракти (133 стр.) (постер презентација).

**17. Dimitrovska Ivanova Marija** Анемии во детската возраст. Клиничка и лабораториска евалуација на најчестите видови на анемии, 02 Apr 2019, Медицински факултет Скопје. (усно предавање).

**18. Dimitrovska Ivanova Marija**, Zisovska Elizabeta, Nikolova Irena. Delayed presentation of congenital diaphragmatic hernia. In: VI kongres udruzenja za preventivnu pedijatriju Srbije, 12-14 Apr 2019, Belgrade, Serbia. Зборник на апстракти (84 стр.) (е-постер презентација).

**19. Dimitrovska Ivanova Marija**, Nikolova Irena, Doneva Luiza. Massive Lobar Pneumonia in One Year Old Girl. In: 7. Конгрес на педијатрите на Македонија со меѓународно учество, 25-28 June 2019, Strumica, Macedonia. Зборник на апстракти (44 стр.) (е-постер презентација).

20. Nikolova Irena, **Dimitrovska Ivanova Marija**, Doneva Luiza. Инциденцата на ротавирус и аденовирус акутен гастроентеритис кај деца до 5 години во тек на 2018 година. In: 7. Педијатриски конгрес со меѓународно учество, 25-28 June 2019, Strumica, Macedonia. Зборник на апстракти (58 стр.) (е-постер презентација).

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Д-р Марија Димитровска-Иванова е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Одделението за педијатрија во Клиничка болница - Штип.

Во рамки на стручно-апликативната дејност, д-р Марија Димитровска-Иванова имала две предавања од областа на педијатриската гастроентерологија и исхрана:

1. **Dimitrovska-Ivanova Marija**. Функционална опстипација. On line Стручен собир Оптимален раст и развој со млечните формули Novalac. 01.10.2020 година (усно предавање);
2. **Dimitrovska-Ivanova Marija.** Гастроезофагеален рефлукс во доенечка возраст. On line Стручен собир Оптимален раст и развој со млечните формули Novalac. 27.04.2021 година (усно предавање).

Д-р Марија Димитровска-Иванова е член на следниве институциски органи:

3. Лекарската комора на Р. Северна Македонија;
4. Македонското лекарско друштво;
5. Здружение на педијатри на Македонија;
6. Во два наврати била член на комисија за упис на студенти од прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Одлука бр. 2502-171/3 од 22.8.2012 г. и Одлука бр. 2502-118/3 од 18.6.2013 г.

**Техничко унапредување**

7. Од 9 до 15.10.2016 година завршува обука од областа на ургентна педијатрија под покровителство на American-Austrian Foundation и Children's hospital of Philadelphia во Салзбург-Австрија.
8. Од 18 до 24.6.2017 година ја завршува Педијатриската школа во Златибор, Србија, под покровителство на Удружење педијатара Србије.
9. Од 19 до 20.9.2019 година завршува Mastercourse of nutrition, под покровителство на European Academy of Pediatrics, Порто-Португалија.
10. Од 18 до 21.5.2023 година завршува Mastercours of Acute ill child, под покровителство на European Academy of Pediatrics, Падова-Италија.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за општите и посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која ѐ беше доставена.

По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Марија Димитровска-Иванова во целост ги исполнува условите предвидени со позитивните законски прописи за избор во звање доцент. Од целокупната активност на д-р Марија Димитровска-Иванова, може да се заклучи дека кандидатката остварува значителен напредок во научноистражувачката дејност. Ова го потврдуваат остварените публикации во списанија со импакт фактор, како и повеќето публикации во меѓународни списанија, бројните презентации на научни и стручни собири во земјава и во странство. Истовремено, кандидатката остварува континуиран прогрес и во наставно-образовната дејност и стручно-апликативната дејност.

**Врз основа на изнесеното, Рецензенската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да ја избере д-р Марија Димитровска-Иванова во звањето доцент за наставно-научната област педијатрија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Анета Демерџиева, насловен вонреден професор, претседател, с.р.
Д-р Билјана Чонеска-Јованова насловен доцент, член, с.р.
Д-р Валентина Велковска-Накова, вонреден професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Ред. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| 1 | Избор во звање помлад асистент | 1 | 10 | / | / | 10 |
| 2 | Избор во звање асистент | 1 | 15 | | | 15 |
| 3 | Избор во звање асистент-докторанд | 1 | 20 | | | 20 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **45** |
| **Ред. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| 1 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор – бр. 1, 2) | | | 2 | 15 | 30 |
| 2 | Научен труд објавен во списание со ИФ (втор автор –бр. 3, 4) | | | 2 | 10 | 20 |
| 3 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор – бр. 7, 8, 9, 10, 11,12) | 6 | 9 | | | 54 |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (останати автори – бр. 5, 6) | | | 2 | 3 | 6 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (бр. 13, 15) | 2 | 2 | | | 4 |
| 6 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (бр. 14, 17) | 1 | 2 | 1 | 4 | 6 |
| 7 | Учество на научен собир со реферат (постер), концерт во земјава и во странство (бр. 16, 18, 19, 20) | 3 | 1 | 1 | 1,5 | 4,5 |
| 8 | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| 9 | Одбранета специјализација | 1 | 6 | | | 6 |
| 10 | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | 1 | | | 1 |
| 11 | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **147,5** |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско- развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| 1 | Член на факултетски орган, комисија | 2 | 2 | | | 4 |
| 2 | Член на институтски орган, комисија | 1 | 2 | | | 2 |
| 3 | Учество на стручен собир со реферат (усно) ( бр. 21, 22) | 2 | 1 | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **8** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **200,5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-302/7 од 12.12.2023 година донесена на 313. седница на Наставно- научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 12.12.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната област дерматовенерологија (30201) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **д-р Андреј Петров** - вонреден професор за наставно-научната област дерматовенерологија, вработен на Медицински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, претседател;

- **д-р Весна Бришкоска-Бошковски**, насловен доцент за наставно-научната област дерматовенерологија, вработена во „Аџибадем Систина“ во Скопје, член;

- **д-р Милка Здравковска**, редовен професор за наставно-научната област епидемиологија и здравствена статистика и информатика на Факултет за медицински науки, УГД, вработена на Факултет за медицински на науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 24.11.2023 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

**д-р Мирела Василева**, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на дерматовенерологија.

Пријавата ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатката д-р Мирела Василева на распишаниот Конкурс уредно, навремено и во целост ги има доставено сите документи:

- Пријава;
- Кратка биографија (4 примероци);
- Диплома за завршени додипломски студии на Медицински факултет (оригинал и заверена кај нотар);
- Уверение за положени испити од додипломски студии на Медицински факултет (оригинал и заверено кај нотар);
- Диплома за завршен втор циклус студии (оригинал и заверена кај нотар);
- Уверение за положени испити од втор циклус студии (оригинал и заверено кај нотар);
- Диплома за одбранета докторска дисертација (оригинал и заверена кај нотар);
- Уверение за положени испити од трет циклус студии (оригинал и заверено кај нотар);
- Примерок од докторската дисертација;
- Примерок од магистерски труд;
- Список на објавени научни и стручни трудови;
- Примерок од објавените трудови;
- Сертификат за познавање на англиски јазик;
- Уверение за завршена специјализација;
- Уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

Кандидатот **д-р Мирела Василева** е родена на 30 октомври 1989 год. во Штип, Р. Македонија. Средно образование завршува во Штип во Гимназијата „Славчо Стојменски". Дипломира на Медицинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип во 2014 година, а во 2016 г. го одбранува својот магистерски труд на тема „Квалитет на живот и ризик од депресија кај лица со Psoriasis vulgaris". По дипломирањето започнува да работи како лекар волонтер во Клиничка болница Штип на Одделението за дерматовенерологија, а потоа продолжува да работи како матичен лекар во ПЗУ „Д-р Василев" во Штип. Од 2016 година работи како лекар на Одделението за дерматовенерологија во Клиничка болница - Штип. Во 2019 година добива стипендија од Европската академија на дерматовенеролози за млад дерматовенеролог, а во 2020 година добива награда од Британската асоцијација на педијатриски дерматолози во конкуренција на повеќе млади лекари од Источна Европа. На почетокот од 2020 година посетува обука за работа со пациенти со Hidradenitis suppurativa во Универзитетската дерматолошка клиника „Andreas Sigros" во Атина, Грција. Во 2020 година го положува специјалистичкиот испит по дерматовенерологија и се стекнува со назив специјалист по дерматовенерологија. Од 2021 година работи како стручњак од пракса за предметот Дерматовенерологија на Медицински факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Од 2021 година е член на бордот на едитори на реномираното интернационално медицинско списание „Dermatology and dermatitis", а од 2022 година е член на бордот на едитори на дерматолошко интернационално списание „Global journal of cosmetic dermatology".

Во февруари 2022 година ја брани својата докторска дисертација на тема „Прогностички фактори при третман на венски улкуси на долните екстремитети кај пациенти со хронична венска инсуфициенција" под менторство на проф. д-р Елизабета Зисовска и проф. д-р Александар Анчевски.

Активно се служи со англиски, шпански и германски јазик.

Во текот на нејзината наставно-научна кариера активно учествува на многу домашни и меѓународни конгреси, симпозиуми и едукативни манифестации за што сведочат и сите рецензирани трудови, како и сите оние кои се во постапка на рецензија.

Кандидатката е член на Лекарска комора на Македонија, Македонското лекарско друштво, Здружение на дерматовенерологите на Македонија, Европската академија на дерматовенерологи ЕАДВ, Интернационалната дермоскопска асоцијација, Асоцијација на српската козметска и естетска дерматологија АСКЕД. Основач е и претседател на Хуманитарното здружение „Д-р Симон Василев", чија примарна цел е поддршка на студентите по медицина и идни доктори.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент**

**Општи услови за избор:**

Кандидатката д-р Мирела Василева ги исполнува сите услови кои се

предвидени како елементи за избор на лице во звање насловен доцент, а се во прилог и на ОНУ.ОБ.22 Чек листа за избор на доцент, покрај елементите утврдени во законот и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во реферaтот на Рецензентската комисија и тоа:

***1.*** Просечен успех од прв циклус студии и од втор циклус студии поголем од 8;

***2.*** Научен степен доктор на науки од областа во која се избира. Кандидатката има научен степен доктор по медицински науки од областа дерматовенерологија, со кој се стекнала по одбраната на докторската дисертација со наслов „Прогностички фактори при третман на венски улкуси на долните екстремитети кај пациенти со Хронична венска инсуфициенција",

***3.*** Објавени најмалку четири научни трудови во референтни научни публикации во последните пет години.

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Импакт фактор** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Vasileva M**, Brishkoska Boshkovski V, Majhosheva M, Vasileva S, Vasilev S, Vasilev B, Drakalska Sersemova E. (2020) | Quality of life in patients with psoriasis vulgaris during the COVID-19 pandemic. | Our Dermatol Online. | 0.74 |
| **2** | **Vasileva M**, Brishkoska Boshkovski V. (2020) | Pyoderma gangrenosum associated with ulcerative colitis. Case report and literature review. | Our Dermatol Online. | 0.74 |
| **3** | **Vasileva M**, Brishkoska Boshkovski V. (2020) | Cutaneous side effects of hydroxyurea in a patient with thrombocytosis. | Our Dermatol Online. | 0.74 |
| **4** | **Vasileva M**, Brishkoska Boshkovski V, Vasileva S. (2020) | Dermatology residents and teledermatology education during COVID-19. | Our Dermatol Online. | 0.74 |
| **5** | **Vasileva M**, Brishkoska Boshkovski V, Petrov A, Zisovska E. (2021) | Treatment of venous ulcers in drug addicts: A case report. | Our Dermatol Online. | 0.74 |
| **6** | **Vasileva M**, Mirova Shakleva E, Petrovski D, Lazarova G, Petrovska Noveska B, Brishkoska Boshkovski V, Dimitrovska I.(2020) | Efficiency of 5 fluorouracil solution application using dermaroller in the treatment of vitiligo. | International Journal Of Medical Science in Clinical Research and Review | 5.782 |
| 7 | 1. **Mirela V** and Ljupka L (2022) | Family History of Chronic Venous Insufficiency and Complications in Pregnancy Due To GeneticMutations Case Reports. | Global J Clin Coseme Dermat | 2.6 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Petrov A, **Vasileva M**. (2021) | Effect of platelet rich plasma on a diffuse effluvium in post-COVID-19 infection. | Our Dermatol Online | 0.74 |
| 9 | Brishkoska-Boshkovski V, **Vasileva M**, Baloski M. (2020) | Factors Associated with Longer Length of Stay in Recurrent Cellulitis on Lower Legs | Open Access Maced J Med Sci | 0.73 |
| 10 | Brishkoska-Boshkovski V, **Vasileva M**, Dimitrovska I, Grivcheva-Panovska V. (2020) | Coronavirus Disease-19 Pandemic and Dermatology. What to Expect? | Open Access Maced J Med Sci | 0.73 |
| 11 | Vasilev B, **Vasileva M**, Vasileva S. (2022) | The role of peripheral arterial occlusive disease in the healing of venous ulcers. | Our Dermatol Online | 0.74 |
| 12 | Latkoska S **Mirela V** Petrov A and Boshkovski VB(2022) | Mesotherapy and PRP Treatment in Combination with Hair Loss in Women Case ReporT | Global J Clin Coseme Dermat | 2.6 |

***4.*** *Сертификат за познавање на англиски јазик* - Кандидатката активно го познава англискиот јазик (доставена соодветна потврда).

***5.*** *Способност за изведување на високообразовна деј*ност – Со активното учество во наставата како асистент кандидатката покажа висока способност за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови**

*1*. ***Препораки од двајца професори од соодветната област*** – Кандидатката достави две препораки од проф. д-р Нада Петрова и проф. д-р Љубица Павлова, специјалисти по дерматовенерологија, редовни професори во пензија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

***2.*** Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната активност на лицето.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Д-р Мирела Василева е доктор на медицински науки - клиничка медицина, област – дерматовенерологија. Д-р Василева активно е вклучена и во изведувањето на практичната настава на студентите по медицина. Во текот на својата научноистражувачка дејност има објавено голем број стручни трудови во домашни и меѓународни списанија. Во текот на овие години активно и пасивно учествува на повеќе симпозиуми, конгреси и семинари поврзани со дерматологијата.

**Објавени научни трудови во меѓународни научни списанија во последните пет години**

1. Brishkoska-Boshkovski V, **Vasileva M**, Baloski M. Factors Associated with Longer Length of Stay in Recurrent Cellulitis on Lower Legs. Open Access Maced J Med Sci. 2020 May 05; 8(B):490-494 https://doi.org/10.3889/oamjms.2020.4074

Целта на студијата е да се дефинираат коморбидитетите, клиничките и лабораторискобиохемиските фактори асоцирани со подолг болнички престој, кај пациенти со рекурентен целулитис на потколениците. Студијата

идентификува неколку независни фактори кои се значително поврзани со подолг болнички престој. Овие независни фактори присутни при приемот можат да го стратифицираат ризикот кај пациентот со цел да се подобри грижата за истиот и да се намалат бројот на релапси и реадмисии во болница.

2. Brishkoska-Boshkovski V, **Vasileva M**, Dimitrovska I, Grivcheva-Panovska V. Coronavirus Disease-19 Pandemic and Dermatology. What to Expect? Open Access Maced J Med Sci. 2020 Sep 25; 8(T1):290-293. https://doi.org/10.3889/oamjms.2020.5032

Трудот претставува анализа на најчестите психодерматолошки нарушувања и нивни импликации во ерата на пандемијата со КОВИД-19. Пропорцијата на пациенти кои пријавуваат емоционални предизвикувачи, се движи од приближно 50% кај акни до 90% кај розацеа, алопеција ареата, псоријаза, невротични екскоријации, лихен симплекс и може да биде 100% за пациенти со хиперхидроза. Заклучокот е дека се потребни посеопфатни студии за импликациите на пандемијата КОВИД-19 кај овие пациенти.

3. **Vasileva M**, Brishkoska Boshkovski V. Pyoderma gangrenosum associated with ulcerative colitis. Case report and literature review. Our Dermatol Online. 2020;11(e):e119.1-e119.3 DOI: 10.7241/ourd.2020e.119

Во овој труд е прикажан случај на 30-годишна пациентка со екстраинтестинални компликации во склоп на инфламаторни болести на цревата, во овој случај потврдениот улцерозен колитис. Пиодерма гагренозум - улцерозни промени на долните екстремитети е најчесто првиот симптом на улцерозниот колит и може да појави кај дури 25% од пациентите со инфламаторна болест на цревата. Овој труд ја потенцира токму ваквата асоцијација, предизвикот за нејзина дијагноза, како и фактот дека ефективен третман на кутаните улцери вклучува третман пред се на основната болест.

4. **Vasileva M**, Brishkoska Boshkovski V, Majhosheva M, Vasileva S, Vasilev S, Vasilev B, Drakalska Sersemova E. Quality of life in patients with psoriasis vulgaris during the COVID-19 pandemic. Our Dermatol Online. 2020;11(Supp. 2):1-5. DOI:10.7241/ourd.2020S2.1

Ова истражување беше насочено кон утврдување на квалитетот на животот кај пациенти со псоријаза, за време на пандемијата КОВИД-19. Во ова истражување користевме Прашалник DLQI (Дерматолошки индекс за квалитет на живот). Сто испитаници учествуваа активно во ова истражување. Резултатите од оваа студија, се во согласност со други студии извршени во последните години.

5. **Vasileva M**, Brishkoska Boshkovski V. Cutaneous side effects of hydroxyurea in a patient with thrombocytosis. Our Dermatol Online.2020;11(Supp. 3):10-12. DOI: 10.7241/ ourd.2020S3.3

Овој труд прикажува пациент со есенцијална тромбоцитемија на редовна терапија со хидроксиуреа, препарат чија долготрајната употреба е поврзана со кожни компликации како што се трофични улцери на долни екстремитети и немеланотични карциноми на кожата.

6. **Vasileva M**, Brishkoska Boshkovski V, Vasileva S. Dermatology residents and teledermatology education during COVID-19. Our Dermatol Online. 2020;11(Supp. 2):17- 18. DOI: 10.7241/ourd.2020S2.6

Во овој труд се опишуваат предизвиците со кои се соочуваат младите специјализанти по дерматовенерологија во време на пандемија со ковид-19 и улогата на теледерматологијата.

7. **Vasileva M**, Mirova Shakleva E, Petrovski D, Lazarova G, Petrovska Noveska B, Brishkoska Boshkovski V, Dimitrovska Efficiency of 5 fluorouracil solution application using dermaroller in the treatment of vitiligo. Vol 3 No 03 , (2020): l Journal Of Medical Science in Clinical Research and Review

Овој труд сугерира за нова ветувачка терапевтска метода во третманот на витилиго, со употреба на локален 5-флуороурацил (5-FU) и дермаролер. Патохистолошкиот наод сугерира дека 5-флуороурацилот, веројатно ја стимулира репигментацијата кај витилигото, преку директна стимулација на размножување на меланоцитите и зголемување на бројот на меланозоми во кератиноцитите.

8. Petrov A, **Vasileva M**. Effect of platelet rich plasma on a diffuse effluvium in post-COVID-19 infection. Our Dermatol Online.2021

Во овој труд се опишува нова тераписка можност кај пациентите кои страдаат од опаѓање на косата после прележување на КОВИД 19. Употребата на плазма богата на тромбоцити е ветувачки третман за решавање на проблемите со ефлувиум.

9. **Vasileva M**, Brishkoska Boshkovski V, Petrov A, Zisovska E. Treatment of venous ulcers in drug addicts: A case report. Our Dermatol Online. 2021;12(4):439-441.

Во овој труд се прикажани два случаи на интравенски зависници со развиени венски улкуси и предизвиците со кои се соочуваат дерматолозите при третирање на истите. Прикажана е важноста од мултидисциплинарен пристап и поддршката која им се дава на зависниците при соочувањето со здравствени проблеми.

10. Latkoska S **Mirela V** Petrov A and Boshkovski VB(2022). Mesotherapy and PRP Treatment in Combination with Hair Loss in Women Case Report Global J Clin Coseme Dermat 3(1): 108

Во овој труд се прикажани нови тераписки можности за пациенти со интензивно проретчување на коса. Употребата на плазма богата со тромбоцити во комбинација со мезотерапија се покажа доста успешна во решавање на овој проблем кај 3 пациентки.

11. **Mirela V** and Ljupka L (2022). Family History of Chronic Venous Insufficiency and Complications in Pregnancy Due To GeneticMutations Case Reports. Global J Clin Coseme Dermat 3(1): 107

Трудот ја прикажува важноста на деталната анамнеза при спроведувањето на клиничките прегледи. Прикажани се два случаи во кои пациентките се соочуваат со спонтани абортуси неколку пати, и немаат никакви знаци на постоење на венска инсуфициенција. Со добивање на анамнестички податок за постоење на ХВИ во блиската фамилија од прв ред, направено е генетско тестирање каде се добиени генетски мутации и е докажана вродена тромбофија. По дијагностицирање на истите двете пациентки се соодветно третирани и успешно ја поминуваат следната бременост.

12. Vasilev B, **Vasileva M**, Vasileva S. The role of peripheral arterial occlusive disease in the healing of venous ulcers. Our Dermatol Online. 2022;13(2):1-3.

Во овој труд се прикажува улогата на Периферната артериска оклузивна болест при заздравувањето на венските улкуси. Во истражувањето се вклучени пациенти со ПАОБ и активен венски улкус и е докажано одложено заздравување на улкусите.

13. **Vasileva M**. Vasileva S. Психолошки проблеми кај пациенти со Psoriasis vulgaris. Medicus 25 number. April 2017, Stip. R.N.Macedonia

Во овој труд се опфатени сите психолошки проблеми со кои се соочуваат пациентите со Psoriasis vulgaris, и детално се објаснети сите сегменти на социјалните проблеми и стигматизацијата со која се соочуваат.

***Трудови презентирани како постери или усни излагања на меѓународни конгреси и симпозиуми во последните 5 години:***

1. Pyoderma gangrenosum as the primary clinical manifestation of autoimmune diseases M. Gjufteski, **M. Vasileva**, V. Briskoska Boskovski Book of abstract - Втор конгрес на студенти Факултет за медицински науки - Штип – 2019 г.

Во овој труд се разработуваат некоку случаи на автоимуни заболувања, најчесто инфламаторните цревни болести, кај кои Пиодерма гагренозум промените се појавиле како прва манифестација.

2. Treatment of facial angiofibromas B. Dzidrova**, M. Vasileva** , V. Briskoska – Boskovski Book of abstract Втор конгрес на студенти, Факултет за медицински науки Штип – 2019 г.

Во овој труд е презентиран случај на успешно третирани ангиофиброми на фацијалната регија, кај пациент со туберозна склероза со користење на CO2 ласер.

3. The psychosocial impact of Hidradenitis suppurativa - Vasileva S., Vasilev S., Vasilev B., Brishkoska Boshkovski V., **Vasileva M**. E-poster 29th EADV Congress Vienna, 29th – 31st October, 2020.

Овој труд го акцентира психосоцијалниот ефект на супуративниот хидраденитис на квалитетот на животот кај пациентот. Во нејзиниот третман, покрај биолошката терапија, денес се препорачува интегриран пристап кој вклучува и психосоцијална поддршка.

4. Molluscum contagiosum in a 9 months old baby with Atopic dermatitis **Vasileva M**., Vasileva S., Mirova Shakleva E., Brishkoska Boshkovski V. E-poster 29th EADV Congress Vienna, 29th – 31st October, 2020.

Во овој труд се презентира редок случај на екстензивни молуски, кај 9-месечно дете со атописки дерматитис.

5. **Vasileva M**.Vasilev S.Vasilev B.Vasileva S. Bacteriology of venous ulcus.II antiage congress of associacion of dermatovenerologist of Montenegro 01-03 Jun 2017 Budva Montenegro.

Во овој случај се презентираат сите изолирани бактерии од венски улкуси кај пациенти кои биле хоспитализирани во Клиничка болница - Штип.

6. **Vasileva M**.Vasileva S. Brishkoska-Boshkovski V. Larva migrans cutis. 20th National Conference of the Bulgarian Dermatological Association. September 2019 Albena Bulgaria.

Во овој труд се презентира редок случај на кутана ларва мигранс.

7. Zlatanova D. Vasileva S. Vasilev B.Vasilev S. **Vasileva M**. Употреба на антидепресиви кај пациенти со Psoriasis Vulgaris. Втор конгрес на студенти по општа медицина. Мај 2019 г., Штип.

Во овој труд се презентира зачестеноста на употреба на антидепресиви кај пациентите со дијагностицирана Psoriasis Vulgaris.

8. **Vasileva M**.Vasilev S.Vasilev B.Vasileva S.Ecthyma simplex-case report.Book of abstracts.VI Congress of dermatovenerologists of Macedonia with international participation, Ohrid, 27-30.09.2017.

Во овој труд е презентиран случај на успешно и краткотрајно лекувана Ecthyma simplex.

9. Vasileva S.**Vasileva M.**Vasilev B.Vasilev S. ROZACEA DIFFERENTIAL DIAGNOSIS. II antiage congress of associacion of dermatovenerologist of Montenegro 01-03 Jun 2017 Budva Montenegro.

Во овој труд се разработени сите диференцијални дијагнози кои може да водат до погрешно дијагностицирање при розацеа.

10. Vasilev S, **Vasileva M,** Vasileva S, Vasilev B. KERATOACANTHOMA DORSI – Case report. II antiage congress of associacion of dermatovenerologist of Montenegro 01-03 Jun 2017 Budva Montenegro.

Во овој труд се презентира редок случај на кератоакантом на грбот кој е третиран хируршки.

***Приказ на докторската дисертација***

Целта на докторската дисертација е да се дефинираат клиничките, лабораториско-биохемиските и околината на улкусот, локализацијата и големината како прогностички фактори во третманот и да се утврди влијанието на коморбидитетите врз терапискиот исход. Истражувањето е ретроспективно-проспективна кохортна студија која се изведува на Одделот за дерматовенерологија во ЈЗУ ГОБ „8 Септември“ во Скопје и Одделот за дерматовенерологија при Клиничка болница - Штип. Во студијата се анализирани 105 пациенти со хронична венска инсуфициенција со развиен активен венски улкус на долните екстремитети, кои се поделени во три групи според времетраењето на улкусот. Првата група се пациенти чие времетраење на улкусот е најкратко односно 4 недели, втората група се пациенти чиј улкус затворил во период до 12 недели и во третата група припаѓаат пациентите чиј улкус трае подолго од 12 недели.

Заклучно се идентификувани неколку независни фактори што можат да го предвидат терапискиот исход кај венските улкуси и тоа – периферна артериска оклузивна болест, тромбофлебит, големина на улкус >2cm, околина на улкус (еритем и едем, липодерматосклероза), времетраење на улкусот пред третман, компликацирање на улкусот со суперинфекција и возраста на пациентот. Хроничата венска инсуфициенција е едно од најчестите заболувања во нашата држава, а краен стадиум е појавата на венски улкуси. Венските улкуси претставуваат голем проблем како здравствен така и психосоцијален за пациентите кои страдаат поради нивната долготрајност и рецидивност. Дефинирањето на прогностичките фактори за тераписки исход кај овие пациент може значително да го намали периодот на времетраење на улкусот со успешно регулирање на терапијата уште при првиот клинички преглед.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од целокупно наведената наставна, научноистражувачка и стручно-апликативна, како и организациско-развојна дејност на кандидатката д-р Мирела Василева детално е наведено дека кандидатката ги исполнува условите на Законот за високо образование, како и на Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставно-научни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за избор во насловно звање доцент од областа дерматовенерологија. Имајќи го предвид горенаведеното, како и врз база на личното познавање на кандидатката, имаме чест на **Наставно-научниот совет да му предложиме да ја избере д-р Мирела Василева во звање доцент по наставно-научната област дерматовенерологија**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Андреј Петров, вонреден професор, претседател, с.р.
Д-р Весна Бришкоска-Бошковски, доцент, член, с.р.
Д-р Милка Здравковска, редовен професор, член, с.р.

## ПРИЛОГ

**Табела за вреднување на активностите на д-р Мирела Василева, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитет „Гоце Делчев"**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | Поени | | број | поени | Вкупно |
| **1.** | Избор во звање помлад асистент | | | | | |
| **2.** | Избор во звање асистент | | | | | |
| **3.** | Избор во звање асистент-докторанд | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор-реден број 3,4,5,6,7,9,11) | | | 7 | 9 | 63 |
| 2 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (коавтор -реден број 1,2,8,10,12) | 2 | 6 | 3 | 6 | 30 |
| 3 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание ( останати автори-реден број 19, 22 и 23) | | | | | |
| **4** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно) земјава и во странство<br>– во земјата (реден број 1,2,7)<br>– во странство (реден број 3,4,5,6,8,9,10) | 3 | 1,5 | 7 | 1.5 | 15 |
| **5** | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |
| 6 | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| 7 | Одбранета специјализација | 1 | 6 | | | 6 |
| **8** | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **134** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 9 | Труд во стручно (научно популарно) списание (прв автор реден број 13) | 1 | 2 | | | 2 |
| 10 | Стручни награди и признанија<br>- Стипендија од Европската академија на дерматолози и венеролози 2019 год. | | | 1 | 4 | 4 |
| 11 | Член на институтски орган, комисија | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **6** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **140** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОНКОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-302/6 од 12.12.2023 година донесена на 313. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 12.12.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област онкологија (30220) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **д-р Лилјана Манева-Костовска** - редовен професор во пензија за наставно-научната област онкологија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, претседател;
- **д-р Дева Петрова**, насловен доцент за наставно-научната област онкологија, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, вработена во Клиничка болница „Аџибадем Систина“ во Скопје, член;
- **д-р Ценгис Јашар**, насловен вонреден професор за наставно-научната област патолошка анатомија, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, вработен во Клиничка болница „Аџибадем Систина“ во Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 24.11.2023 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат: **д-р Марија Караколевска-Илова**, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на онкологијата.

Пријавата ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатката д-р Марија Караколевска-Илова на распишаниот Конкурс уредно, навремено и во целост ги има доставено сите документи:

1. Диплома за завршено соодветно образование – за одбранет докторски труд (еден примерок од дипломата во оригинал и 3 примероци заверени кај нотар);
2. Дипломи за завршен прв и втор циклус студии (по 1 примерок заверен кај нотар);
3. Уверение за положени испити на прв и втор циклус студии (по 1 примерок заверен кај нотар);
4. Кратка биографија;
5. Список на објавени научни и стручни трудови;
6. По еден примерок од трудовите;
7. Потврда дека се служи со еден странски јазик;
8. Препорака од 2 професора од соодветната научна област за која се врши изборот (онкологија);
9. Еден примерок од докторскиот труд;
10. Уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Марија Караколевска-Илова** е родена на 1 септември 1978 год. во Штип, Р. Македонија. Основно и средно образование завршува во Штип (Гимназија „Славчо Стојменски", насока природно-математичка, 1993-1997 год.) со континуиран одличен успех.

На Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Р. Македонија, се запишува во учебната 1997/1998 год. и дипломира на 17 септември 2003 год. со просечен успех 9,3 и се здобива со стручен назив доктор на медицина. По положувањето на стручен државен испит на 21 септември 2004 г. се здобива со работна лиценца. За време на студиите во рамките на програмата за размена на студенти остварува едномесечен престој во „St. Lucka's Hospital" во Малта на Одделението за малигни заболувања во детска возраст.

По дипломирањето работи како матичен лекар во Приватна ординација за општа медицина и ортопедија „Д-р Лазо Киров" - Штип (2004-2006 год.).

Во октомври 2007 год. успешно го завршува курсот по прва помош: СБМО-ООЖ/АНД за спасители од Европскиот совет за ресусцитација.

Од 2006 до 2008 год., работи во службата за Итна медицинска помош при Здравствениот дом во Штип.

Во ноември 2008 год. се вработува како помлад асистент на научно поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. Од 6 јули 2009 год. врз основа на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев" **се распоредува на матичната Катедра по онкологија и радиотерапија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.**

На 15 октомври 2009 година започнува со специјализација по онкологија и радиотерапија на Клиниката за онкологија и радиотерапија при Медицинскиот факултет во Скопје и завршува на 30 јуни 2014 год., при што се стекнува со назив **специјалист по онкологија и радиотерапија**.

По тригодишно работно искуство како помлад асистент Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип на 4 ноември 2011 год. донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија по пријавата на д-р Марија Караколевска-Илова за избор во **звање асистент за наставно-научно поле/ област клинички медицински науки**. На 29 март 2012 год. се здобива со **соработничко звање асистент за наставно-научно поле/ област клинички медицински науки.**

На 29 ноември 2013 год. се стекнува со звање **магистер по медицински науки**, по завршувањето на вториот циклус студии на Медицинскиот факултет – Скопје, со просечен успех 9,8 и одбранета теза на тема „Разлики на плевралните изливи кај болни со примарен белодробен карцином и малигни тумори на плеврата".

Од 15.12.2014 год. д-р Марија Караколевска-Илова е избрана во звање **асистент-докторанд од областа на онкологијата**.

Од 1.3.2015 год. започнува со работа на Одделението за онкологија и радиотерапија при ЈЗУ Клиничка болница-Штип како специјалист онколог-радиотерапевт, а во 2016 год. се поставува за раководител на истото.

Во 2016 год. се запишува на трет циклус на студии од областа базични и клинички истражувања во медицината при Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Во 2020 год. е одобрена изработка на докторскиот труд со наслов „Независни прогностички и предиктивни фактори кај ран стадиум Луминал А и Луминал Б карцином на дојка“ работена под менторство на проф. д-р Милка Здравковска и коменторство на проф. д-р. Гордана Петрушевска. Докторската дисертација јавно ја одбранува на 4.2.2022 год. на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и се стекнува со титула **доктор по клинички медицински науки** со успех 10,00.

Од 20.5.2022 год. е избрана во наставно-научно звање насловен доцент при Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип во област онкологија.

Активно се служи со англиски, бугарски, српски и хрватски јазик.

Д-р Марија Караколевска-Илова има голем придонес во научноистражувачката дејност на Факултетот за медицински науки преку нејзиното активно учество во научно-образовната дејност и едукација.

Во текот на нејзината наставно-научна кариера активно учествува на многу домашни и меѓународни конгреси, симпозиуми и едукативни манифестации за што сведочат и сите рецензирани трудови, како и сите оние кои се во постапка на рецензија. Во текот на својата научно-професионална кариера добитник е на повеќе грантови за едукација во странство од Европската школа за онкологија.

Кандидатката е член на Лекарска комора на Македонија и на Македонското лекарско друштво од 2005 година. Од 2012 год. е член на Европската школа по онкологија – ЕСО, член на Европскиот совет за онкологија – ЕСМО и член на Европскиот совет за радиотерапија – ЕСТРО. Од 2013 год. е член на Македонската асоцијација на радијациони онколози и член на Бугарската асоцијација на млади онколози. Од 2017 год. е член на Надзорен одбор на меѓуграничен кластер за интеграција на Европските здравствени стандарди и иновации меѓу Р Македонија и Р Бугарија.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент**

**Општи услови за избор:**

Кандидатката д-р Марија Караколевска-Илова ги исполнува сите услови кои се предвидени како елементи за избор на лице во звање доцент, а се во прилог и на ОНУ.ОБ.22 Чек листа за избор на доцент, покрај елементите утврдени во законот и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во рефератот на Рецензентската комисија и тоа:

1. ***Просечен успех од прв и втор циклус студии.*** Кандидатката ги завршува прв циклус на студии на Медицински факултет во Скопје со просечен успех 9,3 и постдипломските студии на Медицински факултет Скопје со просечен успех 9,8;
2. ***Научен степен доктор на науки од областа во која се избира***. Кандидатката има научен степен доктор по медицински науки од областа онкологија, со кој се стекнала по одбраната на докторската дисертација со наслов „Независни прогностички и предиктивни фактори кај ран стадиум Луминал А и Луминал Б карцином на дојка“ на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;

***3. Претходен избор во звање*** – претходен избор во насловен доцент при Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Предходен избор во насловен доцент при Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

***4. Објавени најмалку четири научни трудови во референтни научни публикации во последните пет години.***

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Stefan Petrovski, **Marija Karakolevska - Ilova**, Elena Simeonovska Joveva, Aleksandar Serafimov, Ljubica Adzi-Andov, Violeta Dimitrova (2018) | Influence of the Type and Amount of Liver Resection on the Survival of the Patients with Colorectal Metastases | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 2018 Jun 20; 6(6):1046-1051. | 2013 |
| 2. | **Karakolevska Ilova Marija (2018)** | Can breast cancer metastasize to an unusual organ? : case report and review. | The Breast, 41. S21-S22. ISSN 0960 - 9776 | 1990 |
| 3 | Elena Simeonovska Joveva, **Marija Karakolevska Ilova**, Stefan Petrovski (2019) | Differential diagnosis between Bulbospinal muscular atrophy - Kennedy's disease and Amyotrophic lateral sclerosis. | Acta Medica Medianae, 58 (2). pp. 77-81. ISSN 0365-4478 | 1962 |
| 4. | **Karakolevska Ilova Marija ,** Simeonovska Joveva Elena , Serafimov Aleksandar (2021) | De novo Stage IV Luminal Breast Cancer: Yes or No for Local Treatment? Serial Cases and Review. | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 9 (B). pp. 1-5. ISSN eISSN: 1857-9655 | 2013 |
| 5. | **Karakolevska Ilova - Marija**, Zdravkovska Milka, Jasar Dzengis, Petrusevska Gordana,Simeonovska Joveva Elena (2021) | Can Estrogen Receptor, Progesterone Receptor, and Proliferative Index be Considered as Isolated Prognostic Factors of Overall Survival in Early luminal Breast Cancer? | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 9 (B). pp. 1313-1322. ISSN 1857-9655 | 2013 |
| 6. | Serafimov Aleksandar , Donevski Darko, **Karakolevska Ilova Marija**, Simeonovska Joveva Elena,Todosieva Serafimova Kristina, Kedev Sasko, Vavlukis Marija (2022) | Incremental Value of Cardiac Biomarkers in Mid-term Prognosis of Patients with Acute Coronary Syndrome. | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 10 (B). pp. 294-302. ISSN 1857-9655 | 2013 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Petrovski, Stefan,Serafimov Aleksandar, **Karakolevska Ilova Marija**, Joveva Elena, Petrovska Lidija, Adzi-Andov Ljubica (2023) | The Influence of Resection Size and Pringle Maneuver on Operating Time and Intraoperative Bleeding in Patients with Colorectal Metastases in the Liver. | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. ISSN 1857-9655 | 2013 |

***5. Сертификат за познавање на англиски јазик*** - Кандидатката активно го познава англискиот јазик (доставена соодветна потврда).

***6. Способност за изведување на високообразовна дејност*** – Со активното учество во наставата како асистент и насловен доцент на повеќе предмети кандидатката покажа висока способност за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови:**

***1. Препораки од двајца професори од соодветната област*** - Кандидатката достави две препораки од проф. д-р Лилјана Манева-Костовска и проф. д-р Снежана Смичковска, специјалисти по онкологија од Универзитетската клиника за онкологија и радиотерапија - Скопје.

***2. Минимум поени за избор во доцент*** - Кандидатката има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната активност на лицето: (НО)=45; (НИ)=90,5; (САОР)=35 или вкупно 170,5 поени.

***3. Рецензиран учебник и практикум*** - Кандидатката д-р Марија Караколевска-Илова за време на нејзината професионална кариера е автор/коавтор на:

- Основи на хумана генетика (практикум), Тодосиева Даниела, Андова Емилија, Караколевска-Илова Марија (автор), ISBN: 978-608-244-514-4.
- Молекуларна биологија со генетика (учебник), Дарко Бошнаковски (Марија Караколевска-Илова – автор на поглавје), УГД, Штип (2018) ISBN: 978-608-244-513-7.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

На 1 ноември 2008 год. се вработува како помлад асистент за научното поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

На 6 јули 2009 год. се распоредува на матична Катедра по онкологија и радиотерапија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

На 29 март 2012 год. се здобива со соработничко звање асистент за наставно-научно поле/ област клинички медицински науки.

На 29 ноември 2013 год. се стекнува со звање магистер по медицински науки.

Од учебната 2008/2009 год. е ангажирана за реализација на вежби на прв циклус студии по предметите Вовед во медицината и Медицинска генетика, студиска програма по општа медицина, Современи дијагностички методи во медицината студиска програма по медицинска сестра/ техничар, Физиологија, студиска програма по медицински лаборант, Медицинска сестра/ техничар и Физиотерапевт, Инфективни болести со фебрилни состојби и нега, студиска програма Медицинска сестра/ техничар.

Од учебната 2009/2010 год. е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Медицинска генетика, студиска програма Општа медицина, Хистологија со ембриологија 1, студиска програма Општа медицина, Инфективни болести со фебрилни состојби и нега, студиска програма Медицинска сестра/ техничар.

Од учебната 2010/2011 год. е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Медицинска генетика и Хистологија со ембриологија 1, студиска програма Општа медицина, Фармакологија студиска програма Фармација и Основи на инфектологија, студиска програма Лаборанти.

Од учебната 2011/2012 год. е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Медицинска генетика, Онкологија и радиотерапија и Хистологија со ембриологија 1, студиска програма Општа медицина, Хистологија со ембриологија и Дерматовенерологија, студиска програма Стоматологија, Микробиологија, студиска програма Фармација и ВЗШ - лаборанти, физиотерапевти и медицински сестри.

Од учебната 2012/2013 год. е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Медицинска генетика - студиска програма Стоматологија, Молекуларна биологија со генетика - студиска програма Фармација, Онкологија и радиотерапија - студиска програма Општа медицина, Инфективни болести 1 и 2 - студиска програма Општа медицина, Инфективни болести - студиска програма Стоматологија, Инфективни болести со нега - студиска програма Медицински сестри, Основи на инфектологијата - студиска програма Лаборанти.

Од учебната 2013/2014 год. е ангажирана за реализација на вежби на прв циклус студии по предметите Онкологија - студиска програма Општа медицина, Основи на хумана генетика - студиска програма Стоматологија, Онкологија со нега - студиска програма Медицинска сестра, Прва помош - студиски програми Стоматологија, Лаборанти и Медицинска сестра, Основи на инфектологија - студиска програма Лаборанти, Инфективни заболувања со нега - студиска програма Акушерка и Медицинска сестра.

Со Одлука бр.2502-244/38 од 1.10.2014 година донесена на 126. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 1.10.2014 год. рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатката и е на мислење дека м-р д-р Марија Караколевска-Илова наполно ги исполнува критериумите за избор во звање асистент-докторанд од областа на онкологијата.

Од учебната 2014/2015 год., зимски семестар, е ангажирана за реализација на вежби од прв циклус студии по предметите Онкологија, студиска програма Општа медицина, Основи на хумана генетика, студиска програма - Стручни студии и Дентална медицина.

Од учебната 2015/2016 год. до сега е ангажирана за реализација на вежби на прв циклус студии по предметите Онкологија - студиска програма Општа медицина, Онкологија со нега - студиска програма Медицинска сестра, Основи на хумана генетика - студиска програма Дентална медицина и Стручни студии, Хумана генетика- студиска програма општа медицина.

Во февруари 2022 год. се стекнува со звање доктор на медицински науки.

Како резултат на нејзиниот научноистражувачки труд и учеството во домашни и меѓународни проекти во последните пет години д-р Марија

Караколевска-Илова има објавено 2 труда во списание со фактор на влијание (SCI листа, Clarivate analytic/ Thomson Reuters) и неколку трудови во меѓународни, индексирани научни списанија и објавени во книгите на апстракти. Учествува на бројни конгреси, симпозиуми, семинари, како во земјава така и во странство. Активното учество го реализира со презентација на оригинални трудови и како поканет предавач. Добитник е на повеќе грантови од Европската школа за онкологија и Европската асоцијација за медицински онкологија за усовршување во странство. Автор и коавтор е на 33 труда презентирани и публикувани во домашни и меѓународни манифестации и списанија.

Трудовите од реден број 1 до реден број 17 се рецензирани во Универзитетски билтен на Универзитетот „Гоце Делчев» бр. 133 при изборот за асистент докторанд од 1 октомври 2014 година.

1. Karakolevska Ilova, Marija and Simeonovska Joveva, Elena and Serafimov, Aleksandar and Petrovska, Lidija (2015) Malignant pleural effusions in lung cancer: the condition during the disease. Book of abstracts of the First International Symposium at Faculty of Medical Sciences.
2. Serafimov, Aleksandar and Karakolevska Ilova, Marija and Simeonovska Joveva, Elena (2015) Survival in triple negative metastatic breast carcinoma-case report. Annals of Applied Bio-Sciences, 2 (4). pp. 72-74. ISSN 2349-6991
3. Karakolevska Ilova, Marija and Simeonovska Joveva, Elena and Dimitrovska Ivanova, Marija (2014) Leptomeningeal metastases in solid tumors. Macedonian Journal of Medical Sciences, 7 (4). ISSN 1857-5773
4. Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija (2014) CNS disorders induced by radiation therapy of the brain. European Journal of Neurology: Abstracts of the Joint Congress of European Neurology, Istanbul, Turkey, May 2014, 21 (6). pp. 388-713. ISSN 1468-1331
5. Dimitrovska Ivanova, Marija and Kamceva, Gordana and Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and Serafimov, Aleksandar (2014) Новини во дијагностика и терапија на еозинофилен езофагеит. Medicus, 9 (20). pp. 24-25. ISSN 1857-5994
6. Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and Serafimov, Aleksandar and Petrovski, Stefan and Skenderi, Viollca (2013) Paraneoplastic disorders affecting the neuromuscular junction: Myastenia gravis associated with paraneoplastic syndrome - case report. Medicus 2013, Tetovo, 61 (18(1)). pp. 146-149. ISSN 1409-6366UPC
7. Karakolevska Ilova, Marija and Stojmenova, Vita and Simeonovska Joveva, Elena (2013) Biochemical recurrence of prostate cancer after radical prostatectomy. Weill Cornell Seminar: Oncolgy B: Genitourinary cancers, Салзбург,Австрија.
8. Panova, Gordana and Zisovska, Elizabeta and Simeonovska Joveva, Elena and Serafimov, Aleksandar and Karakolevska Ilova, Marija (2013) Stigma surrounding the patients using mental health services. 5-та ДААД Летна Школа, Бар, Р Црна Гора.
9. Karakolevska Ilova M, Simeonovska Joveva E. (2013)Treatment and survival in patient with initially metastatic brest cancer. 3-ти Балкански и Источниевропски Мастерклас. Дубровник,Хрватска.
10. Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and Arsovska, Anita (2012)Symptomatic epilepsy in Stuge-Weber syndrome associated with metabolic disbilance: case report. 3-ти Конгрес-Дилеми во Неврологијата, Дубровник,Хрватска.
11. Simeonovska Joveva, Elena and Arsovska, Anita and Karakolevska Ilova, Marija

and Petrovski, Stefan (2012) Coma in patients with stroke. 5-ти Конгрес на невролози на РМакедонија со интренационално учество.

12. Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and Petrovski, Stefan (2012) Treatment in patients with speech problems. Medicus, informativen glasnik na javnoto zdravstvo - Stip. ISSN 1857-5994

13. Dimitrovska Ivanova, Marija and Karakolevska Ilova, Marija and Dimitrovska, Ljupka (2012) Клиничка презентација на цистична фиброза. Medicus, informativen glasnik na javnoto zdravstvo - Stip, 6 (15). pp. 15-16. ISSN 1857-5994

14. Karakolevska Ilova, Marija and Simeonovska Joveva, Elena and Dimitrovska Ivanova, Marija (2012) Kancerska bolka. Medicus. ISSN 1857-5994

15 Karakolevska Ilova, Marija and Dimitrovska Ivanova, Marija (2012) Карцином на простата – дијагноза,третман,препораки. Medicus. ISSN 1857-5994

16. Dimitrovska Ivanova, Marija and Karakolevska Ilova, Marija and Dimitrovska, Ljupka (2012) Cisticna fibroza- klinicka prezentacija, dijagnoza i tretman. Medicus. ISSN 1857-5994

17. Karakolevska Ilova, Marija and Stojmenova, Vita (2011) Zoledronic acid in preventing, delaying and reducing skeletal complications in prostate cancer. Научен мултидисциплинарен собир на онколози, патолози и интернисти, Охрид.

**Објавени научни трудови во меѓународни научни списанија и списанија со фактор на влијание во последните 5 години (2018 - 2023 год.)**

Во последните пет години д-р Марија Караколевска-Илова има објавено 2 труда во списание со фактор на влијание и 5 трудови во меѓународни, индексирани научни списанија и објавени во книгите на апстракти.

1. Petrovski, Stefan and **Karakolevska Ilova, Marija** and Simeonovska Joveva, Elena and Serafimov, Aleksandar and Adzi-Andov, Ljubica and Dimitrova, Violeta (2018) Influence of the Type and Amount of Liver Resection on the Survival of the Patients with Colorectal Metastases. Open Access Maced J Med Sci, 6 (6). ISSN 1857-9655 (https://eprints.ugd.edu.mk/20385/ ( **меѓународно списание**)

Во овој научен труд е прикажано влијанието на типот и екстензитетот на ресекцијата на црниот дроб кај пациенти со хепатални метастази со потекло од колоректален карцином и нивното влијание на преживувањето. Спроведеното истражување покажа дека типот на ресекција: анатомска или неанатомска ресекција кај пациенти со колоректални метастази на црниот дроб не влијаат на долгогодишното преживување (ЦП) на пациентите, додека неанатомските се поврзани со поголем процент на позитивни ресекциони маргини или R1 ресекција и имаат поголем процент на рецидиви. Екстензитетот или големината на ресекција исто така немаат сигнификантно влијание на преживувањето на пациенти, при што порадикалните ресекциите имаат поголем процент на морбидитет и морталитет, но не влијаат на преживувањето на пациентите (ЦП) со колоректални метастази на црниот дроб.

**2. Karakolevska Ilova, Marija** (2018) Can breast cancer metastasize to an unusual organ?: case report and review. The Breast, 41. S21-S22. ISSN 0960 – 9776 (https://eprints.ugd.edu.mk/28771/) (**IF=4,32)**

Метастатскиот карцином во тироидната жлезда е редок при што инциденцата на метастази на тироидната жлезда кај пациенти се движи од 1,9% до 24%, така што кај секој пациент со претходна историја на малигнитет, секоја нова маса на тироидната жлезда треба да се смета за суспектна додека не се докаже

спротивното. Најчестите примарни карциноми со ризик за тироидни метастази се ренален карцином (48,1%), колоректален (10,4%), белодробен карцином (8,3%) и карцином на дојка (7,8%). Повеќето пациенти со метастази на тироидната жлезда имаат широко распространета метастатска болест, но понекогаш тироидната жлезда може да биде единственото место на болеста со исто влијание врз прогнозата како нетироидни метастази.

3. Simeonovska Joveva, Elena and **Karakolevska Ilova, Marija** and Petrovski, Stefan (2019) Differential diagnosis between Bulbospinal muscular atrophy - Kennedy's disease and Amyotrophic lateral sclerosis. Acta Medica Medianae, 58 (2). pp. 77-81. ISSN 0365-4478 (https://eprints.ugd.edu.mk/22806/) **(IF=0,219)**

Во овој научен труд е прикажан случај на Амиотрофична латерална склероза (АЛС) која вклучува голем број нарушувања што предизвикуваат дегенерација на долните и горните моторни неврони и најмалку два 'рбетни региони или UMN и LMN во три региони на 'рбетот. Обично АЛС е претставен со слабост или асиметричност на екстремитетите, губење на способноста за говор, голтање и дишење. Болеста Кенеди е форма на МНД која е поврзана со X-поврзано рецесивно наследство. Симптомите вклучуваат грчеви во мускулите, слабост во мускулите и клинички карактеристики што ги разликуваат вклучуваат особено фаскулации на лицето и периорната страна. Ова е студија на случај на 43-годишен маж, со повторливи грчеви во мускулите и прогресивна симетрична слабост на долниот екстремитет, со истакната заморувачка компонента на оваа слабост, слабост на рамото, тешкотии при голтање. Електрофизиолошките прегледи се клучна точка за дијагностицирање на болеста Кенеди. Во нашиот случај, откривме симетрична слабост, сензорни абнормалности при електрофизиолошко тестирање, истакнати фасцилации на лицето и гинекомастија кои не беа карактеристични за АЛС и посочивме дека тоа е еден од синдромите на МНД, како што е болеста Кенеди, а истото беше потврдено и со генетско тестирање.

**4. Karakolevska Ilova, Marija** and Simeonovska Joveva, Elena and Serafimov, Aleksandar (2021) De novo Stage IV Luminal Breast Cancer: Yes or No for Local Treatment? Serial Cases and Review. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 9 (B). pp. 1-5. ISSN eISSN: 1857-9655; (https://eprints.ugd.edu.mk/28770/) **(меѓународно списание)**

Ретроспективните студии за ресекција на примарниот тумор како прв третман на избор се со спротивставени резултати, кои може да произлегуваат од различните критериуми за рандомизација, вклучувајќи различни биолошки типови на карцином на дојка, различни метастатски локации и пациенти со различен статус на менопауза. Од друга страна, проспективните студии не покажаа никакви силни резултати за точно дефинирање на првичниот третман на де ново - стадиум IV карцином на дојка поради неколку ограничувања: како краток период на следење (помеѓу 23 и 40 месеци), помлади пациенти, ЕР-позитивни / HER2 негативни тумори и тип на хемотерапија неоадјувантна или адјувантна. Ефектот на спроведување на примарен оперативен зафат на примарниот тумор кај примарно метастазиран карцином на дојка сè уште е предизвик, така што постои потреба да се идентификува точната група на пациенти кои би можеле да имаат корист од операцијата.

**5. Karakolevska Ilova, Marija** and Zdravkovska, Milka and Jasar, Dzengis and Petrusevska, Gordana and Simeonovska Joveva, Elena (2021) Can Estrogen Receptor, Progesterone Receptor, and Proliferative Index be Considered as Isolated Prognostic

Factors of Overall Survival in Early luminal Breast Cancer? Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 9 (B). pp. 1313-1322. ISSN 1857-9655; (https://eprints.ugd.edu.mk/28769/) **(меѓународно списание)**

Постојат голем број на докажани молекуларни и патолошки маркери важни за прогнозата за ЦП на раниот луминален тип на карцином на дојка, но сè уште има некои недостатоци главно поради нелинеарната врска помеѓу маркерите и исходот на болеста. Во оваа ретро-проспективна студија, беа обезбедени клинички и патолошки податоци од 336 пациенти со карцином на дојка кај кои беше спроведен соодветен хируршки и адајувантен онколошки третман од јануари 2010 до декември 2013 година, а следени до декември 2018 година. Целта на студијата беше евалуација на ЕР, ПР и Ки-67 како независни прогностички фактори за ЦП на ран луминален карцином на дојка.

6. Serafimov, Aleksandar and Donevski, Darko and **Karakolevska Ilova, Marija** and Simeonovska Joveva, Elena and Todosieva Serafimova, Kristina and Kedev, Sasko and Vavlukis, Marija (2022) Incremental Value of Cardiac Biomarkers in Mid-term Prognosis of Patients with Acute Coronary Syndrome. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 10 (B). pp. 294-302. ISSN 1857-9655; (https://eprints.ugd.edu.mk/29592/) **(меѓународно списание)**

Кај пациенти со миокарден инфаркт (МИ), податоците за предиктори за големи несакани срцеви настани (MACE) по завршување на хоспитализацијата сè уште остануваат ограничени. Проценката на функцијата на левата комора (LV), во комбинација со употребата на срцеви биомаркери, како што е NT-proBNP може да помогне во раната идентификација на пациенти со ризик од развој на срцева слабост и/или други MACE кај преживеаните од акутен МИ (АМИ). Целта на студијата беше да се идентификуваат раните предиктори на MACE кај пациенти со МИ, кои биле подложени на примарна перкутана коронарна интервенција, со посебен акцент на срцевите биомаркери.

7. Petrovski, Stefan and Serafimov, Aleksandar and **Karakolevska Ilova, Marija** and Joveva, Elena and Petrovska, Lidija and Adzi-Andov, Ljubica (2023) The Influence of Resection Size and Pringle Maneuver on Operating Time and Intraoperative Bleeding in Patients with Colorectal Metastases in the Liver. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. ISSN 1857-9655; (https://eprints.ugd.edu.mk/32542/) **(меѓународно списание)**

Обемот на ресекцијата на црниот дроб е фактор што влијае на времето на операција и интраоперативното крвавење, развојот на современи техники за васкуларна контрола и ресекција и одредување на помала загуба на крв, морбидитет и морталитет. Целта на оваа студија беше да се утврди искуството на Клиниката за општа и хепатобилијарна хирургија на Александровска болница Софија, Република Бугарија во третманот на пациенти со колоректални метастази во црниот дроб и да се споредат извештаите од литературата за влијанието на степенот на ресекција и маневрот Pringle (IPM) врз време на операција и периоперативно крварење. Оваа ретроспективна студија го опфаќа временскиот период од 1 јануари 2006 година до 31 декември 2015 г. Вклучени се вкупно 239 пациенти, од кои: 179 пациенти се лекувани со радикална операција, 5 со палијативна интервенција, а 55 биле подложени на истражување на оперативност. Употребата на IPM за васкуларна контрола незначително влијаеше на продолженото оперативно време, додека интраоперативната загуба на крв беше значително помала кај пациенти со Pringle <15 мин. Немаше никаква поврзаност помеѓу IPM и типот на ресекција,

додека интраоперативната загуба на крв и времето на операција беа значително поголеми кај пациенти со голема ресекција. Големината на ресекција е директно пропорционална со времето на операција и периоперативната загуба на крв, но не влијае значително на периоперативниот морбидитет. IPM не влијае на времето на работа, додека загубата на крв е значително помала во групата на пациенти со Pringle <15 мин.

**Издвоени презентации на конференции и стручни собири во периодот од 2018 до 2023 год.**

**Д-р Марија Караколевска-Илова во периодот од 2018 до 2023 година има реализирано повеќе презентации на научни конференции и стручни собири и тоа:**

***Секциско предавање на научен собир***

8. Во периодот 2018 год. во рамките на континуираната медицинска едукација за приватни /матични лекари источниот регион на РС Македонија, предавач на тема „Малиген меланом“ и „Белодробен карцином“.

***Учество на научен собир со реферат (постер/усно)***

9. **Marija Karakolevska- Ilova (2019)**.True therapy at the right time in patient with lung cancer “ Eastern Europe and Balkan Region Refresher Course on Lung Cancer. 28-30 март 2019. Будимпешта, Унгарија **(усна презентација)**

На овој научен собир се презентираше видувањето и искуството во употребата на современи биолошки агенси кај неситноклеточен карцином на бели дробови во Р Македонија преку приказ на клинички случај.

10. Севда Гацова, **Марија Караколевска-Илова (2019).** „Комплицирана хидатитдна циста“. Конгрес на радиолози со интернационално учество, Златибор, Р Србија. **(постер презентација)**

Инциденцата на ехинококната циста во хуманата популација се движи од 10% до 50% и истата може да се презентира како комплицирана и некомлпицирана. Повеќето некомплицирани се асимптоматски и се случајно детектирани на ренгенграфија. Симптомите произлегуваат од растот на цистата и компресија на околните структури, како и руптура и бактериска инфекција. Се презентираше дека КТ е поревелантен метод во докажувањето на симптоматската ехинококна циста.

***Учесник во научен проект***

11. Од 28.9.2017 г. до денес вклучување во проект за меѓуграничен развој на европските стандарди и иновации меѓу Р Македонија и Р Бугарија.

Во рамките на проектот се реализира развојот на меѓуграничен кластер за интеграција на Европските здравствени стандарди и иновации меѓу Р Македонија и Р Бугарија.

***Студиски престој во странство***

12. “6th ESO-ESMO Eastern Europe and Balkan Region Masterclass in Medical Oncology“.12.12.04.2019-17.04.2019, Шибеник, Хрватска.

Активно учество на 7-дневен мастерклас од областа на онкологијата

**(студиски престој)** од онкологијата во рамките на Европската школа за онкологија. Презентација на труд „Luminal A breast cancer in premenopausal women: good or bad news?". На студискиот престој беше реализирана научно и практично усовршување од страна на еминетни професори во областа на онкологијата од Европа.

***Труд во стручно (научно-популарно) списание***

13. Марија Караколевска-Илова. (2018) „Третман на карцином на дојка". Медикус – Информативен гласник на јавното здравство, Штип. Година 12, број 27.

Третманот на карцином на дојка по извршен хируршки зафат зависи од повеќе фактори како од типот на извршената хируршка процедура, хистолошкиот тип на туморот, големината на туморот, зафатеноста на регионалните лимфни јазли, постоење/непостоење на далечни метастази, лимфо-васкуларна и периневрална инвазија, диференцијација на малигната клетка, хормонскиот статус на туморот, како и експресијата на ХЕР2 рецепторот, но и возраста, менструалниот статус и состојбата на пациентката. Во овој труд се презентирани сите онколошки модалитети како адјувантен третман кај карцином на дојка.

***Труд објавен во зборник на трудови на стручен собир***

14. **Karakolevska Ilova, Marija** and Simeonovska Joveva, Elena and Lichkova, Elena (2018) The impact of socioeconomic status on outcome in patients with brain metastases. In: Zbornik na trudovi, Regionalna strucno-naucna konferencija, FMN,Vol 2, No1, Oktomvi 2018. Univerzitet Goce Delcev Stip, pp. 86-89. (https://eprints.ugd.edu.mk/20836/

Целта на студијата е да се прикаже влијанието на социоекономскиот статус врз степенот на презентација на симптомите кај пациенти со мозочни метастази и потребата од хоспитализација кај пациенти од источниот дел на РСМ, преку ретроспективна студија за период од 2016-2018 година. Во студијата беа вклучени 47 хоспитализирани пациенти на РЕ Неврологија со докажани мозочни метастази. Анализата покажа дека нема асоцијација на социоекономскиот статус и инциденцата на метастази.

***Учество на стручен собир со реферат ( постер/усно)***

15. **Marija Karakolevska Ilova (2019).** "Luminal A: What can we expect in premenopausal patients? Good or bad news? "6th ESO-ESMO Eastern Europe and Balkan Region Masterclass in Medical Oncology. Sibenik, Croatia**.(усна презентација)**

Биолошките поттипови на карцином на дојка се поврзани со различни обрасци на метастатско ширење со забележителни разлики во преживувањето по релапс. Просечно времетраење на преживување со далечни метастази во просек е 2,2 (луминален А), 1,6 (луминален Б), 1,3 (луминален/ХЕР2), 0,7 (ХЕР2 позитивен) и 0,5 години (базален тип; P <.001). Сѐ уште е отворено прашањето за примарниот третман на Луминал А / 2-2,5sm, N1a(1+ l.n) биолошки тип на карцином на дојка: хормон v.s хемотерапија, PT v.s без PT? Односно останува отворено прашањето за претретирање односно субтретирање на оваа група на пациенти.

***Рецензирани книги/практикум/скрипта/поглавје од книга***

16. Основи на хумана генетика (практикум), Тодосиева Даниела, Андова Емилија, Караколевска-Илова Марија (**автор**), ISBN: 978-608-244-514-4.

17. Молекуларна биологија со генетика (учебник), Дарко Бошнаковски (**Марија Караколевска-Илова – автор на поглавје**), УГД, Штип (2018) ISBN: 978-608-244-513-7.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Марија Караколевска-Илова во периодот од 2018 до 2023 година е добитник на повеќе награди и признанија за својата стручно-апликативна работа, како и член на комисии и организации со што придонесува за развој на стручно-апликативната и организационо развојна дејност.

18. Добитник на БЛАГОДАРНИЦА од Министерството за здравство на РС Македонија (3.2022 год.) за активно учество во борбата против пандемијата со САРС ков2;

19. Од 2016 год. раководител на Одделението за онкологија и радиотерапија при ЈЗУ Клиничка болница, Штип;

20. Член во Комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;

21. Член на ЛКМ, ЛДМ, ЕСО, ЕСМО;

22. Член на Надзорен одбор (од 2017 год.) на меѓуграничен кластер за интеграција на Европските здравствени стандарди и иновации меѓу Р Македонија и Р Бугарија;

23. Претседател/Член на комисија за одбрана на завршен дипломски труд на студиските програми медицински сестри и општа медицина при ФМН, УГД.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование, како и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, и според анализата на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Марија Караколевска-Илова ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање доцент и за целокупната активност во извештајниот период од 2018 до 2023 година има остварено (НО = 45 + НИ = 90,5 + САОР= 35) = 170,5 поени.

Од целокупната презентирана досегашна активност може да се заклучи дека кандидатката д-р Марија Караколевска-Илова поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност.

Имајќи ги предвид сите факти што се наведени во овој извештај, како и освоените поени од нејзините активности од наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет да ја избере кандидатката д-р Марија Караколевска-Илова во звање доцент за наставно-научната област онкологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Лилјана Манева Костовска, редовен професор, претседател, с.р.

Д-р Дева Петрова, насловен доцент, член, с.р.

Д-р Џенгис Јашар, насловен вонреден професор, член, с.р.

# ПРИЛОГ

**Табела за вреднување на активностите на д-р Марија Караколевска-Илова, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитет „Гоце Делчев”**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Избор во звање помлад асистент | 10 | | | | 10 |
| 2 | Избор во звање асистент | 15 | | | | 15 |
| 3 | Избор во звање асистент-докторанд | 20 | | | | 20 |
| | ВКУПНО | | | | | **45** |
| Р. бр. | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Научен труд објавен во списание со ИФ<br>Прв автор - реден број (2)<br>Втор автор – реден број (3) | | | 1<br>2 | 15<br>10 | 25 |
| 2 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание<br>Прв автор (4,5)<br>Втор автор (1)<br>Трет автор (6,7) | | 2x9=18<br>1x6=6<br>2x3=6 | | | 30 |
| 3 | Секциско предавање на научен собир (8) | 2 | 2 | | | 4 |
| 4 | Учество на научен собир со реферат<br>Во странство - усно (9)<br>Во странство- постер (10) | | | 1<br>1 | 2<br>1.5 | 3.5 |
| 5 | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |
| 6 | Одбранета специјализација | 1 | 6 | | | 6 |
| 7 | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| 8 | Учесник во научен проект<br>Во земјата (11) | 1 | 2 | | | 2 |
| 9 | Студиски престој во странство (12) | | | 1 | 8 | 8 |
| | ВКУПНО | | | | | **90,5** |
| | | | | | | |
| Р. бр. | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Книга,практикум (16) | 1 | 10 | | | 10 |
| 2 | Поглавје од книга (17) | 1 | 4 | | | 4 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **3** | Труд во стручно (научно-популарно списание) (13) | 1 | 2 | | | 2 |
| **4** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (14) | 1 | 2 | | | 2 |
| **5** | Учество на стручен собир со реферат (усно) странство (15) | | | 1 | 2 | 2 |
| **6** | Стручни награди и признанија (18) | 1 | 4 | | | 4 |
| **7** | Раководител на оддел (19) | 1 | 3 | | | 3 |
| **8** | Член на факултетски орган, комисија (20,21,22,23) | 4 | 2 | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **35** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **170,5** |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „РАЗВОЈ НА МАТЕМАТИЧКИ МОДЕЛИ ЗА ДИЗАЈН НА СИМЕТРИЧНИ И АСИМЕТРИЧНИ КОМПОЗИТНИ ДЕЛОВИ“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ФИЛИП КОЧОСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука број 0206-1163/5 од 7.12.2023 година, донесена од Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2 (биотехнички, техничко-технолошки и природно-математички науки) при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација под наслов „Развој на математички модели за дизајн на симетрични и асиметрични композитни делови”, во состав:

- проф. д-р Светлана Ристеска, претседател;
- проф. д-р Винета Сребренкоска, член, интерен ментор;
- проф. д-р Емилија Фиданчевски, член, екстерен ментор;
- проф. д-р Благој Голомеов, член;
- проф. д-р Владо Гичев, член.

Комисијата во наведениот состав, по прегледувањето на докторската дисертацијата, го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација е презентирана на 258 страници и содржи: вовед, литературен преглед, експериментален дел, резултати и дискусија, заклучок и литература. Дисертацијата содржи 13 табела и 112 слики.

Докторска дисертација е фокусирана на истражувања за развој на математички модели при дизајнирање на симетрични и асиметрични композитни делови - при нивно производство - користејќи технологијата за намотување на влакна (filament winding technology, FW). Во воведниот дел, дисертацијата ги презентира предностите на композитните материјали во однос на традиционалните материјали во различни индустрии, како и современите технологии кои се користат за нивно производство. Даден е детален преглед на композитните материјали, нивните својства и примена. Технологијата за намотување со влакна и методите за дизајн на композитни делови се опишани во детали. Презентирани се материјалите кои најчесто се користат за изработка на овие делови, како и техничките перформанси и барањата за развој на нови математички модели при дизајнирање на симетрични и асиметрични делови.

Во литературниот преглед дисертацијата ги презентира последните истражувања во оваа област. Воедно, во дисертацијата се анализирани стаклените влакна кои се апликативни за изработка на композитни делови и математички модели за предвидување на патеката на движење на влакната при нивно намотување на симетрични и асиметрични делови. Посебен осврт е направен за досега применуваните математички методи за дизајн на патека на влакната при нивно намотување со примена на FW технологијата, методите за тестирање на композитните примероци и стандардите за нивна подготовка.

Во експерименталниот дел, дисертацијата ги презентира материјалите кои се користени за изработка на симетрични (композитни цевки) и асиметрични композитни делови, методите за дизајн на патека и технологијата за намотување на влакна. Дадени се сите чекори за развојот на математичките методи при дизајнот на композитните делови, а направен е и целосен дизајн на цевка за да се потврди точноста на моделот преку експериментални тестирања. Исто така, презентирани се постапките за добивање и методите за тестирање на симетричните композитни делови (композитни цевки) и направени се графички симулации на дизајните.

Во поглавјето резултати и дискусија, дисертацијата ги презентира добиените резултати, односно презентирани се математичките модели на патеките на движење на влакната во FW технологијата за добивање како на симетрични композитни делови (цевки, резервоари и сл.), така и за асиметрични делови. За прецизно и точно добивање на моделите разгледуван е аголот на намотување на влакната како влијателен фактор, а останатите процесни фактори се земени константни според искуството од индустријата. Врз основа на развиените математички модели за патеката на влакната и дизајнот на цевката, произведени се симетрични композитни примероци (композитни цевки) со различни агли на намотување: 30°, 45°, 60° и 90°, како и примероци со комбинација на аглите на намотување. Во дисертацијата се презентирани различните - комбинации од произведените примероци. Исто така, направена е анализа на добиените композитни цевки и дадени се резултатите од направените истражувања за механичките карактеристики и издржливоста на внатрешен висок притисок на цевките, што всушност е едно од поставените барања и цели во дисертацијата. Направен е развој на нови методи за дизајн на математички модел за патека на влакна за добивање на посложени асиметрични композитни делови. Дополнително, направени се и графички симулации на дизајните.

На крај, дисертацијата ги презентира заклучоците од целокупното истражување и користената литература при оформување на докторската дисертација. Добиените математички модели ги задоволуваат барањата за современ дизајн кој истовремено обезбедува оптимизирано и прецизно производство на композитни цевки и минимално генерирање на отпад.

**Предмет на истражување и краток опис на применетите методи**

Докторската дисертација е структурирана во два зависно поврзани делови, кои се фокусираат на развојот на математички модели за дизајнирање на симетрични и асиметрични композитни делови.

Првиот дел од дисертацијата е посветен на развојот на математички модели на патеките на движење на стаклените влакна во FW технологијата за производство на симетрични композитни делови, како што се цевки, резервоари и сл. За да се обезбеди прецизно и точно моделирање, аголот на намотување на влакната е разгледан како влијателен фактор, додека останатите процесни фактори се земени како константни, во согласност со индустриските стандарди. Покрај тоа, извршен е целосен дизајн на цевка за да се потврди точноста на моделот преку експериментални испитувања. Врз основа на развиените математички модели за патеката на влакната и дизајнот на цевката, произведени се симетрични композитни примероци (композитни цевки) со различни агли на намотување: 30°, 45°, 60° и 90°, како и примероци со комбинација на аглите на намотување. Сите

произведени композитни примероци се подложени на лабораториски тестирања за јачината на истегнување (hoop tensile strength), со цел да се исполни барањата за квалитет на композитните цевки: отпорност на висок внатрешен притисок. Резултатите од испитувањата покажуваат дека предвиденото однесување на симетричните композитни делови (композитни цевки) се совпаѓа со резултатите од испитувањата на така произведените примероци. Ова истражување резултира со развој на математички модели за дизајнот на патеката на влакната врз симетрични површини, што води до оптимизирано и прецизно производство на композитни цевки и минимално генерирање на отпаден материјал.

Вториот дел од дисертацијата е посветен на истражување и развој на нови методи за дизајнирање на математички модел за патеката на влакната за производство на посложени асиметрични композитни делови. Дополнително, извршени се графички симулации на дизајните. Предвидувањето на однесувањето на асиметричните композитни цевки е направено врз основа на заклучоците од експерименталните испитувања од првиот дел за симетрични композитни цевки и со логички пресликувања на тоа однесување врз посложените асиметрични модели.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Докторската дисертација е посветена на целосно истражување на технологијата на намотување со влакна, со цел да се развие математичко моделирање на дизајнот на патеката на влакната во симетрични и асиметрични форми. Исто така, развиен е нов метод базиран на параметарски домен за дизајнирање на патеката на влакната на произволни површини. Дополнително, извршена е механичка карактеризација на композитните примероци. Механичките испитувања извршени на композитните примероци (цевки) обезбедуваат важни информации за однесувањето на примероците во зависност од дизајнот.

Во рамките на истражувањата во дисертацијата, развиени се математички модели на патеките на движење на влакната во FW технологијата за производство на симетрични композитни делови, како што се цевки, резервоари и сл. Извршен е целосен дизајн на цевка за да се потврди точноста на моделот преку експериментални испитувања. Врз основа на развиените математички модели за патеката на влакната и дизајнот на цевката, произведени се симетрични композитни примероци (композитни цевки) со различни агли на намотување: 30°, 45°, 60° и 90°, како и примероци со комбинација на аглите на намотување. Резултатите од механичките испитувања на примероците покажуваат дека предвиденото однесување на симетричните композитни делови (композитни цевки) со математичките модели се совпаѓа со резултатите од испитувањата на така произведените примероци.

Како втор дел од истражувањето во дисертацијата, развиени се нови методи за дизајнирање на математички модел за патеката на влакната за производство на посложени асиметрични композитни делови. Дополнително, извршени се графички симулации на дизајните. Предвидувањето на однесувањето на асиметричните композитни цевки е направено врз основа на заклучоците од експерименталните испитувања од првиот дел за симетрични композитни цевки и со логички пресликувања на тоа однесување врз посложените асиметрични модели.

Докторската дисертација придонесува со значајни сознанија за прецизно намотување на влакната преку развиените и подобрените математички модели за производство на квалитетни композитни делови за употреба во различни индустрии.

**Конечна оценка на докторската дисертација**

Врз основа на анализата и проверката на докторската дисертација, може да се заклучи дека трудот е успешно завршен, а проблематиката од теориски аспект систематично е разработена. Добиените резултати од направените истражувања во докторската дисертација се јасно презентирани, систематизирани и анализирани, а целта на истражувањето е успешно реализирана.

Преку теоретски, истражувачки и научен пристап, направено е поврзување на истражувањето во еден целосен труд. Трудот е јасно напишан на научно ниво, со јасни анализи и дискусии на резултатите, како и нивно јасно презентирање во форма на табеларни податоци, графички прикази и слики.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатот пред одбраната на докторската дисертација ги објавил следниве рецензирани истражувачки трудови.

Трудови објавени во зборници на меѓународни научни конференции и во индексирани меѓународни научни списанија:

1. Srebrenkoska, S.; ***Kochoski, F***.; Srebrenkoska, V.; Risteska, S.; Kotynia, R. (2023) "*Effect of Process Parameters on Thermal and Mechanical Properties of Filament Wound Polymer-Based Composite Pipes.*" Polymers, 15, 2829.
2. ***Kochoski F***., Dukovski V., Samak S., (2022) "*Mathematical Model of Parametric Domain Design Approach for Filament Winding Path on Complex Composite Parts*", Vol. 11, iss. 04, International Journal of Engineering Research & Technology (IJERT), 231-237
3. ***Kochoski F***., Dukovski V., Samak S., Cvetkoska D., Petkoska B., (2022), "*Manufacturing Thermoplastic Composites by Laser Automatic Tape Placement Toolless Technology with Dual robot system*", Vol. 11, iss. 04, International Journal of Engineering Research & Technology (IJERT), p238-244
4. Dimovski I., Gjumandeloski I., ***Kochoski F***., Paipuri M., Veneva M., Risteska A., (2022), "*Computer Aided (Filament Winding) Tape Placement for Elbows, Practically Oriented algorithm*", *Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (*BJAMI) 2018, Vol1, No 1, p89-104
5. Samak, S., Dimovski, I., Trompeska, M., Hristoski, M., ***Kochoski, F***., Dukovski, V., (2018), "*Computer-based simulation and validation of robot accuracy improvement method and its verification in robot calibration procedure*", ETAI 2018 International Conference, ETAI Society of Macedonia, p44
6. Cvetkoska D., ***Kochoski F***., (2019), "*Functional Dependence of Laser power and Layup Speed for Automatic Fibre Placement Temperature Control*", KNOWLEDGE - International Journal, 34(3), p613–619
7. Dimovski I., Trompeska M., Cvetkoska D., ***Kochoski F***., (2016) "*Visualization tools integrated in multivariate calculus instruction and their impact on the quality of students' knowledge*", International Journal of Mathematics Trends and Technology (IJMTT) – Volume 39 Number 1, p22-30

8. Dimovski, I., Samak, S., Cvetkoska, D., Trompeska, M., ***Kochoski, F***. ,(2015) *"Speed control in numeric controlled systems"*, Математички билтен Vol.39(LXV) No.1

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата за оценка и одбрана на докторската дисертација „Развој на математички модели за дизајн на симетрични и асиметрични композитни делови" пријавена и изработена од кандидатот м-р Филип Кочоски донесе заклучок дека истата претставува **самостојна научна работа со оригинални научни истражувања и значајни резултати**.

Врз основа на анализата и проверката на докторската дисертација, може да се заклучи дека проблематиката систематично е разработена и пристапено е кон реализација на сите поставени цели и истите се реализирани. Експерименталните истражувања во голем дел ги потврдуваат теориските сознанија, а преку направените експерименти и анализа на добиените резултати кандидатот се здобил со сознанија и познавање за одредени теоретски и експериментални методи за истражување на композитни делови произведени со технологијата на намотување. Направено е математичко моделирање на дизајнот на патеката на влакна во технологијата на намотување за добивање на симетрични и асиметрични форми и направен е развој на нов метод заснован на параметарски домен за дизајн на патека на произволни површини. Дополнително, направена е механичката карактеризација на композитните примероци кои даваат заклучоци за однесувањето на примероците во зависност од дизајнот.

Докторската дисертација е научен труд со оригинални сознанија, а врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет ги задоволува и исполнува условите потребни за изработка на докторската дисертација .

Врз основа на тоа, Комисијата има чест да **му предложи на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација** со наслов „Развој на математички модели за дизајн на симетрични и асиметрични композитни делови", изработена од м-р Филип Кочоски и да одобри јавна одбрана на истата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Светлана Ристеска – претседател, с.р.
Проф. д-р Винета Сребренкоска, член, интерен ментор, с.р.
Проф. д-р Емилија Фиданчевски, член, екстерен ментор, с.р.
Проф. д-р Благој Голомеов, член, с.р.
Проф. д-р Владо Гичев, член, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ИСХОДИ НА МАЈКАТА И ДЕТЕТО - БРЕМЕНОСТ И ПОСТПАРТАЛЕН ТЕК КАЈ ПАЦИЕНТКИ ЗАРАЗЕНИ СО SARS-COV-2 ВИРУСОТ“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Со Одлука донесена на седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 – Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов „Исходи на мајката и детето – бременост и постпартален тек кај пациентки заразени со SARS-CoV-2 вирусот“, пријавена и изработена од кандидатот д-р Ромир Кадриу, во состав:

- **проф. д-р Зоранчо Петановски** – претседател;
- **проф. д-р Ирена Кондова-Топузовска** – член;
- **проф. д-р Зденка Стојановска** – член, ментор;
- **проф. д-р Горан Димитров** – член, екстерен ментор;
- **проф. д-р Милка Здравковска** – член.

Комисијата во наведениот состав го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација која е пријавена и изработена од кандидатот д-р Ромир Кадриу и која е промовирана на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип се состои од 95 страници, претставува оригинален труд, согласно со програмата на третиот циклус на студии. Во неа се истражуваат исходите на бременоста и постпарталниот тек кај пациентки заразени со SARS-CoV-2 вирусот. Дисертацијата е структурирана во следните делови: Вовед, Преглед на литературата, Цели на истражувањето, Материјал и метод, Резултати, Дискусија, Заклучок и Користена литература. Во делот Материјал и метод, авторот детално го опишува начинот на избор на учесниците во истражувањето, како и методите на собирање и анализа на податоците. Во овој дел авторот користи повеќе табели и графикони за да ги прикаже резултатите од истражувањето. Во делот резултати, авторот користи 2 табели и 1 графикон за да ги прикаже резултатите од првата фаза на истражувањето. Во табела 1 авторот ги прикажува временските интервали на хоспитализацијата на пациентките заразени со SARS-CoV-2 вирусот. Во табела 2 авторот ги прикажува временските интервали од позитивен тест до прием во болница. Графиконот го прикажува процентот на пациентки со различни коморбидитети. Во делот дискусија, авторот ги објаснува резултатите од истражувањето и ги споредува со резултатите од претходни истражувања. Во овој дел, авторот користи повеќе табели и графикони за да ги прикаже резултатите од истражувањето и да ги спореди со резултатите од претходни истражувања. Во целост, дисертацијата на д-р Ромир Кадриу е добро структурирана и детално ги објаснува методите на истражување и резултатите од истражувањето. Авторот користи повеќе табели и графикони за да ги прикаже резултатите од истражувањето и да ги спореди со резултатите од претходни истражувања. Ова го прави текстот почитлив и лесен за разбирање. Појавата на новиот коронавирус, SARS-CoV-2, кон крајот на 2019

година, го означи почетокот на глобалната здравствена криза која длабоко влијаеше на различни аспекти на општеството. Меѓу засегнатите ранливи популации, бремените поединци и нивните неродени деца се во фокус на особена загриженост. Како што се расплетуваше пандемијата, стана императив да се истражи сложената врска помеѓу инфекцијата SARS-CoV-2 и нејзините реперкусии врз континуумот на здравјето на мајките и децата. Овој труд има за цел да обезбеди сеопфатно истражување на текот на бременоста и по породувањето кај пациенти инфицирани со вирусот SARS-CoV-2, интегрирајќи ги тековните научни сознанија и наодите од истражувањето за да се разјаснат повеќеслојните импликации врз исходот на мајката и на детето. Како посебна група на пациенти се издвојуваат и бремените пациентки, кои носат два животи и имаат посебна физиологија и ранливости кои може да бидат проблематични во однос на инфекција со овој вирус. Така, состојбата на оваа група на пациентки може да се искомплицира на повеќе начини во заклучниот триместар од бременоста, од кои најчестите се појавата на прееклампсија, предвремена руптура на мембраните, предвремено породување. Прееклампсијата и еклампсијата, сместени во групата на хипертензивни нарушувања на бременоста, дефинирани како појава на нова артериска хипертензија кај бремена пациентка (над 140/80 мм жива) и детекција на протеинурија, се јавуваат со честота од 2 до 8% глобално и се последица на нарушувања на плацентата, се актуализираат во последниот триместар. Предвремената руптура на мембраните дефинирана како руптурирање на мембраните пред појавата на контракции е исто така компликација која се случува со честота од 10% од сите бремености (кои достигнале барем 24 недела). SARS-CoV-2 е член на семејството на коронавируси, а други патогени од ова семејство нанеле низа вирусни инфекции, вклучувајќи го и Блискоисточниот респираторен синдром (МЕРС) и тежок акутен респираторен синдром (САРС). Главниот пат на пренос е преку респираторни капки и директен контакт. Додека спектарот на сериозноста на болеста се движи од благ до критичен, повеќето се благи. Повеќето од фаталните случаи се случиле кај пациенти со напредна возраст или основни коморбидни врски. Сепак, до овој датум, стапката на смртност од SARS-CoV-2 е поголема од МЕРС и САРС заедно и има глобална стапка на смртност од околу 6,4%. Иако е познато дека бремените жени имаат намален имунитет и тие се изложени на ризик за инфекција со ковид-19 за време на актуелната пандемија, не е јасно како манифестацијата на болеста би била различна кај трудниците во споредба со небремените пациентки. Познато е дека имунолошкиот систем на телото и одговорот на вирусни инфекции може да се променат поради бременоста, што ја објаснува причината за потешки симптоми. Сепак, некои претходни студии покажаа дека бремените жени не се поподложни на SARS-CoV-2 од небремените жени. Со оглед на сериозноста на болеста, ограничените податоци сугерираат дека бремените жени може да се појават со тешки симптоми кои вклучуваат хипоксија, хипотензија, електролитни нарушувања и плацентарна хипоперфузија, што може да предизвика фетален дистрес, предвремено породување, спонтан абортус или фетална смрт. Прелиминарните докази од болестите предизвикани од вирусот H1N1 (H1N1 инфлуенца) и другите коронавируси (САРС и МЕРС) сугерираат дека бремените жени имаат поголема веројатност да имаат тешки манифестации на болеста, морбидитет и морталитет во споредба со небремените жени. Покрај тоа, некои студии покажаа зголемен ризик од овие критични болести со зголеменото времетраење на бременоста. Досега, информациите за различните патишта

(трансплацентарни, перинатални, интрапородилни и постнатални) и ризиците од пренесување на ковид-19 на новороденчиња се засноваат на сериите на случаи. Со оглед на фактот дека SARS-CoV-2 е респираторен вирус, ризикот од вертикално пренесување се претпоставува дека е многу низок или отсутен. Оваа претпоставка е поддржана од доказите дека не е откриен вертикален пренос кај други членови на семејството на коронавирус (САРС и МЕРС). Ризикот од перинатален пренос на SARS-CoV-2 е непознат. Дополнително, бидејќи ризикот од постнатална трансмисија останува да се разјасни, дискутабилно е дали новороденчето треба веднаш да се одвои од мајката позитивна на ковид-19. Физиолошките промени што се случуваат за време на бременоста ги прават идните мајки уникатно подложни на заразни болести, што иницира прашања за потенцијалните последици од инфекцијата SARS-CoV-2. Истражувањата се обидоа да го откријат влијанието на вирусот врз здравјето на мајката, опфаќајќи аспекти како што се сериозноста на симптомите, ризикот од компликации и долгорочните ефекти. Сложената интеракција помеѓу вирусот и физиолошките промени поврзани со бременоста налага потреба од нијансиран преглед, земајќи ги предвид факторите, како што се имунолошкиот одговор, хормоналните промени и потенцијалното влошување на веќе постоечките состојби. Главниот аспект на дискусијата се врти околу можноста за вертикално пренесување - преносот на вирусот од бремената мајка на фетусот во развој. Откривањето на динамиката на овој пренос е клучно за разбирање на потенцијалното влијание врз развојот на фетусот и неоналните исходи. Истражувачите навлегоа во механизмите на вертикалниот пренос, истражувајќи дали вирусот може да ја пробие плацентарната бариера и да влијае на сложените процеси на феталната органогенеза. Згора на тоа, улогата на гестациската старост во модулирањето на ризикот и сериозноста на вертикалната трансмисија е област на тековно истражување, расветлувајќи ја ранливоста на фетусот во развој во различни фази од бременоста. Пандемијата Ковид-19 имаше значително влијание врз репродуктивното здравје на жените, според спроведената набљудувачка студија. Студијата покажа дека голем дел од жените доживеале нарушувања на репродуктивното здравје, вклучувајќи промени во менструалните циклуси, предменструални симптоми и нови менструални проблеми. Овие нарушувања беа поврзани со значително зголемување на симптомите на менталното здравје, зголемување на телесната тежина, подолго работно време и понездрава исхрана. Сепак, студијата исто така покажа дека некои жени доживеале позитивни промени во нивното репродуктивно здравје и начин на живот за време на пандемијата, како што се поредовни менструации, помалку тешки и болни периоди и зголемување на либидото. Предностите на студијата вклучуваат големина на примерокот и фактот дека поголемиот дел од жените ги снимиле шемите на менструалниот циклус користејќи дневник или апликација за паметни телефони, намалувајќи го ефектот на пристрасност кон социјалната пожелност. Долгорочните здравствени импликации од овие нарушувања на репродуктивното здравје допрва треба да се утврдат, а идните студии треба да го решат ова. Исто така, важно е давателите на здравствени услуги да бидат свесни за потенцијалното влијание на пандемијата врз репродуктивното здравје на жените и да обезбедат соодветна поддршка и грижа. Други студии исто така објавија слични наоди. Студија откри дека пандемијата Ковид-19 е поврзана со зголемување на менструалните нарушувања кај жените во Кина. Друга студија објави дека пандемијата има негативно влијание врз сексуалното и репродуктивното здравје на жените во

Индија. Пандемијата Ковид-19 имаше значително влијание врз репродуктивното здравје на жените, при што многу жени доживуваат нарушувања во нивните менструални циклуси и предменструални симптоми. Важно е давателите на здравствени услуги да бидат свесни за овие потенцијални влијанија и да обезбедат соодветна поддршка и грижа за жените за време и по пандемијата.

**Научен придонес**

Докторската дисертација на д-р Ромир Кадриу претставува значаен придонес во разбирањето на влијанието на SARS-CoV-2 вирусот врз бременоста и постпарталниот тек кај заразените пациентки. Преку деталната анализа на резултатите и добро структурираниот преглед на литературата, авторот успешно ги идентификува истражувачките потреби и ги истакнува можностите за подобрување на клиничката пракса и здравствената политика. Истражувањето потврдува дека заразените бремени пациентки со SARS-CoV-2 вирус имаат поголем ризик од предвремено породување и породување со царски рез,како и поголема веројатност за прием во единицата за интензивна нега. Оваа информација е критична за здравствените работници и креирањето на клинички протоколи за управување со заразени бремени пациентки. Покрај тоа, истражувањето открива дека жените со ковид-19 имаат поголема веројатност за царски рез во споредба со историските контроли. Според добиените резултати, се потврдува потребата за посветена клиничка и мултидисциплинарна пристап во управувањето со заразените бремени пациентки. Ова вклучува редовни клинички прегледи, мониторирање на состојбата на пациентките, како и поддршка и образување на пациентката и нејзиното семејство. Исто така, потребно е да се развијат и имплементираат специфични клинички протоколи за управување со заразените бремени пациентки, во соработка со медицинскиот тим. Со оглед на ризиците поврзани со заразата со SARS-CoV-2 вирусот кај бремените жени, се препорачува да се продолжи со истражувањето во оваа област. Ова ќе овозможи подобро разбирање на механизмите на влијание на вирусот врз бременоста и постпарталниот тек, како и развивање на ефикасни интервенции и превентивни мерки. Исто така, се препорачува да се поддржи континуираното образување на здравствени работници за управување со заразените бремени пациентки, како и да се обезбеди пристап до психолошка поддршка за овие жени и нивните семејства. Во целост, докторската дисертација на д-р Ромир Кадриу претставува важен извор на информации и препораки за здравствените работници, креирањето на здравствени политики и идни истражувања во областа на бременоста и заразеноста со SARS-CoV-2 вирусот. Ова истражување има потенцијал да го подобри клиничкото управување со заразените бремени пациентки и да го подигне стандардот на нивната здравствена нега. Истражувањето потврдува дека заразените бремени пациентки со SARS-CoV-2 вирус имаат поголем ризик од предвремено породување и породување со царски рез, како и поголема веројатност за прием во единицата за интензивна нега. Оваа информација е критична за здравствените работници и креирањето на клинички протоколи за управување со заразени бремени пациентки. Покрај тоа, истражувањето открива дека жените со ковид-19 имаат поголема веројатност за завршување на бременоста со царски рез во споредба со пациентки трудници кои не се ковид позитивни. Според добиените резултати, се потврдува потребата за посветен клинички и мултидисциплинарен пристап во управувањето со заразените бремени пациентки. Ова вклучува редовни клинички

прегледи, мониторирање на состојбата на пациентките, како и поддршка и образување на пациентката и нејзиното семејство. Исто така, потребно е да се развијат и имплементираат специфични клинички протоколи за управување со заразените бремени пациентки, во соработка со медицинскиот тим.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на докторатот:**

- Kadriu, R., Demiri, I., Dimitrov, G., Asani, P., & Demiri-Kadriu, A. (2023). Pregnancy outcome in patients with previous infection with COVID-19 and the health of newborns. Open Journal of Medical Sciences, 3(1), 46–52. Retrieved from https://www.scipublications.com/journal/index.php/ojms/article/view/823
- Kadriu, R., Demiri, I., & Dimitrov, G. (2023). Coronavirus in Pregnant Patients and their Clinical Outcomes – Results of a Case-Control Study. Macedonian Medical Electronic Journal, 3(1), 1–6. https://doi.org/10.3889/mmej.2023.6107

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата за оценка и одбрана детално ја разгледа докторската дисертација со наслов „Исходи на мајката и детето – бременост и постпартален тек кај пациентки заразени со SARS-CoV-2 вирусот" и донесе заклучок дека истата претставува оригинален, самостоен научен труд со оригинални научни истражувања и резултати. Докторската дисертација на д-р Ромир Кадриу претставува значаен придонес во разбирањето на влијанието на SARS-CoV-2 вирусот врз бременоста и постпарталниот тек кај заразените пациентки. Преку деталната анализа на резултатите и добро структурираниот преглед на литературата, авторот успешно ги идентификува истражувачките потреби и ги истакнува можностите за подобрување на клиничката пракса и здравствената политика. Докторската дисертација врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет на научната работа ги задоволува и исполнува потребните услови за изработка на докторската дисертација.

Врз основа на тоа, Комисијата има чест да му предложи **на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Исходи на мајката и детето – бременост и постпартален тек кај пациентки заразени со SARS-CoV-2 вирусот", пријавена и изработена од кандидатот д-р Ромир Кадриу и да одобри јавна одбрана на истата.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Зоранчо Петановски, претседател, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, с.р.

Проф. д-р Ирена Кондова-Топузовска, член, Факултет за медицински науки, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, с.р.

Проф. д-р Зденка Стојановска, член, ментор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, с.р.

Проф. д-р Горан Димитров, член, екстерен ментор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, с.р.

Проф. д-р Милка Здравковска, член, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ВЛИЈАНИЕТО НА МЕНАЏМЕНТОТ НА ЗНАЕЊЕ ВРЗ ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ТОДОР БАДАРОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одлуката на Наставно-научниот совет на докторски студии - Кампус 4, определени сме во Комисија за оценка и одбрана на докторска дисертација на кандидатот **м-р Тодор Бадаровски**, магистер по меѓународен маркетинг менаџмент и магистер по менаџмент на човечки ресурси, со наслов **„Влијанието на менаџментот на знаење врз перформансите на организацијата".** Ние ја проучивме завршената докторска дисертација и му ја поднесуваме на Советот следната

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**1. Основни податоци за кандидатот и дисертацијата**

Тодор Бадаровски е роден 29.11.1988 година во Скопје, Република Македонија. Во Скопје завршува основно и средно образование. Во 2007 година се запишува на Економскиот факултет при Универзитетот „МИТ" - Скопје, насока Менаџмент, а дипломира со просек 8.85. Постдипломски студии по менаџмент на човечки ресурси запишува во 2009 година на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, каде што ги завршува студиите со просек 9.11, а во 2011 година се запишува на постдипломски студии по меѓународен маркетинг менаџмент на Универзитетот за туризам и менаџмент, каде што ги завршува студиите со просек 9.00.

Во 2016 г. кандидатот се запишува на докторски студии на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип на Економскиот факултет на насока Деловна (бизнис) економија, каде што се вклучува во наставата. Кандидатот ги има завршено испитите на докторските студии.

**Вработување:**

Во јануари 2011 година се вработува во компанијата „Red Bull", на позиција студент бренд менаџер за Република Македонија, на дадената позиција работи до крајот на 2015 година. За време на овој период учествува во организација и подготовка на голем број локални и регионални маркетинг проекти и маркетинг кампањи. Помеѓу позначајните проекти за чија реализација бил одговорен во овој период се: Red Bull Paper Wings, Red Bull Doodle Art, Red Bull King of the rock итн.

Во јануари 2015 година се вработува во „Макпетрол“ АД Скопје на позицијата референт во Дирекцијата за големо продажба. Денес работи во истата компанија на позиција виш самостоен соработник во Дирекцијата за големопродажба.

За време на своето работно искуство професионално се надградува со учествува на проекти и научноистражувачки проекти, а зад себе има и значајни учества на меѓународни конференции и други стручни настапи, обуки и трудови издадени во списанија од релевантни меѓународни бази.

**Објавени трудови:**

Рецензирани научноистражувачки трудови кои се резултат на истражувањата во рамките на изработката на докторската дисертација, објавени во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации:

- “Exepectations and brand experience: millennials - the generation that can shape the future service quality of companies in a developing economy” Balkan Social Science Review, Vol. 10, December 2017, 151-169 ISSN 1857-8772
- “Servqual: Measuring the Satisfaction of Consumers as a Marketing Activity”, Macedonian International Journal of Marketing 5 (10): 18-34, 2019 ISSN 1857-9787
- “Impact of knowledge management on the quality of interpersonal relationships” international congress for business, economy, sport and tourism, 2020
- “The transfer of knowledge as a function of increasing organizational performance” international congress for business, economy, sport and tourism, 2020
- “Impact of knowledge management on the development of enterprises in the republic of north Macedonia” International Scientific Congress 2022

**Труд објавен во меѓународно списание со импакт фактор:**

- “The role of talent management for development of the marketing team” – International Journal Vol.46.1, 2021.

Докторската дисертација е презентирана на 220 страници и ги содржи следните делови: Вовед; Менаџмент со знаење; Менаџмент со организациски перформанси; Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето на ефектите на менаџментот со знаење врз перформансите на организацијата; Заклучоци и препораки; Користена литература. Докторскиот труд содржи 71 табели и 59 графикони. Користената литература брои 160 библиографски единици.

**2. Предмет и цел на дисертацијата**

Главната цел на ова истражување беше да се испитаат односите помеѓу менаџментот на знаење и перформансите на организациите, како и нивото на менаџментот на знаење во организациите во РС Македонија, со анализа на

поврзаноста помеѓу статистички варијабли кои го мерат менаџментот на знаење и перформансите на организацијата.

Истражувањето во оваа докторска дисертација, се заснова на хипотезата вложувањата во менаџментот со знаење. Со други зборови поголемо вложување во менаџментот со знаење има позитивен ефект врз организациските перформанси.

Во истражувањето за остварување на основната цел, евалуација на ефектите на менаџментот со знаење врз организациските перформанси, беше спроведен инструмент анкетен прашалник од затворен тип со 56 тврдења со скала од 2 до 5 врз 112 вработени од 4 компании од информатичкиот сектор во Република Северна Македонија.

## 3. Основни хипотези од кои се поаѓало во истражувањето

**ГЕНЕРАЛНА ХИПОТЕЗА**:

Процесот на менаџмент на знаење позитивно влијае врз финансиските и нефинансиските перформанси на организацијата и е на средно ниво во организациите во Република Северна Македонија.

**ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА 1**

Стекнувањето, креирањето, трансферот, примената и задржувањето на знаењето има позитивно влијание врз финансиските и нефинансиските перформанси на организацијата.

**ПОСЕБНА ХИПОТЕЗА 2**

Менаџмент на знаење е на средно ниво во организациите во Република Северна Македонија.

**Поединечна хипотеза 1**

Стекнувањето знаење од надворешни извори е позитивно поврзано со нефинансиските перформанси на организацијата.

**Независна варијабла:** Стекнување знаење.

**Индикатори:** Прашања број: 9, 10, 11, 12, 13 и 14.

**Зависна варијабла:** Нефинансиските перформанси на организацијата.

**Индикатори:** Прашања број: 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47, 48, 49, 50, 51, 52, 53, 54, 55 и 5.

**Поединечна хипотеза 2**

Стекнувањето знаење од надворешни извори е позитивно поврзано со финансиските перформанси организацијата.

**Независна варијабла:** Стекнување знаење.

**Индикатори:** Прашања број: 9, 10, 11, 12, 13 и 14.

**Зависна варијабла:** Финансиските перформанси на организацијата.

**Индикатори:** Прашања број 36, 37.

**Поединечна хипотеза 3**

Креирањето на знаење преку работни искуства, иновативни решенија и сортирање и собирање на податоците од различни извори е позитивно поврзано со нефинансиските перформанси на организацијата.

**Независна варијабла:** Креирање на знаење.

**Индикатори:** Прашања број: 15, 16, 17, 18, 19 и 20.

**Зависна варијабла:** Нефинансиските перформанси на организацијата.

**Индикатори:** Прашања број: 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47, 48, 49, 50, 51, 52, 53, 54, 55 и 56.

**Поединечна хипотеза 4**

Креирањето на знаење преку работни искуства, иновативни решенија и сортирање и собирање на податоците од различни извори е позитивно поврзано со финансиските перформанси на организацијата.

**Независна варијабла:** Креирање на знаење.

**Индикатори:** Прашања број: 15, 16, 17, 18, 19 и 20.

**Зависна варијабла:** Финансиските перформанси на организацијата.

**Индикатори:** Прашања број 36, 37.

**Поединечна хипотеза 5**

Трансферот на знаење преку извештаи, датотеки, обуки и менторства е позитивно поврзан со нефинансиските перформанси на организацијата.

**Независна варијабла:** Трансфер на знаење.

**Индикатори:** Прашања број: 21, 22, 23, 24 и 25.

**Зависна варијабла:** Нефинансиските перформанси на организацијата.

**Индикатори:** Прашања број: 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47, 48, 49, 50, 51, 52, 53, 54, 55 и 56.

**Поединечна хипотеза 6**

Трансферот на знаење преку извештаи, датотеки, обуки и менторства е позитивно поврзано со финансиските перформанси организацијата.

**Независна варијабла:** Трансфер на знаење.

**Индикатори:** Прашања број: 21, 22, 23, 24 и 25.

**Зависна варијабла:** Финансиските перформанси на организацијата.

**Индикатори:** Прашања број 36, 37.

**Поединечна хипотеза 7**

Примената на знаењето преку вградување на работните искуства

и акумулираното знаење во работни практики е позитивно поврзано со нефинансиските перформанси на организацијата.

**Независна варијабла:** Примена на знаење.

**Индикатори:** Прашања број: 26, 27, 28, 29 и 30.

**Зависна варијабла:** Нефинансиските перформанси на организацијата.

**Индикатори:** Прашања број: 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47, 48, 49, 50, 51, 52, 53, 54, 55 и 56.

**Поединечна хипотеза 8**

Примената на знаењето преку вградување на работните искуства и акумулираното знаење во работни практики е позитивно поврзано со финансиските перформанси организацијата.

**Независна варијабла:** Примена на знаење.

**Индикатори:** Прашања број: 26, 27, 28, 29 и 30.

**Зависна варијабла:** Финансиските перформанси на организацијата.

**Индикатори:** Прашања број 36, 37.

**Поединечна хипотеза 9**

Задржувањето на знаењето преку креирање на програми за пренесување на знаењето на новите вработени и задржување на искусниот кадар, како и формално документирање на знаењето е позитивно поврзано со нефинансиските перформанси организацијата.

**Независна варијабла:** Задржување на знаење.

**Индикатори:** Прашања број: 31, 32, 33, 34 и 35.

**Зависна варијабла:** Нефинансиските перформанси на организацијата.

**Индикатори:** Прашања број: 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47, 48, 49, 50, 51, 52, 53, 54, 55 и 56.

**Поединечна хипотеза 10**

Задржувањето на знаењето преку креирање на програми за пренесување на знаењето на новите вработени и задржување на искусниот кадар, како и формално документирање на знаењето е позитивно поврзано со финансиските перформанси организацијата.

**Независна варијабла:** Задржување на знаење.

**Индикатори:** Прашања број: 31, 32, 33, 34 и 35.

**Зависна варијабла:** Финансиските перформанси на организацијата.

**Индикатори:** Прашања број 36, 37.

Во текот на дисертацијата, кандидатката работи и појаснува поими и процеси кои имаат влијание и значење за да се увиди прифаќањето на хипотезите.

4. **Краток опис на содржината на дисертацијата**

Во првиот дел, насловен како *Менаџмент со знаење*, третирани се сите сегменти од теоретски аспект кои одиграле значајна улога во формирањето на хипотетската рамка. Овој дел започнува со анализа на влијанието на процесот за менаџмент со знаење и неговата важност за организациите во денешното деловно опкружување. Потоа е даден краток преглед на литература која ја обработува оваа проблематика. Во овој дел се обработени моделите на менаџментот со знаење, циклусот на менаџментот со знаење, како и процесот на стекнување, трансфер, примена и задржување на знаењето. Потоа следуваат теорија за влијанието на организациската култура врз менаџментот со знаење. Првиот дел завршува со објаснување за стратегиските импликации на организациската култура врз менаџментот со знаење.

Вториот дел го обработува концептот за организациските перформанси. Тргнувајќи од прегледот на литература, моделите и начините за мерење на организациските перформанси. Потоа е даден краток преглед на литература која ја обработува оваа проблематика. Во овој дел се обработени процесот на управување со перформансите, планирање на перформансите, процесот на имплементација, усогласување на плановите со другите системи на организацијата како човечките ресурси, автоматизирање на процесите, обука на вработените и менаџерите, како и проценка и подобрување на системот за менаџмент со перформансите.

Во третиот дел е разработена хипотетска рамка во која генералната хипотеза е развиена во две посебни хипотези кои се разложени на десет поединечни хипотези. Прецизноста на овој дел оди до таму што секоја хипотеза ќе биде поделена на варијабли, а ќе бидат наведени и индикаторите врз база на кои се докажуваат варијаблите, а со тоа и хипотезите во интерес на потврдување или отфрлање на претпоставките поставени во истражувањето. Тука е дадена анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето на ефектите од менаџментот со знаење врз организациските перформанси во Република Северна Македонија.

Консултираната теорија тука ги објаснува најважните променливи и нивната насока на делување. Во истражувањето се користени податоци добиени од инструментот кој се состоеше од 56 прашања од затворен тип со скала на оценување од 1 до 5. Овој инструмент беше спроведен во четири организации од информатичкиот сектор во Република Северна Македонија. Во процесот на спроведување на мерниот инструмент во ова истражување беа опфатени 112 вработени од овие организации. За остварување на основната цел, евалуација влијанието на менаџментот со знаење врз перформансите на организацијата се користени повеќе променливи и тоа: детерминантите кои го конституираат менаџментот на знаење (зависни променливи) и организациски перформанси

(независна променлива). Анализа, толкување и интерпретација е дадена за сите добиени резултати во текот на истражувањето.

За визуализација на истите има и поддршка од хистограмско прикажување на податоците. Следниот дел се занимава со коментари и насоки кон кои укажуваат добиените резултати. Во овој дел резултатите се групирани во интерес на добивање сознанија за секоја посебна варијабла која во претходниот дел на трудот произлегоа од хипотетската рамка на истражувањето, а со тоа и во интерес на докажување на поставените хипотези. Овој дел, исто така, изобилува со хистограми.

Во заклучниот дел на докторскиот труд ќе бидат истакнати сознанијата до кои се дојде со спроведеното истражување и тоа како генерално согледување, но и расчленето по сегментите на истражувањето, односно заклучоците на кои укажуваат посебните и поединечните хипотези со нивните варијабли.

На крајот од докторскиот труд, како што прилега, презентиран е попис на странска и домашна библиографија користена при создавање на докторскиот труд.

Во прилог на трудот во целост се сместени истражувачките инструменти кои се користени во текот на истражувањето, како и табеларен приказ на добиени конечни резултати во секој дел на истражувачката постапка. Табеларен приказ е прикажан и за групирани податоци во интерес на докажување на варијаблите, а со тоа и на хипотезите.

**5. Методи кои се применети во истражувањето**

Методите на истражување во оваа докторска дисертација се засноваат на:

Емпириски докази - користејќи ги емпириските докази се обидовме да добиеме информации преку набљудување и документирање на податоците поврзани со човечкиот капитал.

*Преглед на најновата академска литература* - прегледот на литературата во овој труд се заснова на последните академски истражувања во оваа област. Користени се најновите академски трудови поврзани со менаџментот за знаење и организациските перформанси.

*Квантитативно истражување* - Спроведено е анкетирање на 112 вработени од информатичкиот сектор во РС Македонија за процесот и нивото на менаџментот за знаење и неговата поврзаност со организациските перформанси.

**6. Реализирани резултати и научен придонес**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Тодор Бадаровски, врз основа на емпириските докази, преглед на литературата и другите извори и инструменти што се користени од кандидатот во оваа докторска теза, поставените хипотези се потврдени.

Заклучокот од докторската дисертација е дека тврдењето: *Процесот на менаџмент на знаење позитивно влијае врз финансиските и нефинансиските перформанси на организацијата и е на средно ниво во организациите во РС Македонија* се покажа како точно, согласно со сите параметри и тестови при анализата на податоците добиени од користениот инструмент.

Врз основа на резултатите добиени од истражувањата од оваа студија, докторската дисертација заклучува дека менаџментот со знаење има значително позитивно влијание врз организациските перформанси и е на средно ниво во Република Северна Македонија. Поточно заклучува дека менаџментот има големо и директно влијание врз нефинансиските перформанси на организацијата, додека неговото влијание врз финансиските перформанси е значително помало.

**Значење и придонес на докторската дисертација од аспект на актуелната состојба во научната област:** Главната придобивка на оваа теза е фактот што со докажување на важноста на менаџментот со знаење за организациите во денешното висококонкурентно опкружување се потенцираше неговото позитивно влијание врз организациските перформанси.

Врз основа на приложената литература, емпириските докази, инструментите и извршените анализи на податоците во овој труд можеме да заклучиме дека се потврдува генералната хипотеза која гласи: Процесот на менаџмент на знаење позитивно влијае врз финансиските и нефинансиските перформанси на организацијата и е на средно ниво во организациите во РС Македонија.

Податоците добиени од ова истражувањето генерално покажуваат позитивен ефект на менаџментот на знаење врз перформансите на организацијата. Ова најдобро можеше да се забележи во поглед на влијанието на менаџментот со знаење врз нефинансиските перформанси на организацијата, каде што анализите покажаа најголема корелација и поврзаност. Сите ајтеми од менаџментот на знаење високо корелираа со ајтемите за нефинансиски перформанси од сите потскали на инструментот. Оттука можеме да заклучиме дека менаџментот со знаење има директно влијание врз нефинансиските перформанси на организацијата како квалитетот на услугите, задоволството на клиентите, репутацијата на организацијата итн.

Во поглед на финансиските перформанси на организациите не можеше да се забележи значајна корелација со менаџментот на знаење. Финансиските перформанси на организацијата покажаа позначителна корелација само со ајтемите од варијаблата за стекнување на знаење, додека со останатите ајтеми немаа значителна корелација. Причина за ниската корелација може да се бара и во големата разлика во бројот на ајтеми во потскалите, кој се движеше од 5 до 19

ајтеми, освен скалата за финансиски перформанси која имаше само 2 ајтеми. Овој недостаток може значително да влијае врз крајните резултати кој ги добивме од ова истражување. Оваа кусогледост на инструментот користен во ова истражување беше креирана од затвореноста на организациите во поглед на нивните финансии и нивното финансиско работење. Со цел детално истражување на поврзаноста на менаџментот со знаење и организациските перформанси, потребно е во иднина да се направат дополнителни истражувања на оваа тема со детално согледување на финансиското работење на компаниите, како и интерните документи и извештаи за процесите на менаџментот со знаење.

Резултатите што ги добивме со истражувањето од оваа докторска дисертација се поклопуваат и се во иста насока со сите останати истражувања на оваа тема кои ги консултиравме при изработка на овој труд.

**7. Заклучок**

Комисијата според своите констатации дава оценка дека кандидатот, преку користење на релевантна научна методологија, стручна и корисна литература успеа да ја изработи поставената тема. Докторската дисертација ја изработил согласно со она што го има поднесено во Пријавата на тема, која е одобрена од страна на Наставно-научниот совет на Кампус 4 при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Се констатира дека целта на истражувањето е постигната и дисертацијата е резултат на самостојна работа на кандидатот. Забележувајќи ги длабочината и опсегот на анализа, добиените и анализирани резултати кои се изложени во дисертацијата може да се констатира дека станува збор за оригинален, автентичен и самостојно изработен труд на кандидатот кој ќе има големо значење за оваа област.

Според она што е изложено претходно, каде што се увидува квалитетот и значењето на оваа дисертација и резултатите претставени во неа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Кампус 4 при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип да ја прифати и одобри јавната одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Тодор Бадаровски.

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Ристе Темјановски – претседател, с.р.

Проф. д-р Тамара Јованов-Апасиева, член, с.р.

Доц. д-р Весна Георгиева-Свртинов, член, с.р.

Проф. д-р Ирена Ашталкоска, екстерен ментор, с.р.

Проф. д-р Еленица Софијанова, интерен ментор, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ „ДИНАМИЧКИ СИСТЕМИ” ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р БИЛЈАНА ЗЛАТАНОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1502-164/8 од 241. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за информатика, одржана на 30.10.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- академик д-р Дончо Димовски, Природно-математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје (во пензија);
- проф. д-р Владо Гичев, Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ДИНАМИЧКИ СИСТЕМИ**” од **вон. проф. д-р Билјана Златановска,** наменет за студентите од прв циклус студии на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Динамички системи“ од вон. проф. д-р Билјана Златановска е наменет за студентите кои го слушаат предметот Динамички системи во седми семестар на насока Применета математика, како задолжителен, со фонд на часови 2+2+1, насока Наставна математика, како изборен, со фонд на часови 2+1+1, кои се дел од наставните програми на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип. Овој ракопис е во согласност со двете наставни програми и ја опфаќа наставната материја за двете студиски програми за кои е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот „Динамички системи“ содржи 172 страници, го задоволува форматот и дадената содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Не постои ист или сличен учебник со ваква содржина, која го покрива наставниот материјал од овие наставни предмети за кој е наменет.

**Краток опис на содржината:** Ракописот „Динамички системи“ содржи четири теми (поглавја) и еден додаток т.е.

Тема 1. Дискретни динамички системи;

Тема 2. Непрекинати динамички системи. Еднодимензионални системи;

Тема 3. Дводимензионални системи;

Тема 4. Тродимензионални автономни системи. Хаос;

Додаток. Графичка визуелизација на динамички системи со математички софтвер Mathematica.

Теоријата во секоја тема е поткрепена со соодветни решени примери и геометриски интерпретации, кои ги дообјаснуваат нештата. Темите завршуваат со решени задачи и задачи за самостојна работа заради утврдување на изучениот

материјал од страна на студентите.

Дискретни динамички системи како прва тема дава основни дефиниции и дефинира основни поими. Потоа се дадени теориските основи за еднодимензионалните пресликувања, за во продолжение да бидат дадени соодветни примери. Темата завршува со теоретски основи и примери на дводимензионални пресликувања.

Непрекинати динамички системи и еднодимензионални системи како втора тема дава основни дефиниции и дефинира основни поими. Еднодимензионалните системи се разгледани преку диференцијални равенки. Нивната примена е со разгледување на закони, кои се изучуваат во биологијата, хемијата, физиката и медицината, а математички се моделираат со диференцијални равенки. Темата завршува со разгледување на бифуркации кај еднодимензионални системи и тоа: седло-чвор, транскриптична и виласта бифуркација.

Дводимензионалните системи се дадени во тема 3 и ги опфаќаат линеарните системи со нивните фазни портрети, како и нелинеарните системи. На крај од темата е дадена нивната примена преку разгледување на закони претежно во физиката, но и во медицината. Нормално, и кај овие системи моделирањето е преку системи диференцијални равенки.

Последната тема е посветена на тридимензионалните автономни системи и физичкиот феномен хаос. Разгледани се тридимензионални автономни системи и е дадена дефиницијата на хаосот, што се уште е недоволно истражена област. Затоа, во темава се дадени најосновните поими и дефиниции. Темата завршува со примери на хаотични системи диференцијални равенки, кои се добро познати во науката на хаосот: Лоренцов, Рослеров и Ченов систем.

За да може да се објасни и сфати материјалот, потребна е геометриска визуелизација на воведените и дефинирани поими. Затоа е неопходно користење на математички софтвер. Ова бара користење на соодветни кодови во математичкиот софтвер. Затоа, на крај од ракописот има додаток наречен „Графичка визуелизација на динамички системи со математички софтвер Mathematica", каде што се дадени кодовите, кои се искоритени за цртање на сликите од ракописот. Додатокот почнува со многу краток осврт на математичкиот софтвер Mathematica, па продолжува со кодови кои се потребни за дефинирање на функции, како и кодови кои се користат за геометриска визуелизација на дискретни и непрекинати динамички системи. Бидејќи непрекинатите динамички системи се моделираат со диференцијални равенки или со системи диференцијални равенки се дадени и кодови за нивно решавање.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на прегледаниот материјал и на гореизложеното, ракописот „Динамички системи" за студентите од наставните програми на Факултетот за информатика, наставна и применета математика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип може да се користи како соодветен учебник за изучување на предметот Динамички системи во четврта година на студии. Затоа предлагаме, Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика поднесениот ракопис да го прифати како учебник „Динамички системи".

**Рецензенти**
Академик д-р Дончо Димовски, с.р.
Проф. д-р Владо Гичев, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „БАНКАРСТВО“**
**ОД ПРОФ. Д-Р ЉУПЧО ДАВЧЕВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1202-111/12 од 241. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 30.10.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Оливера Георгиева-Трајковска,** редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- **д-р Стеван Габер,** редовен професор на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„БАНКАРСТВО“** од **вонреден проф. д-р Љупчо Давчев**, наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот со наслов „Банкарство” од проф. д-р Љупчо Давчев е книга од областа на банкарството и финансиите, кој претставува еден заокружен увид во проблематиката на современото банкарство, со акцент на работењето на банките во развиените финансиски и пазарни структури. Во тој контекст, обработен е широк спектар на различните типови на банки, од централните банки, преку комерцијалните и инвестициските банки и нивните активности во финансискиот и банкарскиот систем. Учебникот е наменет за студенти на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Материјата од областа банкарство студентите ја изучуваат во рамки на повеќе предмети поврзани со областа банкарство, како што се: Банкарство, Пари и банки, Банкарски менаџмент, Инвестициско банкарство, Електронско банкарство, Монетарна економија, Банкарски маркетинг и др. Учебникот е наменет како литература за проучување на предметот Банкарство од страна на студентите на прв циклус студии, од различни студиски години (трети, четврти и петти семестар) на насоките: Финансии, Маркетинг менаџмент, Сметководство и ревизија, Бизнис економија, како и Бизнис информатика при Факултетот за информатика. Во рамки на наставните програми, предметот Банкарство се јавува како задолжителен, со неделен фонд на часови 2+2+2. Воедно, учебникот ќе биде наменет и како дополнителен материјал за студентите кои ги изучуваат останатите наведени сродни предмети, како и студентите од втор циклус на студии. Учебникот со наслов „Банкарство” претставува заокружена целина и ја синтетизира научната материја поврзана со банкарството, која во основа ги обработува сите клучни делови од областа на банкарството и тоа: улогата на финансискиот систем и банките како главни институции дел од тој систем, еволутивниот развој на банкарството, промените од традиционално до современо банкарство, принципите на банкарско работење, организацијата на банките, банкарскиот капитал, мерење на успехот на банките, основите и постулатите на работење на централните банки, централните

банки во развиените земји, инвестициското банкарство и друго. Рецензентската комисија оценува дека ракописот е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебникот содржи 150 страници, со табели, графикони, слики, како и студии на случај и практични примери кои им овозможуваат на студентите многу полесно разбирање и совладување на оваа проблематика. Трудот е пишуван во А4 формат, со нормален проред, со употреба на фонт Arial и големина на буквите 11 а маргините на страниците се 2,54 cm: top; left; bottom; right. Цитирањето е во АПА стилот, при што цитатите во текстот се поставени во рамките на речениците и пасусите, со што се олеснува прегледноста на информациите за цитирање или парафразирање, односно авторите и делата кои се консултирани за изготвување на делото. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите во согласност со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Книгата е креирана врз основа на потребата од создавање на учебник кој од теоретски и практичен аспект ќе им овозможи на студентите подобро разбирање на основите на банкарството и начинот на кој банките функционираат во финансискиот свет. Во Република Северна Македонија досега се објавени неколку книги и учебници кои ги поставија темелите во изучувањето на економската наука во високообразовните институции во земјава. Овој труд ќе биде значителен придонес во насока на проширување на можностите на студентите во проучување на теоретските аспекти на банкарството. Банките се центарот на финансиските и економски збиднувања и затоа познавањето на теоретските и практични постулати на банкарството ќе им овозможи на студентите знаење за начинот на организација и функционирање на банките, важноста на постоењето на банките во финансискиот и економскиот свет, ризиците кои ги имаат банките при нивните секојдневни активности, организацијата на работењето на банките и нивната супервизија, функцијата на централните банки и како овие банки функционираат во економски развиените земји и региони итн. Ова дело претставува логична надградба на претходните изданија на авторот. Од оваа причина сметаме дека материјалот обработен во учебникот се одликува со голема теоретска и практична значајност, како за студентите, така и за сите преостанати субјекти кои имаат интерес за оваа проблематика. Главна цел на овој учебник е да даде преглед на најважните теми од областа банкарството, со опфаќање на актуелни трендови, како во земјата, така и во светот, преку комбинација на теорија и пракса, за најдобро прикажување на можната примена на знаењето од областа на банкарството.

**Краток опис на содржината:** Образложената материја во учебникот на д-р Љупчо Давчев која носи наслов „Банкарство” е систематизирана и презентирана во шест глави. Во продолжение следи кратка презентација на одделните тематски единици.

Во првата глава се дадени одговори на следните прашања: што е финансиски систем, каде е местото на банките во сложениот финансиски систем и каква улога вршат, што се тоа депоненти и кредитокорисници. Во оваа глава се дефинираат клучните поими и објаснуваат некои основни принципи на работење на банките.

Во втората глава се прави класификација на различните типови на банки, се анализираат современите банки во пазарните економски услови. Овде се анализира

појавата на нови финансиски инструменти, иновациите на финансиските пазари кои го афектираат работењето на банките, се даваат современите трендови во банкарството и правците и перспективите за развојот во иднината на банкарските институции.

Во третата глава се опишани принципите на банкарско работење и тоа профитабилност, ликвидност и сигурноста. Овие три принципи се детално образложени и анализирани во оваа глава. Исполнувањето и задржувањето на овие принципи е тешко остварливо во современиот свет, особено по светската финансиска криза и последните здравствени и воени кризи.

Во четвртата глава се опфаќа организациската структура на банкарскиот сектор, како и фактори кои влијаеле на промените во банкарската активност. Овде се даваат насоки на промени во функционирањето и организацијата на банките, како и нови модели на организација на банките во САД.

Во петтата глава се анализира централниот банкарскиот систем, каде што се дава и осврт на историскиот развој на централните банки. Во оваа глава се дефинираат и основните функции на централната банка, билансот на централните банки, инструменти за монетарно регулирање итн. Во оваа глава е дадено централното банкарство во развиените земји, и тоа централните банки во САД и Канада, Централното банкарство во Англија, Европската централна банка како централна банка на ЕУ, централното банкарство во Јапонија и Швајцарија итн.

Во шестата глава авторот го опфаќа инвестициското банкарство како нов начин на функционирање на банкарските институции, кои како банки ги имаме повеќе децении во САД. Главата ги опфаќа основните поими врзани за инвестициските банки, како и улогата и значењето на инвестициското банкарство во финансиската индустрија. Овде се анализираат и основните принципи на развој на инвестициското банкарство, факторите за еволуција за овој тип на банки, како и структурата на глобалното инвестициско банкарство.

Делото завршува со значителна и релевантна користена литература, во АПА стил. На крај од учебникот се приложени и биографски податоци за авторот.

Преку ваквиот начин на обработка на проблематиката поврзана со банкарството сметаме дека е постигната главната цел на авторот – да им помогне на студентите да ги разберат основните карактеристики на современите банки, начинот на кој тие функционираат во нашата земја и во развиените земји, како и улогата на банките во целокупниот финансиски и економски аспект.

**ЗАКЛУЧОК**

Учебникот „Банкарство“ од проф. д-р Љупчо Давчев претставува материја која содржи теоретско-методолошка анализа на банкарството. Авторот направил синтеза на научни и стручни аспекти на проблематиката, со цел да ја доближи предметната материја до студентите и останатата целна публика, за да го направи ова знаење подостапно и да ја зголеми веројатноста да биде применето и во практична работа. Учебникот ги доближува како научните сознанија, така и практичната примена на истите, овозможувајќи полесно разбирање и имплементација на принципите, методите и техниките на банкарството.

Со оглед на големото значење што банкарството го има за успешното работење на деловните ентитети и за потребите на сите заинтересирани институции дел од финансискиот и економскиот систем во една земја, сметаме дека ова дело ќе даде придонес во збогатување на материјата која ја обработува и ќе им помогне

како на студентите, така и на пошироката стручна јавност во полесно совладување на оваа значајна проблематика. Учебникот воедно ги исполнува и критериумите за објавување. Од оваа причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му предложиме учебникот со наслов „Банкарство“ од авторот проф. д-р Љупчо Давчев да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Д-р Оливера Георгиева-Трајковска, редовен професор, с.р.
Д-р Стеван Габер, редовен професор, с.р.

# ПРЕГЛЕД
# НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 3 И КАМПУС 4

| Кампус 3 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Одлука | Тема | Ментори | Студент |
| ФМН | 0206-1226/3 од 28.12.2023 г. | „Влијание на контаминацијата (чистотата) на имплантната површина и медицинскиот статус врз имплантниот успех (IN VITRO СТУДИЈА“ / „Impact of contaminatiotn (clearness) of the implant surface and medical status on implant success (IN VITRO STUDY)“ | проф. д-р Софија Царчева Шаља, интерен ментор<br><br>проф. д-р Даниела Велеска- Стевковска, екстерен ментор | Љупка Арсовски |
| ФМН | 0206-1226/4 од 28.12.2023 г. | „Перзистентен форамен овале кај криптоген мозочен удар и трензиторна исхемична атака“ /„ Patent foramen ovale in cryptogenic ischaemic stroke and transient ischaemic attack“ | проф. д-р Светлана Јовевска, интерен ментор<br><br>проф. д-р Анита Арсовска, екстерен ментор | Сања Џамбазовска-Зикова |
| Кампус 4 | | | | |
| ФТБЛ | 0206-1241/2 од 26.12.2023 г. | „Услови, можности и перспективи за развојот на туризмот и угостителството во општините Прилеп, Крушево, Долнени и Кривогаштани во Република Северна Македонија“ „Conditions, opportunities and prospects for the development of tourism and hospitality in the municipalities of Prilep, Krushevo, Dolneni, Krivogastani Republic of Nothern Macedonia“ | проф. д-р Цане Котески, интерен ментор<br><br>проф. д-р Никола Панов, екстерен ментор | Ѓорѓи Петкоски |

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА**

| **Билтен 2.1.2024 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | 1. Ефектот на пандемијата Ковид-19 врз инциденцата на сезонски грип | 2002-302/24 од 12.12.2023 год. | проф. д-р Голубинка Бошевска | Милица Симова |
| | 2. Коронарна артериска болест во итна медицинска помош – иницијална дијагноза и третман | 2002-302/72 од 12.12.2023 год. | проф. д-р Гордана Камчева Михаилова | Никола Алексов |
| | 3. Воспоставување на лабораторија за молекуларна дијагностика на патогени агенси во Центар за јавно здравје -Тетово во текот на Ковид-19 пандемија | 2002-302/73 од 12.12.2023 год. | проф. д-р Голубинка Бошевска | Оливера Атанасовска |
| | 4. Влијание на кинезитерапијата како дел од моторната неврорехабилитација кај лумбална дискус хернија | 2002-302/74 од 12.12.2023 год. | проф. д-р Данче Василева | Ивана Димиќ |
| | 5. Изолација, идентификација и антимикробна осетливост на бактеријата Salmonela enteritidis, детектирана во испитувани примероци во Центар за јавно здравје – Штип во периодот од 2020 до 2022 година | 2002-302/75 од 12.12.2023 год. | проф. д-р Голубинка Бошевска | Кристина Судиклиева |
| | 6. Несакани ефекти од спроведената радиотерапија во комбинација со хемотерапија кај болните со белодробен карцином | 2002-302/76 од 12.12.2023 год. | проф. д-р Милка Здравковска | Емилија Карчова-Димитровска |
| | 7. Улогата на медицинската сестра во третманот на пациенти со хеморагичен шок | 2002-302/77 од 12.12.2023 год. | проф. д-р Гордана Панова | Ариета Муча-Мустафа |
| | 8. Важност на сестринска нега кај пациенти со коронарна артериска болест во болнички услови | 2002-302/78 од 12.12.2023 год. | проф. д-р Гордана Камчева-Михаилова | Амра Хасиќ |
| **МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ** | 9. Примена и евалуација на електронските системи за контрола на издувните гасови од возилата со дизел мотори | 2202-111/5 од 21.12.2023 год. | проф. д-р Зоран Димитровски | Симеон Петров |
| | 10. Оптимизација на однесувањето на силата на замор на заварени хидраулични цилиндри преку употреба на модифицирани процеси на заварување со фокусиран лак | 2202-111/3 од 21.12.2023 год. | проф. д-р Сашко Димитров | Денис Вајлер |
| **ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА** | 11. Оформување на современо танчарско тело преку совладување на класичната балетска техника | 2502-60/3 од 31.11.2023 год. | проф. д-р Рисима Рисимкин | Анастасија Данчевска |